ДЕКОНС-ЕМА | Друштво за Еколошки Консалтинг

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА

# УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

# ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СО НАМЕНА Е3.1 - ДЕПОНИИ И ПРЕРАБОТКА НА НЕОПАСЕН ОТПАД: ЛОКАЛНИ ДЕПОНИИ ЗА ОДЛАГАЊЕ НА НЕОПАСЕН ОТПАД ПОД ДЕСЕТ t/ДЕН, ЗА ИЗГРАДБА НА ЦЕНТАР ЗА СОБИРАЊЕ НА ОТПАД НА ДЕЛ ОД КП 11565/2, КО СТАРО СКОПЈЕ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА




**Нацрт верзија**

**Јули, 2026 год.**

ДЕКОНС-ЕМА | Друштво за Еколошки Консалтинг

ул. „Стефан Јакимов Дедов“, бр. 4-1/10, Скопје
Тел/факс: 02 3246 402
e-mail: office@ema.com.mk
web: http://www.ema.com.mk

| | |
|---|---|
| **План:** | **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СО НАМЕНА Е3.1 - ДЕПОНИИ И ПРЕРАБОТКА НА НЕОПАСЕН ОТПАД: ЛОКАЛНИ ДЕПОНИИ ЗА ОДЛАГАЊЕ НА НЕОПАСЕН ОТПАД ПОД ДЕСЕТ t/ДЕН, ЗА ИЗГРАДБА НА ЦЕНТАР ЗА СОБИРАЊЕ НА ОТПАД НА ДЕЛ ОД КП 11565/2, КО СТАРО СКОПЈЕ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА** |
| **Надлежен орган за донесување на Планот:** | **Општина Гази Баба** |
| **Документ:** | **Извештај за Стратегиска оцена на животната средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е3.1 - депонии и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под десет t/ден, за изградба на Центар за собирање на отпад на дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба** |
| **Клиент:** | **Општина Гази Баба** |
| **Статус:** | Нацрт верзија |
| **Изработувачи на Извештајот за СОЖС:** | **Менка Спировска,** Дипл. биолог и овластен експерт за СОЖС<br>**Ана Стојановска,** Дипл. еколог и овластен експерт за СОЖС<br>**Јулијана Никова,** Дипл. инж. технолог и овластен експерт за СОЖС<br>**Александар Христу - Каневце,** Магистер од областа на животната средина и ресурси |
| **Потписник на Извештајот за СОЖС:** | **Менка Спировска** |

______________________________

**„ДЕКОНС ЕМА“ ДООЕЛ Скопје**
**Управител**
**Менка Спировска**

______________________________

| | |
|---|---|
| **Датум:** | **03.07.2026** |

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Број 12-3461/3
Датум: 30-05-2022 година

# УВЕРЕНИЕ

за положен стручен испит за стекнување на
статус експерт за стратегиска оцена на животната средина

**Спировска Аритон Менка** родена на 28.12.1951 година во Скопје, дипломирала на ден 02.11.1976 година на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје на Биолошки факултет, го положи **стручниот испит за стратегиска оцена на животната средина** на ден 04.06.2009 година, се стекна со **статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина,** ги исполнува условите утврдени во член 23 став (3), член 72 став (1), а во врска со член 27 став (2) и (3) од измените и дополнувањето на Законот за животна средина („Службен весник на РСМ" бр. 89/22), и се стекна со правото да биде вклучена во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Министерство за животна средина и
просторно планирање

Министер
**Naser Nuredini**

М.П

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Број 12-3464/3
Датум: 30-05-2022 година

# УВЕРЕНИЕ

за положен стручен испит за стекнување на
статус експерт за стратегиска оцена на животната средина

**Стојановска Зоран Ана** родена на 01.12.1987 година во Скопје, дипломирала на ден 08.07.2011 година на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје на Природно-математички факултет, го положи **стручниот испит за стратегиска оцена на животната средина** на ден 28.03.2013 година, се стекна со **статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина,** ги исполнува условите утврдени во член 23 став (3), член 72 став (1), а во врска со член 27 став (2) и (3) од измените и дополнувањето на Законот за животна средина („Службен весник на РСМ" бр. 89/22), и се стекна со правото да биде вклучена во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Министерство за животна средина и
просторно планирање

Министер
**Naser Nuredini**

М.П

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Трговски регистар и регистар на други правни лица

www.crm.com.mk

Број: 0809-50/150020260130852
Датум и време: 1.4.2026 г. 06:18

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 01.04.2026 во 06:18
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qseal CA G2
Сертификатот е валиден до: 05.11.2026
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

**/Електронски издаден документ/**

## П О Т В Р Д А
## за регистрирана дејност

| ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | 6247717 |
| **Назив:** | Друштво за еколошки консалтинг ДЕКОНС-ЕМА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје |
| **Седиште:** | СТЕФАН ЈАКИМОВ - ДЕДОВ бр.4-1/10 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР |

| ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ | |
|---|---|
| **Предмет на работење:** | Регистрирана е општа клаузула за бизнис |
| **Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:** | 74.990 - Сите останати стручни, научни и технички дејности, н.д.м. |
| **Други дејности во внатрешниот промет:** | Нема |
| **Евидентирани дејности во надворешниот промет:** | Има |
| **Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:** | Нема |

**Правна поука:** Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.



**Верификација**
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/9E3011BE4718DFE3B8984ABD94F7C4BFA89C7DA756AF59B77B9018E4973DA887

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.*

## СОДРЖИНА


**1 ВОВЕД................................................ 10**

**2 ВОВЕД ВО СТРАТЕГИСКАТА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ................................ 12**

2.1 Цели на Стратегиската оцена на животната средина ................................ 12

2.2 Придобивки од спроведување на СОЖС ................................ 13

2.3 Правна рамка со која се регулира постапката за СОЖС ................................ 13

2.4 Засегнати страни во постапките за подготовка на СОЖС и урбанистичкиот проект ................................ 14

2.5 Методологија за СОЖС ................................ 15

2.5.1 Постапка за СОЖС ................................ 15

2.5.2 Определување на потребата и обемот на СОЖС и учество на јавноста................................ 16

2.5.2.1 Учество на јавноста ................................ 17

2.5.3 Клучни фази во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина................................ 18

2.6 Спроведени СОЖС активности ................................ 19

**3 РЕЗИМЕ/КРАТОК ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА, ГЛАВНИТЕ ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ И ВРСКАТА СО ДРУГИ РЕЛЕВАНТНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ/ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ ................................ 20**

3.1 Краток преглед на содржината на планскиот документ ................................ 20

3.1.1 Опис на постојната состојба/документациона основа ................................ 20

3.1.1.1 Податоци за создадените чинители кои ја синтетизираат состојбата на начинот на човековата употреба на земјиштето во рамките на проектниот опфат ................................ 22

3.1.1.2 Инвентаризација на земјиштето во проектниот опфат, на изградениот градежен фонд и на вкупната физичка супраструктура ................................ 23

3.1.1.3 Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура................................ 23

3.1.1.4 Инвентаризација на градби со режим на заштита на културно наследство, постојни споменички целини, културни предели и друго ................................ 23

3.1.2 Опис на планирана состојба ................................ 27

3.1.2.1 Опис на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежната парцела ................................ 28

3.1.2.2 Внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на паркинг места ................................ 28

3.1.2.3 Комунална хидротехничка инфраструктура................................ 31

3.1.2.4 Електроенергетска и телекомуникациска инфраструктура ................................ 32

3.1.2.5 Детални услови за проектирање и градење ................................ 33

3.2 Предмет и главни цели на Планот ................................ 38

3.3 Корелација на целите на Планот со други релевантни планови и програми/плански документи и цели на заштита на животната средина ................................ 38

**4 РЕЛЕВАНТНИ АСПЕКТИ НА МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА................................ 60**

4.1 Географска положба и население ................................ 60

4.2 Стопански развој ................................ 62

4.3 Климатски карактеристики и климатски промени ................................ 64

4.4 Квалитет на воздухот................................ 71

4.5 Бучава ................................ 74

4.6 Хидрографски карактеристики ................................ 77

4.7 Релјеф и почви ................................ 79

4.8 Тектонски и сеизмотектонски карактеристики ................................ 80

4.9 Користење на земјиштето ................................ 82

4.10 Биолошка разновидност, природно наследство и предел ... 83
4.11 Културно историско наследство ... 89
4.12 Материјални добра ... 91
4.12.1 Сообраќајна инфраструктура ... 91
4.12.2 Управување со отпад ... 93
4.12.3 Комунална инфраструктура (водоснабдување, управување со отпадни води, наводнување) ... 98
4.12.4 Енергетска и телекомуникациска мрежа ... 102
**5 КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ПОДРАЧЈАТА КОИ БИ БИЛЕ ЗНАЧАЈНО ЗАСЕГНАТИ И СОСТОЈБА БЕЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНОТ ... 103**
5.1 Состојби, трендови и закани врз медиумите и областите од животната средина ... 103
5.2 Состојба во животната средина без имплементација на Планот ... 106
**6 ОБЛАСТИ КОИ СЕ ОД ПОСЕБНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ОД АСПЕКТ НА ЗАШТИТА НА ДИВИТЕ ПТИЦИ И ХАБИТАТИТЕ ... 108**
6.1 Заштитени подрачја ... 108
**7 ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ОДРЕДЕНИ НА НАЦИОНАЛНО ИЛИ МЕЃУНАРОДНО НИВО ... 111**
7.1 Цели на Стратегиската оцена на животната средина ... 113
**8 АНАЛИЗА НА АЛТЕРНАТИВИ ... 121**
**9 ВЕРОЈАТНИ ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ 124**
9.1 Влијанија кои може да бидат предизвикани со имплементација на УП и мерки за намалување . 125
**10 ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ ВРЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНОТ ОД АСПЕКТ НА ЖИВОТНА СРЕДИНА ... 137**
**11 ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ... 144**
11.1 Заклучоци ... 144
11.2 Препораки ... 145
**12 НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ ... 147**
**13 КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ... 156**

## ЛИСТА НА ПРИЛОЗИ

ПРИЛОГ 1 - ОДЛУКА ЗА НЕСПРОВЕДУВАЊЕ И ДОСТАВА НА ОДЛУКА ЗА НЕСПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ОД СТРАНА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ДО МЖСПП ... 157
ПРИЛОГ 2 - РЕШЕНИЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ И ДОСТАВА НА РЕШЕНИЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ОД СТРАНА НА МЖСПП ДО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ... 159
ПРИЛОГ 3 - МИСЛЕЊА ОД НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ ... 163

## ЛИСТА НА ТАБЕЛИ

Табела 1 Клучни учесници за спроведување на постапките за подготовка на урбанистичкиот проект и СОЖС ... 14
Табела 2 Табеларен приказ на нумерички показатели за градежна парцела 1 ... 36
Табела 3 Табеларен приказ на површини на партер ... 36
Табела 4 Табеларен приказ на билансни показатели на постојна и планирана состојба ... 36
Табела 5 Корелација на целите на урбанистичкиот со други релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи ... 40
**Табела 6** Површина на општината, број на жители, густина на населението (попис и проценка на населението за 2021) ... 60
**Табела 7** Вкупно резидентно население, домаќинства и станови во општина Гази Баба - Попис 2021 ... 61
Табела 8 Вкупно попишано население, според етничката припадност и пол - Попис 2021 ... 61
Табела 9 Вкупно работоспособно население на возраст од 15+ години, според вработеноста/невработеноста ... 61

Табела 10 Вкупно невработено население според возраста ........ 61
Табела 11 Активни деловни субјекти во Општина Гази Баба во однос на Република Северна Македонија во 2020 ....... 62
**Табела 12** Структура на активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, во Општина Гази Баба, за 2020 година прикажана во проценти........ 63
**Табела 13** Емисии и понори на стакленички гасови по сектори (во Gg $CO_2$-eq) ........ 68
**Табела 14** Археолошки локалитети во Општина Гази Баба........ 90
**Табела 15** Број на контејнери од 1100 l и нивна распределба по блокови........ 94
**Табела 16** Број на пластични канти од 120 l и нивна распределба по блокови ........ 95
**Табела 17** Количина на комунален отпад во Град Скопје за 2018, 2019 и 2020 година ........ 96
**Табела 18** Количество и проценет состав на комунален отпад во Град Скопје........ 96
**Табела 19** Подигнат комунален отпад во Општина Гази Баба по години ........ 96
Табела 20 Македонска национална еколошка мрежа........ 110
**Табела 21** Поврзаност на целите на СОЖС со целите на Планот ........ 115
**Табела 22** План за мониторинг........ 138

## ЛИСТА НА СЛИКИ

Слика 1 Чекори/фази на СОЖС ........ 16
Слика 2 Локација за ЦСО на дел од КП 11565/2 КО Старо Скопје........ 21
Слика 3 Ажурирана геодетска подлога со проектен опфат ........ 22
Слика 4 Проектен опфат со пошироко и сообраќајно опкружување ........ 24
Слика 5 Локација на планскиот опфат со поширокото опкружување........ 25
Слика 6 Карта на изградениот градежен фонд, на вкупната физичка супраструктура и на изградената комунална инфраструктура (документациона основа)........ 26
Слика 7 Постојна состојба на планскиот опфат и неговото опкружување ........ 27
Слика 8 Урбанистичко решение со внатрешен сообраќај, нивелманско решение и партерно уредување со озеленување ........ 30
Слика 9 Урбанистичко решение со инфраструктура........ 33
**Слика 10** Синтезен приказ на планирана состојба........ 37
Слика 11 Граници на Општина Гази Баба ........ 60
Слика 12 Местоположба на локацијата ........ 62
Слика 13 Климатска карта на РСМ ........ 64
Слика 14 Просечна температура по месеци во Општина Гази Баба ........ 65
**Слика 15** Просечни врнежи во Република Македонија и Општина Гази Баба ........ 65
**Слика 16** Просечни годишни врнежи по месеци во општина Гази Баба ........ 65
**Слика 17** Роза на ветрови за градот Скопје........ 66
**Слика 18** Роза на ветрови за градот Скопје каде што е издвоена локацијата на која се планира изградба на Центар за собирање на отпад ........ 67
**Слика 19** Емисии и понори на стакленички гасови по сектори (во Gg $CO_2$-eq) ........ 70
**Слика 20** Просечни годишни концентрации на PM10 и број на надминувања на среднодневната гранична вредност за Општина Гази Баба ........ 72
**Слика 21** Просечни годишни концентрации на PM2,5 и број на надминувања на среднодневната гранична вредност за Општина Гази Баба ........ 72
**Слика 22** Максимални дневни осумчасовни средни вредности на концентрации на CO за Општина Гази Баба ........ 73
**Слика 23** Број на надминувања на целната вредност за заштита на човековото здравје за Општина Гази Баба ........ 73
**Слика 24** Надминувања на целната вредност за заштита на човековото здравје за Општина Гази Баба........ 73
**Слика 25** Надминувања на долгорочната цел за заштита на вегетацијата за Општина Гази Баба ........ 74
**Слика 26** Интензитет на бучава во животната средина во Скопје за основните индикатори Lд и Lв, 2024 година ........ 75
**Слика 27** Интензитет на бучава во животната средина во Скопје за основниот индикатор Lн, 2024 година........ 75
Слика 28 Мерни места каде е извршен мониторингот на бучава во рамките на Град Скопје и Општина Гази Баба (означени со црвено) ........ 76
**Слика 29** Локација на плански опфат во однос на водостопанското подрачје за Општина Гази Баба........ 79
Слика 30 Топографски приказ на територијата на Општина Гази Баба ........ 80
**Слика 31** Тектонска карта на Република Македонија (Арсовски М.,1997)........ 81

**Слика 32** Сеизмолошка карта на Р.С. Македонија ........ 81
**Слика 33** Користење на земјиштето во Општина Гази Баба и плански опфат ........ 83
**Слика 34** Карактеристичен пејзаж „Гази Баба“ ........ 84
**Слика 35** Локалитет Острово ........ 85
**Слика 36** Арборетум ........ 87
Слика 37 Реонизација и категоризација на просторот за заштита ........ 89
Слика 38 Културно наследство во Република Македонија ........ 91
Слика 39 Систем на населби и сообраќајна мрежа ........ 93
**Слика 40** Поставени садови за комунален отпад во урбан дел на општината ........ 94
**Слика 41** Процентуално учество на отпадот од домаќинства и од правни лица во вкупно создадени количини на комунален отпад во општина Гази Баба за 2018 и 2019година ........ 97
**Слика 42** Процентуално учество на отпадот од домаќинства и од правни лица во вкупно создадени количини на комунален отпад во општина Гази Баба за 2020 година ........ 97
**Слика 44** Учество на комуналниот отпад од Гази Баба во вкупното количество за Град Скопје ........ 98
**Слика 45** Мрежа на заштитени подрачја во Република Македонија ........ 108
**Слика 46** Мрежа на Емералд подрачја ........ 109
**Слика 47** Значајни растителни подрачја во Македонија ........ 109
**Слика 48** Значајни орнитолошки локалитети во Македонија ........ 110

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **ЕУ** | Европска унија |
| **УНДП** | Програма за развој на Обединетите нации |
| **ЈП** | Јавно Претпријатие |
| **ЈКП** | Јавно Комунално Претпријатие |
| **КО** | Катастарска општина |
| **КП** | Катастарска парцела |
| **МЖСПП** | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| **ПП** | Просторен план |
| **УП** | Урбанистички проект |
| **НЕР** | Национални енергетски ресурси |
| **АЕК** | Агенција за електронски комуникации |
| **РМ** | Република Македонија |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **СОЖС** | Стратегиска оцена на животната средина |
| **ОЕЕО** | Отпад од електрична и електронска опрема |
| **МДК** | Максимално дозволени концентрации |
| **НДТ** | Најдобри достапни техники |
| **ЛЕАП** | Локален акционен план за животна средина |
| **ЛЕР** | Програма за локален економски развој |
| **МЕД** | Македонско еколошко друштво |
| **ГЕФ** | Глобален еколошки фонд |
| **ДЗС** | Државен завод за статистика |
| **МАКСТАТ** | Официјална јавна база на податоци на Државниот завод за статистика |
| **ЦСО** | Центар за собирање на отпад |

# 1 ВОВЕД

Со цел заштита на животната средина и здравјето на луѓето, неопходно е правилно и одржливо управување на отпадот (собирање, транспорт, третман, складирање, преработка и отстранување на отпадот). Намалувањето на негативните влијанија од создавањето и постапувањето со отпадот се овозможува со правилна селекција и собирање на одредени фракции на комунален отпад и други текови на отпад, преку така наречени собирни центри, каде што отпадните производи од домаќинствата ќе можат бесплатно да се достават.

Собирниот центар е субјект, организиран од страна на локалната самоуправа.

Во собирниот центар за отпад (или центар за собирање на отпад) ќе собира отпад од: пакување од хартија и картон, пакување од пластика, пакување од стакло, пакување од метал, метали, пластика, стакло, отпаден електричен и електронски отпад, батерии и акумулатори, кабаст отпад од домаќинства, отпаден текстил, гуми и др.

Со цел да се урбанизира и дефинира намената на дел од земјиштето на КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба на кое се планира изградба на Центар за собирање на селектирани фракции на отпад за Општините Центар и Гази Баба, се изработи Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е3.1 - депонии и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под десет t/ден, за изградба на Центар за собирање на отпад на дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба (во понатамошниот текст: урбанистичкиот проект).

Со урбанистичкиот проект се уредуваат намената и начинот на користење на земјиштето, условите за градење и идејните проекти на градбите во рамките на дефинираниот проектен опфат. Урбанистичкиот проект е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ“ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25), Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25), како и врз основа на одобрена Проектна програма одобрена од надлежен орган согласно член 62, став 3 од Законот за урбанистичко планирање.

Во согласност со Директивата за стратегиска оцена на животната средина (2001/42/ЕС) и Законот за животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 97/17, 28/18, 65/18, 99/18 и „Службен весник на РСМ“ 89/22, 171/22, 03/25, 124/25 и 191/25), одредени планови, програми и стратегии, за кои постои веројатност дека би можеле да имаат значително влијание врз животната средина, треба да бидат предмет на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС).

Врз основа на горенаведеното, за подготвениот урбанистички проект, Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе Одлука за неспроведување на СОЖС (бр. 28-3/211/8 од 06.02.2026 год.) која е објавена на web страната на Општината и истата ја достави до МЖСПП. МЖСПП одлучи дека за истата е потребно да се спроведе стратегиска оцена за животната средина и ја задолжува општината да спроведе постапка за СОЖС (решение со арх. бр. 15-703/2 од 18.03.2026 год.).

Инвеститорот Општина Гази Баба и Друштвото за еколошки консалтинг „ДЕКОНС ЕМА“ ДООЕЛ склучија договор за деловна соработка за изработка на Извештај за стратегиска

оцена на животната средина за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е3.1 - депонии и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под десет t/ден, за изградба на Центар за собирање на отпад на дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба.

# 2 ВОВЕД ВО СТРАТЕГИСКАТА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Стратегиската оцена на животната средина (во понатамошниот текст СОЖС) е систематски процес во кој се земаат предвид одредени превентивни мерки, кои овозможуваат заштита на животната средина од сите можни аспекти, во процесот на планирање или донесување на одлуки на ниво на „стратегиски акции“ или политики, планови и програми.

Тоа е алатка која ќе треба да го подобри севкупниот квалитет на планирањето и програмирањето на идните активности со прифаќање на концептот за одржлив развој. Компонентите на СОЖС, односно нејзините цели се различни, но во оваа декада се препорачува и очекува дека климатските промени и биолошката разновидност се две силни компоненти кои треба да имаат предност при употреба на земјиштето и планирање на просторот во Република Северна Македонија.

## 2.1 Цели на Стратегиската оцена на животната средина

Целта на СОЖС е да се осигури дека информациите за значајните влијанија врз животната средина од Планот се собрани и се достапни до донесувачите на одлуките, во текот на подготовката на планскиот документ и пред неговото донесување. Заради тоа, СОЖС е клучна компонента во одржливиот развој, фокусирана на заштитата на животната средина. СОЖС овозможува и учество на јавноста во донесувањето на одлуки и ја подобрува транспарентноста на тој процес, што се постигнува преку:

- Систематска оцена, намалување и мониторинг на значајните влијанија врз животната средина;
- Обезбедување дека експертизата и размислувањата на надлежните органи за животната средина, здруженијата на граѓани и јавноста се земени предвид во текот на процесот и во кој степен резултатите од оцената на животната средина и коментарите од консултациите се земени предвид во Планот.

*<u>Главни цели на СОЖС се:</u>*

- Да се обезбеди механизам за идентификација, опис, оценување и известување за влијанијата/ефектите на планскиот документ врз животната средина;
- Одговорните органи (донесувачите на планскиот документ) да подготват извештај за можните значајни влијанија на планскиот документ врз животната средина и анализа на реални алтернативи;
- Да се спречат, намалат и неутрализираат негативните влијанија врз животната средина. Зголемувањето на позитивните влијанија може исто така да биде придобивка од СОЖС процесот;
- Да се обезбедат пообемни консултации и ангажирање на заинтересираните страни, други одговорни тела, органи на власта и јавноста уште во раната и ефективна фаза на подготовка на планскиот документ;
- Да се обезбеди мислење од јавноста (извештаи од консултации со јавноста) со која ќе се прикаже како резултатите од оцената на животната средина и мислењата, презентирани за време на СОЖС процесот, се земени предвид во конечната верзија на планскиот документ;
- Да обезбеди следење на значајните влијанија врз животната средина од имплементацијата на планскиот документ од страна на надлежните органи, обезбедувајќи на тој начин идентификација на непредвидените негативни влијанија во

рана фаза на имплементација на планскиот документ и преземање мерки за подобрување на состојбата, кога тоа е потребно.

### 2.2 Придобивки од спроведување на СОЖС

Придобивките од спроведување на стратегиската оцена на животната средина се:

- Флексибилност и консензус во процесот на планирање;
- Интегрирање на социјалните, економските и аспектите на животната средина;
- Меѓу секторска соработка;
- Земање предвид на националните, регионалните и локалните потреби и цели;
- Земање предвид на целите за заштита на животната средина;
- Конзистентност со стратешките определби за одржлив развој;
- Добивање вистинити и реални информации, кои ќе им помогнат на носителите на одлуки на повисоко ниво во донесување на истите.

### 2.3 Правна рамка со која се регулира постапката за СОЖС

Постапката за спроведување стратегиска оцена на животната средина е дефинирана во ***поглавје X од Законот за животната средина*** („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 97/17, 28/18, 65/18, 99/18 и „Службен весник на РСМ" 89/22, 171/22, 03/25, 124/25 и 191/25), при што стратегиска оцена се спроведува на плански документи кои се подготвуваат во областа на земјоделството, шумарството, рибарството, енергетиката, индустријата, рударството, транспортот, регионалниот развој, телекомуникациите, управувањето со отпадот, управувањето со водите, туризмот, *просторното и урбанистичкото планирање и користење на земјиштето*, на Националниот акционен план за животната средина и на локалните акциони планови за животната средина, како и врз сите стратегиски, плански и програмски документи со кои се планира изведување на проекти за кои се врши оцена на влијанието од проектот врз животната средина.

*Подзаконски акти кои ја регулираат постапката за СОЖС се:*

- Уредба за стратегиите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Сл. весник на РМ" бр. 153/07 и 45/11);
- Уредба за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето („Сл. весник на РМ" бр. 144/07);
- Уредба за содржината на извештајот за стратегиска оцена на животната средина („Сл. весник на РМ" бр. 153/07);

- Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Сл. весник на РМ“ бр. 147/08 и 45/11);
- Правилник за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена („Сл. весник на РМ“ бр. 122/11).

При подготовка на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина земена е предвид и Директивата за стратегиска оцена на животната средина на Европската комисија (2001/42/ЕС), која е транспонирана во македонското законодавство, како и искуствата на некои од земјите членки на ЕУ.

## 2.4 Засегнати страни во постапките за подготовка на СОЖС и урбанистичкиот проект

Во табелата подолу се идентификувани клучните учесници во постапката за подготовка на урбанистичкиот проект и спроведувањето на СОЖС.

**Табела 1** Клучни учесници за спроведување на постапките за подготовка на урбанистичкиот проект и СОЖС

| | |
|---|---|
| **Целни групи** | Министерство за животна средина и просторно планирање;<br>Агенција за планирање на просторот;<br>Министерство за транспорт и врски;<br>Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;<br>Министерство за здравство;<br>Министерство за локална самоуправа;<br>Министерство за економија;<br>Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство;<br>Министерство за труд и социјална политика;<br>Локална самоуправа на Општина Гази Баба;<br>А.Д. „Водостопанство на Република Македонија“;<br>Дирекција за заштита и спасување;<br>Центар за управување со кризи;<br>Агенција за цивилно воздухопловство;<br>АД ЕВН/Електродистрибуција Скопје;<br>АД МЕПСО;<br>Јавно Претпријатие за Државни Патишта;<br>Номагас АД Скопје;<br>АЕК;<br>Македонски телекомуникации;<br>ЈП „Македонски железници“;<br>ЈКП „Гази Баба“ 2007;<br>Јавни претпријатија;<br>Здруженија на граѓани и др. |

## 2.5 Методологија за СОЖС

### 2.5.1 Постапка за СОЖС

Постапката за СОЖС се спроведува во неколку фази/чекори:

| Фази на СОЖС | Опис | Консултации | |
|---|---|---|---|
| | | Засегнати органи | Јавност |
| **Проверка** | Се утврдува дали урбанистичкиот проект ќе има значителни влијанија врз животната средина и дали е потребно спроведување на СОЖС | ✓ | |
| **Определување на обемот** | Се определува обемот на информации и нивото на детали кои ќе бидат содржани во Извештајот за СОЖС | ✓ | ✓ |
| **Извештај за СОЖС** | Се обезбедуваат детални информации за резултатите од СОЖС, вклучувајќи информации за аспектите кои биле предмет на оцена, како и очекуваните влијанија (позитивни и негативни) врз животната средина и социјалните аспекти од имплементација на планскиот документ. Извештајот идентификува и активности за спречување, намалување и колку што е можно повеќе, неутрализирање на значителните негативни влијанија. | ✓ | |
| **Консултации со јавноста** | Консултација со страните и засегнатата јавност во текот на определувањето на обемот на СОЖС, Извештајот за СОЖС и обезбедување јавен увид (објавување) за истите. | ✓ | ✓ |
| **Прифаќање** | Се обезбедуваат информации за одобрениот урбанистичкиот проект, односно колку од коментарите добиени во текот на консултациите биле земени предвид и методите за мониторинг на значителните влијанија од имплементацијата на урбанистичкиот проект. | ✓ | |
| **Мониторинг** | Се овозможува следење на имплементацијата на активностите, можните влијанија врз животната средина и социјалните аспекти, со цел одговорните власти да преземат мерки за намалување на негативните влијанија и подобрување во текот на имплементацијата на урбанистичките проекти. | ✓ | |

Чекорите/фазите на постапката за СОЖС се презентирани во следниот блок дијаграм:




**Слика 1** Чекори/фази на СОЖС

### 2.5.2 Определување на потребата и обемот на СОЖС и учество на јавноста

Целта за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е3.1 - депонии и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под десет t/ден, за изградба на Центар за собирање на отпад на дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба е урбанизација на неизградено земјиште со површина од 3.308,46 $m^2$ (0,33 ha).

Предметната локација досега не е третирана со урбанистичка планска документација, односно не била предмет на планирање.

Имајќи ја предвид основата за донесување на Урбанистичкиот проект, се пристапува кон утврдување на потребата за спроведување на СОЖС. Во согласност со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето, планирањето на просторот припаѓа во точка **13 Планирање на просторот и користење на земјиштето**, односно за овој плански документ е задолжително да се спроведува стратегиска оцена на животната средина.

Фазите на определувањето на потребата и обемот на СОЖС опфаќаат: идентификација на потребата од спроведување на СОЖС и подготовка на документи на чија основа Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе Одлука за неспроведување на СОЖС (бр. 28-3/211/8 од 06.02.2026 год.) е прикажана во ПРИЛОГ 1**Error! Reference source not**

**found.**. По доставената Одлука за неспроведување на СОЖС од страна на Општина Гази Баба, МЖСПП донесе Решение за спроведување на СОЖС (арх. бр. 15-703/2 од 18.03.2026 год, приложено во ПРИЛОГ 2), со што ја задолжува општината да спроведе постапка за СОЖС за урбанистичкиот проект.

По фазата на определувањето на потребата за спроведување СОЖС, следува фаза на подготовка на документи за утврдување на обемот на СОЖС.

Целта на фазата за определување на обемот е идентификација на клучните прашања за животната средина кои треба да бидат опфатени со оцена на влијанијата на планскиот документ врз животната средина. Оваа фаза од СОЖС процесот вклучува преглед на други релевантни планови, програми и цели на животната средина, основни информации за животната средина и предложени активности разработени во планскиот документ. Сите споменати информации овозможуваат утврдување на обемот на СОЖС и идентификување на прашања од областа на животната средина кои треба да бидат опфатени со планскиот документ.

Нивото на детали содржано во СОЖС е определено од:

- Местото на планскиот документ во хиерархијата на планирање и донесување одлуки, како и нивото на детали на политиките утврдени со истата. Обемот и степенот на влијание на планскиот документ е до одреден степен претходно утврдено од други цели, планови и стратегии;
- Степенот до кој планскиот документ утврдува влијание врз животната средина;
- Достапноста на постоечки информации при подготовката на СОЖС.

Сите теми на животната средина опфатени со Директивата за СОЖС, се опфатени и во обемот на оцена во Извештајот за СОЖС, односно население и човечко здравје, биолошка разновидност, предел, воздух и климатски промени, води, почви, културно и природно наследство и материјални добра.

#### 2.5.2.1 Учество на јавноста

Во согласност со барањата, дефинирани со Законот за животната средина и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми кои се однесуваат на животната средина, фазите на СОЖС за определување на потребата и обемот, изразени преку подготовка на Формуларите и Одлуката за спроведување на постапката за СОЖС и обемот на Извештајот за СОЖС се изработуваат во консултација со засегнатите органи.

Во фазата на определување на потребата за спроведување СОЖС, беа идентификувани органите засегнати од имплементација на Урбанистичкиот проект, кои ќе бидат известувани за текот на СОЖС постапката и вклучени во истата.

Решението од МЖСПП за спроведување на постапката за СОЖС (арх. бр. 15-703/2 од 18.03.2026 год.), заедно со Формуларот за утврдување на потребата од СОЖС, беа подготвени и објавени на веб страната на Општина Гази Баба и беа јавно достапни за увид. Во овој период, не беа поднесени коментари, предлози, ниту жалби на објавената одлука и придружните документи.

Соодветно, Нацрт Извештајот за СОЖС ќе биде достапен за увид на јавноста на веб страната на Општина Гази Баба, во период од 30 календарски дена. Во согласност со

законските барања, а со цел да се постигне поголема транспарентност и вклученост на јавноста во процесот на донесување одлуки, ќе се одржи јавна расправа по нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина.

Од одржаната јавна расправа ќе биде подготвен записник, кој ќе биде приложен во Финалниот Извештај за СОЖС и во Извештајот од консултации со јавноста, кој се изработува во согласност со член 69, став 5 од Законот за животната средина и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина.

### 2.5.3 Клучни фази во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина

Во согласност со барањата на Уредбата за содржината на Извештајот за СОЖС и Директивата за СОЖС, овој Извештај содржи:

- Краток преглед на содржината, главни цели на планскиот документ и поврзаност со други релевантни планови или програми;
- Информации за моменталната состојба на животната средина и што најверојатно би се случило без имплементација на планскиот документ;
- Карактеристики на животната средина во областите кои би биле значително засегнати;
- Постојни проблеми во животната средина кои се релевантни за планскиот документ, вклучувајќи ги оние кои се од особено значење за животната средина од аспект на заштита на дивите птици и живеалиштата;
- Целите на заштита на животната средина одредени на национално или меѓународно ниво, релевантни за планскиот документ и начинот на кој тие цели се земени предвид при неговата изработка;
- Веројатни значајни влијанија врз животната средина, вклучувајќи и прашања, како што се биолошка разновидност, население, човеково здравје, фауна, флора, климатски фактори, материјални добра, културно наследство, вклучувајќи архитектонско и археолошко наследство, предел, како и меѓузависност на овие фактори;
- Мерки за заштита, намалување и колку што е можно повеќе, неутрализирање на значајните негативни влијанија врз животната средина од имплементацијата на планскиот документ;
- Преглед на причините за избор на алтернативи и опис на начинот за спроведување на оцената, вклучувајќи и каква било тешкотија (како што се технички тешкотии или недостаток на знаење/вештини) при собирање на потребните информации;
- Опис на предвидените мерки во врска со мониторингот, а во согласност со законските обврски.

Извештајот за стратегиска оцена ги содржи заклучоците од оцената на можните значителни влијанија врз животната средина од предложениот урбанистичкиот проект.

Анализата на влијанијата врз животната средина е главно насочена кон идентификување на потенцијалните проблеми, рационализација на трошоци и правење оптимален избор на мерки за заштита на животната средина (мерки за намалување).

Ако се предвидат мерки за спречување, ублажување и неутрализација во раната фаза на подготовка на планскиот документ, влијанијата врз одредени медиуми на животната средина ќе се намалат или ефективно подобрат. При идентификување на влијанијата, се користи квалитативна оцена, односно тие се оценети како позитивни и негативни влијанија.

Исто така, Извештајот за СОЖС содржи и План за мониторинг на животната средина, чија главна цел е следење на резултатите од применетите мерки за ублажување во текот на спроведувањето на планскиот документ и дали во текот на имплементацијата на планските цели, се имплементирани и целите за заштита на животната средина и соодветното делегирање на надлежностите.

## 2.6 Спроведени СОЖС активности

| Период | Степен на подготовка/фаза |
|---|---|
| **Февруари 2026 година** | Подготовка на Формулари, донесување Одлука за неспроведување на СОЖС и нејзино објавување на веб страната на Општина Гази Баба (06.02.2026) |
| **Февруари 2026 година** | Доставување на Одлука за неспроведување на СОЖС од страна на Општина Гази Баба до МЖСПП (06.02.2026) |
| **Март 2026 година** | Донесено Решение за спроведување на СОЖС, по Одлуката за неспроведување на постапка за СОЖС (од Општина Гази Баба), издадена од Секторот за просторно планирање при МЖСПП (18.03.2026) и негово доставување до Општина Гази Баба |
| **Мај 2026 година** | Објавување на одлуката за спроведува Стратегиска оцена на животната средина на веб страна на општина Гази Баба (06.05.2026) |
| **Јули 2026 година** | Објавување на нацрт Извештајот за СОЖС на веб страната на Општина Гази Баба |
| | Консултации со јавноста и заинтересираните страни во однос на нацрт Извештајот за СОЖС |
| | Одржана јавна расправа за нацрт Извештајот за СОЖС |
| | Мислење од МЖСПП за усогласеност на нацрт Извештајот за СОЖС со барањата на националното законодавство |
| | Завршени консултации со јавноста |
| | Анализа на пристигнатите забелешки од јавноста |
| | Финализирање на Извештајот за СОЖС |
| | Финално мислење по Извештајот за СОЖС - негово објавување |
| | Прифаќање на Планскиот документ |

# 3 РЕЗИМЕ/КРАТОК ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА, ГЛАВНИТЕ ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ И ВРСКАТА СО ДРУГИ РЕЛЕВАНТНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ/ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ

## 3.1 Краток преглед на содржината на планскиот документ

Со цел да се урбанизира и дефинира намената на дел од земјиштето на КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба на кое се планира изградба на Центар за собирање на селектирани фракции на отпад за Општините Центар и Гази Баба, се изработи Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е3.1 - депонии и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под десет t/ден, за изградба на Центар за собирање на отпад на дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба (во понатамошниот текст: урбанистичкиот проект).

Просторот кој е предмет на изработка на урбанистичкиот проект се наоѓа на територијата на Општина Гази Баба, на оддалеченост од 8 km од градот, помеѓу населбата Бутел и населбата Радишани, односно граничи со Општината Бутел. Површината на планскиот опфат изнесува 3.308,46 m², односно 0,33 ha.

Предметниот опфат се наоѓа вон опфат на урбанистички план и не е третиран со урбанистичка документација, односно не бил предмет на планирање.

Урбанистички проект е изработен во согласност со Проектната програма, добиените податоци и информации од надлежните институции, Условите за планирање на просторот, изработени од Агенцијата за планирање на просторот во август 2025 година (тех. бр. Y32325) и Решение за услови за планирање на просторот, издадено од Секторот за просторно планирање при МЖСПП (арх. бр. 15-3381/2 од 19.08.2025 година, приложено во ПРИЛОГ 3).

Урбанистичкиот проект е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ“ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25), Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ“ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25).

Со урбанистичкиот проект се дефинираат сите потребни урбанистички параметри за реализација на планираните градби, уредувањето на градежната парцела и сообраќајното поврзување, како и архитектонските решенија за градбите во рамките на истата, кои се разработени во проектниот дел на овој урбанистички проект. Со изработката на Урбанистичкиот проект се обезбедуваат услови за планирање на просторот за градба, која ќе биде реализирана од страна на корисниците на земјиштето.

### 3.1.1 Опис на постојната состојба/документациона основа

Проектниот опфат е со површина од 3308,46 m² и зафаќа дел од КП 11565/2 КО Старо Скопје, во Општина Гази Баба. До локацијата има пристап од асфалтиран некатегоризиран локален пат што продолжува кон с. Раштак, а во непосредната околина има ниви, кои се во државна сопственост.

Посочената локација е надвор од границата на ГУП на град Скопје (2012- 2022) и од страна на Општина Гази Баба е наведено дека не постои урбанистичко планска документација во непосредна близина.

Од западната страна на проектниот опфат, по осовина на пристапниот- некатегоризиран локален пат е административната граница на општина Бутел. Оддалеченоста на локацијата од централниот дел на Општина Центар изнесува околу 8 km.

Граници на проектниот опфат се:

- на северозапад - некатегоризиран локален пат на КП 11628/1,

- на североисток КП 11565/1,

- на југоисток КП 11562/2 и

- на југ-југозапад КП 11566/1.

Локацијата на проектниот опфат во однос на поширокото опкружување е прикажана на следната слика (и на Слика 4).



**Слика 2** Локација за ЦСО на дел од КП 11565/2 КО Старо Скопје

Границата на проектниот опфат на следната слика е прикажана со испрекината црвена линија која што ги поврзува сите прекршни точки со следните параметри по x и y координати за секоја точка:

1. y=7538797.5000 x=4655320.3100

2. y=7538793.6000 x=4655315.3200

3. y=7538777.8100 x=4655299.1900

4. y=7538858.8191 x=4655233.0115

5. y=7538880.0795 x=4655261.7600

6. y=7538877.5828 x=4655263.5302




**Слика 3** Ажурирана геодетска подлога со проектен опфат

### 3.1.1.1 Податоци за создадените чинители кои ја синтетизираат состојбата на начинот на човековата употреба на земјиштето во рамките на проектниот опфат

Со цел заштита на животната средина и здравјето на луѓето, неопходно е правилно и одржливо управување на отпадот (собирање, транспорт, третман, складирање и преработка, отстранување на отпадот). Намалувањето на негативните влијанија од создавањето и постапувањето со отпадот се овозможува со правилна селекција и собирање на одредени фракции на комунален отпад и други текови на отпад, преку така наречени собирни центри, каде што отпадните производи од домаќинствата ќе можат бесплатно да се доставаат.

Собирниот центар е субјект, организиран од страна на локалната самоуправа.

Собирниот центар за отпад ќе собира отпад од пакување како хартија и картон, пластика, стакло, метал како и отпаден електричен и електронски отпад, батерии и акумулатори, кабаст отпад од домаќинства, а по потреба отпаден текстил, гуми и др., доколку се јави потреба.

Подрачјето опфатено со проектниот опфат е лоцирано надвор од градско подрачје. При изборот на локацијата за ЦСО (Центар за собирање на отпад) за потребите на Општините: Центар и Гази Баба, земени се предвид критериумите наведени во Правилникот за исполнување на барањата за добивање на дозвола за управување со отпад.

Реализацијата на предметниот урбанистички проект ќе придонесе за подобрување на условите за живеење на локалното население.

#### 3.1.1.2 Инвентаризација на земјиштето во проектниот опфат, на изградениот градежен фонд и на вкупната физичка супраструктура

Податоците од инвентаризацијата на постојната состојба нанесени се врз ажурираната геодетска подлога. Во границите на проектниот опфат земјиштето е неизградено.

#### 3.1.1.3 Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура

За присутноста на инфаструктурните инсталации (водоводна, канализациона електроенергетска, телекомуникациска мрежа и др.), како и за нивните главни водови се добиени податоци од соодветните јавни претпријатија и од увидот на лице место констатирана е следната состојба:

- *Електроенергетска мрежа:*

Согласно добиеното известување од Електродистрибуција дооел, Скопје со бр.10-55/3-218 од 31.3.2025, на локацијата, предметниот проектен опфат на КП 11565/2, КО Старо Скопје, постојат електроенергетски објекти и инсталации што се во нивна надлежност и тоа и 10(20) kV надземна мрежа.

Согласно добиеното известување од МЕПСО АД, Скопје со бр.11-1545/1 од 12.3.2025, предметниот проектен опфат на КП 11565/2, КО Старо Скопје се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО и тоа и 400 kV далекувод.

Изградената комунална инфраструктура е прикажа на Слика 6.

Останатите надлежни субјекти немаат постоечка инфраструктура на локацијата согласно добиените информации и мислења, приложени во Прилог 3.

#### 3.1.1.4 Инвентаризација на градби со режим на заштита на културно наследство, постојни споменички целини, културни предели и друго

Согласно одговорот од УЗКН со бр.17-1111/2 од 24.3.2025 не постои културно наследство или добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство во границите на предметниот Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е3.1 - Депонии и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под десет t/ден, за изградба на Центар за собирање на отпад на дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба.




**Слика 4** Проектен опфат со пошироко и сообраќајно опкружување




**Слика 5** Локација на планскиот опфат со поширокото опкружување




| НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПОСТОЈНАТА СОСТОЈБА | | | |
|---|---|---|---|
| Бр. | Опис на површини | P (m²) | % |
| 1 | Проектен опфат | **3,308** | **100.0%** |
| 2 | Неизградено земјиште (дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје) | 3,308 | 100.0% |

**Слика 6** Карта на изградениот градежен фонд, на вкупната физичка супраструктура и на изградената комунална инфраструктура (документациона основа)

На сликите подолу е прикажана постојната состојба на проектниот опфат и неговото поблиско опкружување.



**Слика 7** Постојна состојба на планскиот опфат и неговото опкружување

### 3.1.2 Опис на планирана состојба

Со урбанистичкиот проект, во рамките на проектниот опфат формирана е една градежна парцела 1 со намена Е3.1 - депонии и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под десет t/ден, со површина од 3.308,46 $m^2$ (0,33 ha), која се протега на дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба.

#### 3.1.2.1 Опис на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежната парцела

Урбанистичкиот проект во границите на проектниот опфат за површините за градба предвидува една наменска употреба на земјиштето.

*Класа на намена:*

Е3.1 - Депонии и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под десет t/ден.

Со планското решение се предвидуваат површини за градење за 2 монтажни објекти, со максимална височина од 5 m и максимална спратност од П (приземје).

Едниот наменет за портир и административна канцеларија, а другиот наменет како работилница за ситни поправки. За складирање на оние видови на отпад, кои се подложни на атмосферски влијанија, ќе се предвиди натстрешница со максимална височина од 5 m.

Во градежната парцела се предвидени и површини за градење на објекти од комуналната инфраструктура со максимална спратност П (приземје) и тоа:

- 2 надземни резервоари за техничка вода со максимална височина од 6,5 m,
- 1 подземен резервоар за питка вода со максимална височина од 1 m над ниво на терен,
- 1 подземна пумпна станица со максимална височина од 1 m над ниво на терен,
- 1 подземна водонепропусна септичка јама со максимална височина од 1 m над ниво на терен,
- 1 подземен резервоар за атмосферски води со максимална височина од 1 m над ниво на терен,
- 1 трафостаница со максимална височина од 4 m.

#### 3.1.2.2 Внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на паркинг места

Пристапот за возила е обезбеден со исклучување од локалниот некатегоризиран пат со пристапна улица која продолжува како внатрешна улица во рамките на Центарот за собирање на отпад со ширина 5,5 m кај влезот и 3,5 m како едносмерна улица со овозможено кружно движење. Воедно, предвиден е и асфалтиран колски пристап до садовите за отпад. Во парцелата предвидена е и колско пешачка сообраќајна површина на ниво на тротоар за пристап до трафостаницата од внатрешна страна.

**Стационарен сообраќај**

Паркирањето е предвидено во рамките на сопствената градежна парцела, а се планира според дефинираната намена на земјиштето согласно Правилникот за урбанистичко планирање и барањата во Проектната програма.

Пристапот до локацијата и сервисирањето на контејнерите се предвидува со компактно сервисно/комунално возило за подигнување на садови за отпад и транспорт, со ориентациски габарити L≈6,2 m, B≈2,1 m, H≈2,6 m.

За истото во склоп на ГП предвидено е интервентно паркинг место со димензии 7m/3m. Предвидени се и 5 паркинг места за лесни возила со дим. 2,5m/5m (од кои едно за лица со инвалидност со дим. 3,7m/5m) во склоп на градежната парцела.

**Нивелманско решение**

Нивелационото решение на трасата на внатрешната улица е прилагодено на постојната конфигурација на теренот и просторните ограничувања. Спојот со асфалтираниот пат е на ниво на постојниот асфалт 302 m н. в., а наклонот на нивелетата е -2,6 % до km 0+075.11, а потоа е проектирана вертикална кривина со L=60 m R=1152,70 m. Нивелетата продолжува со наклон +2,6 % до крајот на улицата. Напречниот наклон на коловозот изнесува 2,50 % во правец, додека во кривините е променлив според витоперењето и техничките прописи.

**Партерно решение со хортикултура**

Во прилог на уреденост на пределот и неговите визуелни аспекти, околу целиот комплекс предвиден е зелен појас со зимзелени садници, за обезбедување визуелна заштита и дополнително прочистување на воздухот. Обезбеден е процент на озеленетост од 38.9% што е во согласност со тековниот Закон за урбано зеленило („Сл. весник на РМ“ бр. 11/18 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 42/20).

Во рамките на градежната парцела предвидено е поставување на ограда. Оградата ќе се постави на границата на градежната парцела. За висината на оградата да се постапи според законската и подзаконската регулатива за ваков вид на градби, а висината и изборот на материјали ќе се предвидат со основен проект.




**Слика 8** Урбанистичко решение со внатрешен сообраќај, нивелманско решение и партерно уредување со озеленување

**Водови и инсталации на инфраструктурите**

Деталите на развојот, диспозицијата и димензионирањето на инфраструктурните градби, линиски водови и приклучоци ќе се дефинираат прецизно со основни проекти, а во соработка со стручни служби и добиени насоки од надлежни институции.

### 3.1.2.3 Комунална хидротехничка инфраструктура

- **Водовод**

Целата хидротехничка инфраструктура е решена во рамките на сопствената градежна парцела. Потребната количина на санитарна вода е пресметана на 200 литри дневно, според бројот на вработени, односно 5 лица во една смена. За снабдување со санитарна вода е предвиден пластичен резервоар со V=2,1 $m^3$, кој ќе се полни со питка вода од цистерна. Резервоарот е поврзан со PE100 DN50 цевка до мал хидрофор сметен во АБ шахта, заедно со потребната опрема. Потоа продолжува водоводната инсталација со вкопани PE100 DN25 цевки до монтажниот објект.

За обезбедување на потребите за ПП заштита, согласно важечката законска регулатива за ваков тип на објекти, потребно е да се обезбеди проток 10 l/s со два надворешни хидранти за гаснење на еден пожар со времетраење од 2 часа, со потребен притисок од минимум 2,5 бари кај најоддалечениот хидрант. Пресметаниот волумен на техничка вода за ПП заштита изнесува V=72 $m^3$. За таа цел, во рамките на парцелата предвидени се 2 надземни вертикални целиндрични резервоари со дијаметар 3m со поединечен волумен од 40 $m^3$. Двата резервоари се надземни и поврзани со балансна линија PE100 DN110 на 30 cm од дното.

Усисната линија се води под едниот резервоар до АБ шахта, со цевка PE100 DN110 со потребни фитинзи. Во АБ шахтата се поставени 2 центрифугални хоризонтални пумпи (1 во функција и 1 резервна) за испумпување на проток 36 $m^3$/h, напор H до 35 m, до хидрантската линија. Потоа продолжува хидрантската линија со должина 72,2 m каде се поставени 2 подземни ПП хидранти на меѓусебно растојание од 62,2m.

Хидрантската линија е проектирана со PE100 DN110 цевки и долж истата се предвидени 2 ПП хидранти.

**Фекална канализација**

Фекалните отпадни води од тоалетите се зафаќаат со фекалната инсталација, предвидена од PE канализациони цевки OD110 mm и се одведуваат до водонепропусна АБ септичка јама која се состои од две комори, со што е овозможено механичко прочистување на отпадните води. Корисниот волумен на септичката јама е V=10 $m^3$, а димензиите се 4.5*2.5*3.2 m. Септичката јама треба да се празни вакуумски со цистерна, која ќе биде повикана по потреба, а отпадните води со цистерната треба да се транспортираат до најблиската пречистителна станица за отпадни води.

Времено ќе се користи пречистителната станица во н. м. Илинден, се до изградбата на пречистителната станица за отпадни води за град Скопје во с. Трубарево.

**Атмосферска канализација**

Атмосферските води од покривите на објектите ќе се зафаќаат со хоризонтални и вертикални олуци, а од асфалтираните површини со сливници. Со подземен развод ќе се одведуваат до резервоар со V=6.4 $m^3$ кој е дел од префабрикуван систем кој ги има

сите потребни елементи за да собраната вода се користи за наводнување на зелените површини и миење на асфалтираните површини.

#### 3.1.2.4 Електроенергетска и телекомуникациска инфраструктура

**Електрика**

Врз основа на податоците и информациите добиени преку е-урбанизам е утврдено дека планскиот опфат се пресекува со постоечки 400 kV далекувод на АД МЕПСО, согласно дописот од АД МЕПСО со арх. бр. 11-1545/1 од 12.03.2025. Согласно мрежните правила за пренос на електрична енергија член 224, ширината на заштитниот појас изнесува по (15+2) метри од оската на надземниот вод со номинален напон од 400 kV.

Воедно, планскиот опфат се пресекува и со 10(20) kV надземна мрежа на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје. Со нивни допис бр. 10-55/3-218 од 31.03.2025 приложен е графички прилог со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од нивната службена евиденција. Во овој случај, ширината на заштитниот појас изнесува по 7 метри од оската на надземниот вод.

Овој заштитен појас се однесува на површината и просторот под, над и покрај самиот вод кој е потребен за заштита и одржување на водот и во него не е дозволено изведување на работи, односно планирање и градење без согласност на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.

Со планската документација, се предвидува 10(20) kV вод да се дислоцира, односно да се каблира по траси предвидени во колскопешачката површина во ГП.

За промена или дислокација на електроенергетски објекти и инфраструктура, претходно е потребно да бидат исполнети услови за промена или дислокација, односно инвеститорот е должен да поднесе барање и да ги надомести трошоците за истото, по издадено техничко решение од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.

Се до исполнување на условите за промена или дислокација на водот и реализација на техничкото решение, важи неговиот заштитен појас и одредбите од Закон за енергетика и Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија.

Предвидено е надворешно осветлување со канделабри покрај пристапната улица, а за електро-енергетско напојување предвидена е трафостаница 10(20)/0.4 kV, 160 kVA во рамките на градежната парцела. За ТС предвиден е пристап и од надвор преку локалниот некатегоризиран пат и од внатре во парцелата преку колско пешачка сообраќајна површина.

Приклучувањето на градбите на електрична инсталација, како и изградбата на електро-енергетски објекти ќе се извршат откако инвеститорот ќе добие електро-енергетска согласност од надлежната институција согласно Законот за енергетика и Мрежните правила за пренос на електрична енергија.

**Телекомуникации**

Поврзувањето на телекомуникациона мрежа, начинот на изведба и поврзување на телефонските приклучоци треба да биде извршено во согласност со развојните програми на операторите и потребите на корисниците. Кабелската инфраструктура за поврзување на новопланираните градби со примарните водови ќе се води во инфраструктурни коридори.




**Слика 9** Урбанистичко решение со инфраструктура

### 3.1.2.5 Детални услови за проектирање и градење

### Градежна парцела бр. 1

Влез од постоечкиот локален пат на североисточната страна на проектниот опфат.

Класа на намена: Е3.1 - Депонии и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под десет t/ден.

Површина на ГП ..................................................................= 3 308,46 m$^2$

Површина за градба во приземје ..............................................= 195 m$^2$

Вкупно изградена површина .....................................................= 195 m$^2$

Процент на изграденост ............................................................= 5,9 %

Коефициент на искористеност .....................................................= 0,06

Максимална височина ................................................................= 7,0 m'

Максимална катност ........................................................................= П

Минимален процент на озеленетост во ГП ................................= 20 %

Обезбеден број на паркинг места ..........................................................= 6

Утврдена состојба со предметното решение во ГП 1:

Површина за градење ................................................= 195 m$^2$ ( 5,9 %)

Сообраќајни површини ...........................................= 1 825 $m^2$ (55,2 %)

Партерно ниско и високо зеленило ........................= 1 288 $m^2$ (38,9 %)

Вкупно = 3 308 $m^2$ (100,0 %)

**1.1. Администрација**

Максимална површина за градење.............................................= 20 $m^2$

Вкупна изградена површина.......................................................= 20 $m^2$

Максимална спратност ....................................................................= П

Максимална висина ...................................................................= 5,0 m'

Процент на изграденост ............................................................= 0,6 %

Коефициент на искористеност.....................................................= 0,01

**1.2. Работилница**

Максимална површина за градење.............................................= 20 $m^2$

Вкупна изградена површина.......................................................= 20 $m^2$

Максимална спратност ....................................................................= П

Максимална висина ...................................................................= 5,0 m'

Процент на изграденост ............................................................= 0,6 %

Коефициент на искористеност.....................................................= 0,01

**1.3. Натстрешница**

Максимална површина за градење.............................................= 83 $m^2$

Вкупна изградена површина.......................................................= 83 $m^2$

Максимална спратност ....................................................................= П

Максимална висина ...................................................................= 5,0 m'

Процент на изграденост ............................................................= 2,5 %

Коефициент на искористеност.....................................................= 0,03

**1.4. Резервоар за питка вода**

Максимална површина за градење...............................................= 5 $m^2$

Максимална спратност ..................................................= подземен/П

Максимална висина ...................................................................= 1,5 m'

**1.5. Резервоар за техничка вода**

Максимална површина за градење...............................................= 7 $m^2$

Максимална спратност ....................................................................= П

Максимална висина ...................................................................= 6,5 m'

**1.6. Резервоар за техничка вода**

Максимална површина за градење...............................................= 7 $m^2$

Максимална спратност .....................................................................= П

Максимална висина ....................................................................= 6,5 m’

**1.7. Пумпна станица - шахта**

Максимална површина за градење...............................................= 6 $m^2$

Максимална спратност ...................................................= подземна/ П

Максимална висина ....................................................................= 1,0 m’

**1.8. Водонепропусна септичка јама**

Максимална површина за градење...............................................= 11 $m^2$

Максимална спратност ...................................................= подземна/ П

Максимална висина ....................................................................= 1,0 m’

**1.9. Резервоар за собирање на атмосферска вода**

Максимална површина за градење...............................................= 5 $m^2$

Максимална спратност ...................................................= подземен/ П

Максимална висина ....................................................................= 1,0 m’

**1.10. Трафостаница 10(20)/0.4 kV, 160 kVA**

Максимална површина за градење.............................................= 30 $m^2$

Вкупна изградена површина........................................................= 30 $m^2$

Максимална спратност .....................................................................= П

Максимална висина ....................................................................= 4,0 m’

Процент на изграденост ............................................................= 0,9 %

Коефициент на искористеност....................................................= 0,009

Нумеричките показатели за градежната парцела се дадени во следната табела.

**Табела 2** Табеларен приказ на нумерички показатели за градежна парцела 1

| НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЛАНИРАНИТЕ ГРАДБИ ВО ГП 1 | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ознака на градежна парцела | површина на градежна парцела | основна класа на намена во ГП | ознака на површина за градба во ГП | опис на градба | спратност | максимална висина до хор. венец | површина за градба во приземје | вкупно изградена површина | процент на изграденост | коефициент на искористеност | број на паркинг места |
| | m² | | | | | m' | m² | m² | Пи (%) | Ки | |
| 1 | 3,308 | Е3.1 - Депонии и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под десет t/ден | 1.1 | администрација | П | 5 | 20 | 20 | 0.6% | 0.01 | обезбедени 5 паркинг места за лесни возила и 1 паркинг место за сервисно возило во склоп на ГП |
| | | | 1.2 | работилница | П | 5 | 20 | 20 | 0.6% | 0.01 | |
| | | | 1.3 | натстрешница | П | 5 | 83 | 83 | 2.5% | 0.03 | |
| | | | 1.4 | резервоар за питка вода | П/ подземен | 1.5 | 5 | 5 | 0.2% | 0.002 | |
| | | | 1.5 | резервоар за техничка вода | П | 6.5 | 7 | 7 | 0.2% | 0.002 | |
| | | | 1.6 | резервоар за техничка вода | П | 6.5 | 7 | 7 | 0.2% | 0.002 | |
| | | | 1.7 | пумпна станица | П/ подземна | 1 | 6 | 6 | 0.2% | 0.002 | |
| | | | 1.8 | водонепропусна септичка јама | П/ подземна | 1 | 11 | 11 | 0.3% | 0.003 | |
| | | | 1.9 | резервоар за собирање на атмосферски води | П/ подземен | 1 | 5 | 5 | 0.2% | 0.002 | |
| | | | 1.10 | трафостаница | П | 4 | 30 | 30 | 0.9% | 0.009 | |
| | | | | | | | 195 | 195 | 5.9% | 0.06 | |

**Табела 3** Табеларен приказ на површини на партер

| НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА ВО ГП 1 СО БИЛАНСИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Површина на ГП 1 (m²)** | **Намена/ опис на површини** | **P (m²)** | **%** |
| **3,308** | Површини за градба | **195** | **5.9%** |
| | Сообраќајни површини | **1825** | **55.2%** |
| | Партерно ниско и високо зеленило | **1288** | **38.9%** |
| | **ВКУПНО:** | **3,308** | **100.0%** |

**Табела 4** Табеларен приказ на билансни показатели на постојна и планирана состојба

| БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ПОСТОЈНА И ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Постојна состојба** | **Намена / опис на површини** | | **P (m²)** | **%** |
| | **Проектен опфат** | | **3,308** | **100.0%** |
| | 1 | Неизградено земјиште | 3,308 | 100.0% |
| **Планирана состојба** | **Намена / опис на површини** | | **P (m²)** | **%** |
| | **Проектен опфат** | | **3,308** | **100.0%** |
| | 1 | **Е3.1 - Депонии и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под десет t/ден** | 3,308 | 100.0% |




**Слика 10** Синтезен приказ на планирана состојба

### 3.2 Предмет и главни цели на Планот

Предмет на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба, е урбанизација на неизградено земјиште, со површина од 3.308,46 m² (0,33 ha), со класа на намена Е3.1 за изградба на центар за собирање на отпад.

Планската документација ги има зацртано насоките на идниот просторен развој со создавање на услови за планирани организирани простори и одредување на намена за градежната парцела, со компатибилни класи на намени на основната класа на намена, планирање на површини за градба, на градби со придружни и пратечки содржини, дефинирање на оптимални решенија и водови на системот за организирање на основните функции и тоа имајќи ги во предвид природните погодности и ограничувања како и создадениот материјален фонд, преку анализа на постојната состојба и создавање на основна концепција за планираните површини со конкретни решенија.

Планот претставува основен развоен документ кој има крајна цел преку:

- рационално користење на земјиштето,
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот,
- оформување архитектонска целина,
- почитување и заштита на правото на човекот на работа,
- почитување и валоризација на културното и градителското наследство,
- вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето,
- вградување на мерки за заштита на природата и животната средина,
- вградување мерки ва заштита и спасување,
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето,
- почитување на законските прописи за дадената намена,
- утврдување на параметрите и насоките за изработка на проекти за идните планирани градежни содржини.

### 3.3 Корелација на целите на Планот со други релевантни планови и програми/плански документи и цели на заштита на животната средина

Просторното и урбанистичко планирање е континуиран процес, кој се обезбедува со изработување, донесување и спроведување на просторни и урбанистички планови, со цел да се обезбеди уредување и хуманизација на просторот и заштита и унапредување на животната средина и природата.

Еден од најголемите предизвици на политиката на животната средина е остварувањето на оптимален баланс меѓу економската, социјалната и еколошката димензија на развојот, со што се обезбедува реално оправдан и одржлив развој.

Дел од целите на заштитата на животната средина, дефинирани на национално и меѓународно ниво, ќе бидат инкорпорирани при подготовка на урбанистичкиот проект, како и во периодот на имплементација.

Како што е наведено претходно, просторот во рамките на планскиот опфат досега не е урбанизиран. Насоките за планирање на просторот произлегуваат од Условите за планирање на просторот, изработени од Агенцијата за планирање на просторот (техн. бр. Y32325), Решението за Услови за планирање на просторот, издадено од Секторот за просторно планирање при Министерството за животна средина и просторно планирање (арх. бр. 15-3381/2 од 19.08.2025 година) и добиените мислења од надлежни институции.

Условите за планирање претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија, по сите области релевантни за планирањето во планскиот документ, обработени во Просторниот план на РМ и во согласност со истиот.

Во Условите за планирање на просторот, произлезени од Просторниот План на РМ акцент се става на бонитетот на земјоделското земјиште, на економските основи за просторен развој, на водостопанска инфраструктура, енергетска и комуникациска инфраструктура, сообраќај и врски, на заштитата на животната средина, заштита на природното и културното наследство, како и на заштитата и спасувањето од елементарни непогоди, несреќи и хаварии.

Во Р.С. Македонија изработени се низа национални, регионални, локални стратешки и плански документи, кои главно се фокусирани на проблематиката на заштита на животната средина, природата и биолошката разновидност.

Во табелата подолу даден е приказ на корелацијата (усогласеност/неусогласеност) на целите за развој и целите за заштита на животната средина со постојните национални, регионални и локални стратешки и плански документи, со целите и активностите од Планот.

**Под усогласеност на целите** се подразбира дека имплементацијата на целите и активностите, предвидени урбанистичкиот проект ќе придонесат за постигнување на целите на веќе донесените стратешки и плански документи.

**Под неусогласеност на целите** се подразбира дека имплементацијата на дел од целите и активностите дефинирани во урбанистичкиот проект, заради нивната природа и трендови за развој, не може во целост да се усогласат на ниво на стратешки документ, туку тоа ќе се постигне на пониско ниво во процесот на имплементација на урбанистичкиот проект на ниво на проектна документација. Исто така, неусогласеност може да се дефинирана за цели и активности, доколку истите не се земени предвид во урбанистичкиот проект.

**Табела 5** Корелација на целите на урбанистичкиот со други релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите и барањата на плановите/програмите и стратегиите се вградени во Урбанистичкиот проект или ќе бидат постигнати при негова имплементација |
|---|---|---|
| **Национални стратешки/плански документи** | | |
| **Просторен План на Република Македонија (2004-2020)** | • Остварување стабилен, ефикасен и динамичен стопански развој, со квалитативни структурни промени на вкупното стопанство и воспоставување на поусогласени односи во репродукцијата;<br>• Зголемување на ефикасноста и рационалноста на стопанисување и врз таа основа зголемување на производството и на извозот преку економски критериуми и со воспоставување процес на ревитализација и преструктуирање;<br>• Поуспешно и поинтензивно вклучување на стопанството во меѓународните економски односи и во меѓународната поделба на трудот;<br>• Зголемување на вработеноста, пред сé, врз економски критериуми и со поголемо потпирање на развојот врз знаењата и умешноста на работната сила;<br>• Постојано подобрување на материјалните, културните, општествените и другите услови за живот и работата на граѓаните, задоволување на потребите и јакнење на материјалната и социјалната сигурност на населението, како основна и трајна определба на општеството; | ***Усогласеност:*** Насоките за урбанизација на планскиот опфат произлегуваат од Просторниот План на РМ чии смерници се земени предвид при изработката на Условите за планирање на просторот за УП за формирање на градежна парцела со намена Е3.1 - депонии и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под десет t/ден, за изградба на Центар за собирање на отпад на дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба и претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во планскиот документ. Врз основа на овие насоки се предвидени плански решенија. Со планските содржини ќе се подобрат социо-економските услови во подрачјето.<br>***Неусогласеност:*** Со урбанистичкиот проект се предвидува пренамена на земјоделско земјиште во градежно, со што продолжува тендецијата на пренамена на плодно земјиште во опкружувањето на градот Скопје. |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите и барањата на плановите/програмите и стратегиите се вградени во Урбанистичкиот проект или ќе бидат постигнати при негова имплементација |
|---|---|---|
| | • Остварување на порамномерен регионален развој, со побрз развој на стопански недоволно развиените краишта;<br>• Остварување на рационално користење, организирање и уредување на просторот во согласност со потребите од рационално разместување на производните сили;<br>• Менување на односот кон природната средина со системска, материјална, образовна и друга поддршка на нејзиното зачувување, заштита и унапредување и сл.<br>• Усогласување на обемот и начинот на користење на земјоделското земјиште со природните услови и ограничувања и пренамена на дел од земјоделското во шумско земјиште, односно пошумување и затревнување на дел од ораничните површини со ниска катастарска класа;<br>• запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели, особено во градските окружувања; | |
| **Национална стратегија за одржлив развој (2009-2030)** | Основни цели на Стратегијата за одржлив развој се:<br>• Да се користи механизмот за чист развој според протоколот од Кјото како дополнителна алатка за спроведување на проекти за намалени емисии на стакленички гасови и поттик на руралниот развој.<br>Во Стратегијата е ставен акцент на: | ***Усогласеност:*** Урбанистичкиот проект е во насока на подобрување на инфраструктурата за собирање на рециклабилни фракции на отпад, што ќе доведе до намалување на количините отпад кои ќе завршат на депонии |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите и барањата на плановите/програмите и стратегиите се вградени во Урбанистичкиот проект или ќе бидат постигнати при негова имплементација |
|---|---|---|
| | • Промовирање нова мрежа за мониторинг на животната средина;<br>• Контрола на квалитетот на воздухот и да се намалат заканите по човековото здравје и функционирањето на екосистемите;<br>• Да се поддржат шумскиот, земјоделскиот и руралниот развој, како основни економски активности во синергија со Планот за зачувување и управување на природните ресурси;<br>• Да се воведе управување со водните ресурси и да се намали загубата на вода и влијанието од загадувањето, како основа за развој на планови за управување со речни корита. | и намалуваат и количините на стакленички гасови.<br>Со рециклирање на сеундарните суровини и нивно повторно користење е во насока на одржлив развој и заштита на природните ресурси. Со урбанистичкиот проект е дефиниран начинот на водоснабдување и управување со отпадни води. |
| **Стратегија за Регионален развој на Република Северна Македонија**<br>**(2021-2031)** | Главните стратешки цели на Стратегијата се:<br>• Порамномерно економски развиени, еколошки одржливи и конкуренти плански региони низ доследно спроведена паметна специјализација и посилно стимулирање на приватните инвестиции во синергија со јавните инвестиции;<br>• Атрактивни плански региони со унапредени локални услуги, ефективен пристап до пазарот на труд, обезбеден повисок степен на родова еднаквост и ефективна социјална заштита на најранливите групи од населението;<br>• Значително зајакната политика за регионален развој, подобрени финансиски инструменти за нејзино спроведување и изградени | ***Усогласеност:*** Целите на Урбанистичкиот проект имаат за цел подобрување на инфраструктурата за собирање на различни видови на отпади од домаќинствата кои можат да се рециклираат, што е во насока на еколошка одржливот и е во корелација со целите на Стратегијата за регионален развој. |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите и барањата на плановите/програмите и стратегиите се вградени во Урбанистичкиот проект или ќе бидат постигнати при негова имплементација |
|---|---|---|
| | административни капацитети на централно, регионално и локално ниво.<br>За постигнување на овие цели дефинирани се приоритети, од кои од особена важност е Приоритет 1.7: Намалување на негативните влијанија и подобрена заштита на животната средина во планските региони, постигнување поголема отпорност на климатските промени и водење на подинамичен и повеќекратно зголемен инвестициски циклус. | |
| **Национална Стратегија за води (2011-2041)** | Главните цели, кои треба да се постигнат со интегрираното управување со водите во Република Македонија, се:<br>• да се обезбеди доволен квалитет на вода за пиење за јавно водоснабдување;<br>• да се обезбедат потребни количини вода со соодветен квалитет за разни комерцијални цели;<br>• заштита на луѓето и материјалните добра од штетните ефекти на водата;<br>• да се постигне и да се зачува добар статус на водата на површинските и подземните водни тела;<br>• заштита на водата и екосистемите зависни од вода;<br>• усогласување на мерките на управување со водите со корисниците на просторот од другите сектори.<br>Целта на заштита на водата е зачувување на здравјето на луѓето и животната средина, што вклучува остварување и зачувување на добра состојба на водата, спречување на загадувањето на водата, спречувањето хидро- | ***Усогласеност:*** Во урбанистичкиот проект се предвидени мерки за заштита на водите и предвидено собирање на санитарните отпадни води во водонепропусна септичка јама од работниците во Собирниот центар. |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите и барањата на плановите/програмите и стратегиите се вградени во Урбанистичкиот проект или ќе бидат постигнати при негова имплементација |
|---|---|---|
| | морфолошките промени и рехабилитација на статусот на водата каде што е нарушен. Целите на заштита на водите во РМ се состојат од:<br>• Заштита на површинските и подземните води како резерви на вода за пиење (постојните и планираните резерви);<br>• Заштита на заштитените и други области од значење, во врска со водните површини-области на посебна заштита на водите, области за зачувување на здравјето на луѓето и на зачувување на вода и екосистемите зависни од вода и зачувување на биолошката разновидност во рамките на интегрираното управување со водите;<br>• Подобрување на еколошките функции на водите каде што квалитетот на водата е влошен и таму каде што потребниот квалитет на водата не е постигнат, интегрирано управување со водите и постепена имплементација на сеопфатните мерки за заштита и систематско следење на ефектите од спроведените мерки во речниот слив;<br>• Намалување на количеството на опасни супстанции на изворот на загадување со имплементација на мерките за заштита на водата и<br>• Придонес кон одржливо управување со водите со рационално и одржливо користење на водните ресурси. | |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите и барањата на плановите/програмите и стратегиите се вградени во Урбанистичкиот проект или ќе бидат постигнати при негова имплементација |
|---|---|---|
| **Национална стратегија за биолошка разновидност со акционен план (2018 - 2023)** | Главни цел на Стратегијата се:<br>• Да се надминат основните причини за загуба на биолошката разновидност преку нејзино интегрирање во целото општество;<br>• Да се намалат директните притисоци врз биолошката разновидност и да се промовира нејзиното одржливо користење;<br>• Да се подобри статусот на биолошката разновидност преку заштита на екосистемите, видовите и генетската разновидност;<br>• Да се зголемат придобивките од биолошката разновидност и екосистемските услуги за сите;<br>• Да се подобри спроведувањето преку планирање со активно учество, управување со знаењето и градење капацитети. | ***Усогласеност:*** Проектниот опфат е земјоделско земјиште и се наоѓа надвор од заштитено подрачје. Во граници на истиот нема ретки, ендемични или заштитени видови. Со создавање на инфраструктура за собирање отпад ќе се овозможи на жителите на општина Гази Баба и општина Центар бесплатно предавање, со што се очекува да се намалат количините на комунален отпад, отстранување на отпад на несоодветни локации а со тоа и влијанијата врз животната средина и биолошката разновидност. |
| **Национална стратегија за заштита на природата (2017-2027)** | Во Националната стратегија за заштита на природата, дефинирани се следните национални цели за заштита на природата:<br>***НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 1:*** Геодиверзитетот и геонаследството и другите компоненти на природата (биолошката и пределската разновидност) соодветно да се идентификуваат, истражуваат, мониторираат и инвентаризираат.<br>***НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 2:*** Да се заштитат, зачуваат и мониторираат компонентите на геодиверзитетот, геонаследството, биолошката и пределската разновидност. | |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите и барањата на плановите/програмите и стратегиите се вградени во Урбанистичкиот проект или ќе бидат постигнати при негова имплементација |
|---|---|---|
| | ***НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 3:*** До 2022 година да се вгради политиката за заштита на природата во стратегиите, плановите и програмите во другите сектори.<br>***НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 4:*** Да се воспостави и практикува одржливо користење на геодиверзитетот, геонаследството и другите компоненти на природата (биолошката и пределската разновидност) преку употреба на традиционални знаења, иновации, најдобри пракси и позитивни стимулации за зачувување и одржливо користење на природата.<br>***НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 5:*** Да се унапреди законодавната рамка, согласно ЕУ легислативата и релевантните ратификувани меѓународни договори за заштита на природата и да се обезбеди соодветна институционална рамка преку зајакнување на административните капацитети.<br>***НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 6:*** Да се подигне нивото на информираност, едукација и промоција за вредностите и значењето на геодиверзитетот и геонаследството и другите компоненти на природата (биолошката и пределската разновидност);<br>***НАЦИОНАЛНА ЦЕЛ 7:*** Да се обезбеди континуирано и зголемено финансирање на заштитата на природата од буџетски средства на централно и локално ниво, од инвестиции и други извори на финансирање, преку воспоставување на соодветни одржливи и ефикасни | |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите и барањата на плановите/програмите и стратегиите се вградени во Урбанистичкиот проект или ќе бидат постигнати при негова имплементација |
|---|---|---|
| | модели на финансирање на заштитата и одржливото користење на природата. | |
| **Национален план за заштита на амбиенталниот воздух (2013-2019)** | Главни цели на Планот се:<br>• Одржување на квалитетот на амбиенталниот воздух во зоните каде што не се надминуваат граничните вредности на квалитет;<br>• Подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух во зоните каде што се надминуваат граничните вредности за квалитет;<br>• Преземање на мерки за намалување на емисиите од определени стационарни извори на загадување;<br>• Усвојување на неопходни мерки за минимизирање и целосно отстранување на негативните ефекти врз квалитетот на амбиенталниот воздух. | ***Усогласеност:*** Планските содржини за изградба на центар за собирање на отпад, ќе придонесат за намалува на количините на отпад кој се фрла заедно со комуналниот отпад, а со тоа и намалување на транспортните активности кои ќе генерираат помалку емисиите во воздух и стакленички гасови.<br>Со намалување на количините на отстранет отпад на депониите ќе се намалат емисиите во животната средина. Со селектирањето на корисните фракции од отпадот, со нивно рециклирање ќе се овозможи користење на секундарни суровини што е во насока на одржлив развој. |
| **Национална стратегија за животна средина и климатски промени (2014-2020)** | Главната цел на Национална стратегија за животна средина и климатски промени (нацрт) од аспект на одржлив развој е насочена кон подобрување на целокупниот квалитет на живот и избегнување на трајни штети врз животната средина. Од аспект на заштита на животната средина, целта е да се зачува и подобри квалитетот на водата, воздухот и почвата во Република Македонија, да се зачува постојната биолошка разновидност и природните ресурси. Од аспект на климатските промени целта на Стратегијата е да се намалат нивните негативни влијанија. | |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите и барањата на плановите/програмите и стратегиите се вградени во Урбанистичкиот проект или ќе бидат постигнати при негова имплементација |
|---|---|---|
| **Трет Национален План на Република Македонија кон Рамковната конвенција на ОН за климатски промени (2014)** | Зајакнување на базата на информации, аналитичкиот и институционалниот капацитет на клучните национални институции за интегрирање на приоритетите за климатските промени во националните стратегии за развој и релевантните секторски програми со обезбедување финансиска и техничка поддршка.<br>Вклучување на Република Македонија во глобалните напори за ублажување на климатските промени и спроведување на обврските преземени од членството во Рамковната конвенција на Обединетите Нации за климатски промени и Кјото Протоколот.<br>Исто така Планот вклучува:<br>• Воспоставување на национален фонд за тестирање мерки за адаптација и воведување на видови, отпорни на суша;<br>• Формирање на национален центар за суша;<br>• Утврдување техники и постапки за култивирање, користење вештачки ѓубрива и рекламација на почвата за клучните култури во регионите погодени од климатските промени;<br>• Воведување различни практики на орање за промовирање одржливи земјоделски практики;<br>• Развивање техники за наводнување и водоснабдување; | |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите и барањата на плановите/програмите и стратегиите се вградени во Урбанистичкиот проект или ќе бидат постигнати при негова имплементација |
|---|---|---|
| | Развивање критериуми и идентификација на начини на употреба на земјиштето и агроеколошки зони и сл. | |
| **Нацрт Национална стратегија за управување со отпад (2024-2036)** | Дел од општите и посебни стратешки цели во управувањето со отпадот се:<br>• Воведување на стабилни финансиски ресурси и соодветни економски механизми за обезбедување на целосно покривање на трошоците за одржување на интегрираниот систем за управување со отпад;<br>• Воспоставување систем за собирање податоци/информации за изворите, природата, количествата и судбината на тековите на отпадот, како и за капацитетите за обнова на материјали/енергија и за депонирање на отпадот и обезбедување на потребниот пристап на јавноста до истиот;<br>• Воспоставување на технички современ систем за управување со отпад;<br>• Примена на ефикасни и исплатливи техники за управување со посебните текови отпад. | ***Усогласеност:*** Урбанистичкиот проект за изградба на центар за собирање на отпад е во директна корелација со целите на стратегијата за отпад, бидејќи собирниот центар го основаат Градоначалниците на општина Центар и општина Гази Баба и претставува дел од системот за управување со отпад и посебните текови на отпад**.**<br>Во центарот за собирање на отпад ќе се врши собирање и селекција на видовите на отпад кои може да се рециклираат, со тоа ќе се намалува количините на отпад кој треба да се депонира. |
| **План за управување со отпадот на Република Северна Македонија (2021-2031)** | Управувањето со отпадот, заради поголема ефикасност на ресурсите има за цел:<br>• Да се управува со отпадот како со ресурс,<br>• Отпадот кој се создава по глава на жител да се намалува, | |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите и барањата на плановите/програмите и стратегиите се вградени во Урбанистичкиот проект или ќе бидат постигнати при негова имплементација |
|---|---|---|
| | • Да се изнајдат економски опции за повторна употреба и рециклирање,<br>• Поголемо рециклирање на материјалите согласно висококвалитетни стандарди,<br>• Преработката за добивање енергија да биде лимитирана на материјали кои не може да се рециклираат,<br>• Депонирањето да биде сведено на минимум, и<br>• Да нема повеќе незаконски пратки на отпад. | |
| **План за спречување на создавање отпад на Р.С. Македонија (2022-20228)** | Намалена потрошувачката на материјалите, водата и енергенсите кои предизвикуваат создавање на поголеми количини отпад, со тоа што ќе се променат навиките и однесувањето на деловните субјекти, домаќинствата и јавниот сектор;<br>• Развивање на системи за собирање и рециклирање, во кој се одредува вредноста на собраните материјали и истите може повторно да се преработат во тековите на локалните економски дејности;<br>• Намалување на количините на преостанат отпад кој треба да се депонира, преку отстранување на рециклабилните материјали и органскиот отпад од<br>• вкупниот отпад;<br>• Сортирање на преостанатиот отпад за да се извлечат дополнителни материјали кои може да се рециклираат;<br>• Зголемена конкурентност и намалени деловни трошоци преку реализирање на програми кои | ***Усогласеност:*** Целите на УП се во директна корелација со целите на Планот за спречување на создавање отпад, бидејќи е во насока на воспоставување систем за собирање на различни видови отпад со цел нивно рециклирање. Со тоа ќе се намалат количините на отпад кој треба да се депонира. |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите и барањата на плановите/програмите и стратегиите се вградени во Урбанистичкиот проект или ќе бидат постигнати при негова имплементација |
|---|---|---|
| | стимулираат ефикасност на ресурсите и создаваат „поциркуларна“ економија;<br>• Поддршка на одржлив развој и вработувања во „зелената“; економија, вклучувајќи отворање на нови работни места во дејностите повторна употреба, рециклирање и производство;<br>• Намалено создавање на опасен отпад преку развивање на поефикасни индустриски и комерцијални практики заедно со користење на побезбедни алтернативи, кои помалку штетат на животната средина;<br>• Намалување и управување со количината на опасни супстанции во производите преку развивање на нови деловни практики и поефикасна примена на регулативата;<br>• Информирање u влијаење врз донесување на одлуки базирани врз докази преку собирање, обработување и објавување на висококвалитетни податоци за сите аспекти на управувањето и спречување на создавањето на отпад;<br>• Зголемување на свесноста за важноста на спречувањето на создавањето на отпад кај граѓаните, деловните субјекти и јавниот сектор со цел да се издејствуваат позитивни промени во однесувањето. | |
| **План за управување со отпадот од електрична и електронска** | Воспоставување на систем за управување со отпад од електрична и електронска опрема во Република Македонија се очекува да се воспостави до крај на 2016 година и да се постигнат целите на ОЕЕО Директивите во | ***Усогласеност:*** Целите на урбанистичкиот проект се во корелација со целите на Планот за управување со отпадот од електрична и електронска опрема, бидејќи во собирниот |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите и барањата на плановите/програмите и стратегиите се вградени во Урбанистичкиот проект или ќе бидат постигнати при негова имплементација |
|---|---|---|
| **опрема во РМ со физибилити студија (2013-2020)** | врска со количините на поодделно собирање на отпадната опрема и количините на повторно користење, преработка и рециклирање на отпадната опрема. | центар ќе се овозможи одделено собирање на електрична и електронска опрема, создадена од жителите на општина Гази Баба и Центар, а со тоа и повторна преработка и/или рециклирање. |
| **Националната стратегија за земјоделство и рурален развој (2021-2027)** | Стратешки цели:<br>• Подобрување на конкурентноста на земјоделско-прехранбениот сектор, економската одржливост и приходот на земјоделските стопанства;<br>• Примена на еколошки практики во производството кои водат кон намалување на влијанието на климатските промени и прилагодување кон истите;<br>• Обезбедување на одржлив развој на руралните средини. | ***Неусогласеност*:** Планските содржини не се во насока на подобрување на земјоделскиот развој. Со урбанистичкиот проект се предвидува пренамена на земјоделско земјиште во градежно. |
| **Национален акциски план за борба против опустинување во Република Македонија, 2018-2024** | Главната цел на НАП е борба против деградација на земјиштето и можното опустинување и ублажување на ефектите од сушите во Република Македонија, врз основа на принципите на одржливо управување и заштита на земјишните ресурси.<br>➢ ***Конкретни цели***<br>Конкретните цели на НАП-от вклучуваат:<br>• Развој на еколошки свесно и одговорно општество;<br>• Мудро користење на националните природни ресурси за да се задоволат социо-економските потреби, без да се загрози квалитетот на земјишните ресурси; | |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите и барањата на плановите/програмите и стратегиите се вградени во Урбанистичкиот проект или ќе бидат постигнати при негова имплементација |
|---|---|---|
| | • Подобрување на знаењата за употребата на земјишните ресурси во согласност со одржливото управување со земјиштето;<br>• Подобрување на регулаторната и законската рамка која ќе обезбеди соодветно користење, управување и заштита на базата на ресурсите на земјата;<br>• Воспоставување на ефективни механизми за институционална соработка. | |
| **Стратегија за развој на енергетиката во Република Македонија до 2040 година** | • Одржување, ревитализација и модернизација на постојната и изградба на нова, современа инфраструктура за потребите на производство и користење на енергијата;<br>• Подобрување на енергетската ефикасност во производството, преносот и користењето на енергијата;<br>• Користење на домашните ресурси (резервите на лигнит, хидроенергетскиот потенцијал, ветерната и сончевата енергија) за производство на електрична енергија;<br>• Зголемување на користењето на обновливите извори на енергија;<br>• Воспоставување на економска цена на енергијата;<br>• Интегрирање на енергетскиот сектор на Република Македонија во регионалниот и европскиот пазар на електрична енергија и природен гас со изградба на нови конекции и со усогласување на | ***Неусогласеност:*** Целите на Урбанистичкиот проект не се во насока на подобрување на енергетската ефикасност, зголемување на користење на обновливи извори на енергија, намалување на увозната зависност и добивање енергија од обновливи извори итн. |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите и барањата на плановите/програмите и стратегиите се вградени во Урбанистичкиот проект или ќе бидат постигнати при негова имплементација |
|---|---|---|
| | законодавството со постојната правна регулатива на Европската унија (acquis communautaire) за енергија, животна средина, конкуренција и за обновливи извори на енергија. | |
| **Стратегија за искористувањето на обновливите извори на енергија во Република Македонија до 2020 година** | Македонската стратегија за развој на енергетиката се потпира на релевантните глобални и ЕУ енергетски политики и трендови, а особено на aquis-от на Енергетската заедница. Конкретно, Македонија е подготвена да ја следи добрата практика на ЕУ политиките за ОИЕ и ЕЕ, како и декарбонизацијата, земајќи ги предвид целите и траекториите со реална динамика, кои се прилагодени на домашните специфики и приоритети на Владата на Република Македонија. Согласно Законот за енергетика Стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија до 2040 година треба да обезбеди:<br>• Безбедно, сигурно и квалитетно снабдување на потрошувачите со сите видови на енергија;<br>• Стабилност, конкурентност и економска функционалност на енергетскиот сектор;<br>• Ефикасно извршување на услугите и заштита и унапредување на правата на потрошувачите;<br>• Намалување на енергетската сиромаштија и заштитата на ранливите категории на потрошувачи;<br>• Вклучување на Република Македонија во регионалните и меѓународните енергетски пазари;<br>• Користење на енергетските извори на начин кој обезбедува одржлив енергетски развој; | |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите и барањата на плановите/програмите и стратегиите се вградени во Урбанистичкиот проект или ќе бидат постигнати при негова имплементација |
|---|---|---|
| | • Промовирање на енергетска ефикасност;<br>• Намалување на употребата на фосилни горива за производство на енергија;<br>• Промовирање на користењето на обновливи извори на енергија;<br>• Заштита на јавното здравје, животната средина и ублажување на климатските промени предизвикани од штетните ефекти кои произлегуваат од извршувањето на енергетските активности и<br>• Исполнување на обврските преземени од страна на Република Македонија кои произлегуваат од ратификуваните меѓународни договори. | |
| **Стратегија за унапредување на енергетска ефикасност во Република Македонија** | Главна цел на оваа стратегија е да се добијат информации за потенцијалот и можната експлоатација на обновливи извори на енергија во Република Македонија.<br>Заштита на животната средина и намалување на емисиите на стакленички гасови, намалување на увозната зависност на Македонија од енергија, како и потребата за обезбедување на поголема разнообразност и со тоа и сигурност во снабдувањето со енергија што неминовно наметнуваат зголемено учество на обновливите извори во финалната потрошувачка на енергија. | |
| **Стратегија за мониторинг на животната средина (2004)** | Мониторирање и известување за состојбата на сите медиуми на животната средина. | ***Усогласеност:*** Со стратегиската оцена на животната средина за УП ќе се обезбеди мониторинг на медиумите на животната средина. |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите и барањата на плановите/програмите и стратегиите се вградени во Урбанистичкиот проект или ќе бидат постигнати при негова имплементација |
|---|---|---|
| **Стратегија и акционен план за имплементација на Архуската конвенција (2005)** | Владината политика за оваа Стратегија е да спроведе детална анализа за статусот на имплементација на Конвенцијата, да обезбеди насоки и препораки за надминување на проблемите кои произлегуваат од имплементацијата на Конвенцијата и да препорача акционен план за спроведување на предложените мерки и следење на дадените насоки. | ***Усогласеност**:* Во постапката на усвојување на Планот и подготовката на Извештајот за СОЖС ќе биде обезбедено учество на јавноста што ќе придонесе во процесот на одлучување и донесување на одлуки. |
| **Регионално и локално ниво** | | |
| **Програма за развој на Скопски плански регион (2021-2026)** | *Стратешка цел 1* - Развој на конкурентна и иновативна регионална економија, преку осовременување на инфраструктурата, привлекување на инвестиции и работна сила прилагодена на потребите на пазарот на трудот;<br>*Стратешка цел 2* - Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги;<br>*Стратешка цел* 3 - Одржливо управување со животната средина и природните ресурси;<br>*Стратешка цел 4* - Конкурентно земјоделство и подобар квалитет на живот во руралните средини;<br>*Стратешка цел 5* - Зацврстување на Скопскиот плански регион како атрактивна туристичка дестинација. | ***Усогласеност:*** Имплементацијата на УП се во насока на подобрување на системот за управување со отпадот а со тоа и одржливо управување со животната средина<br>***Неусогласеност*:** Со планот се предвидува пренамена на земјоделско земјиште во градежно што не е во насока на конкурентно земјоделство. |
| **Регионален план за управување со отпад на Скопски плански регион (2017)** | **<u>Визија и цели на Регионалниот план за управување со отпад:</u>**<br>**Визија:** Да се обезбеди регионална планска рамка за одржливо управување со отпадот и преработка на ресурсите преку развивање на интегриран систем за управување со отпад, со следниве општи цели: | ***Усогласеност:*** Целите на УП се во директна корелација со целите на регионалниот план за управување со отпад на Скопски плански регион, кој е во насока на развивање на систем за управување со отпад, со цел минимизирање на негативните влијанија врз животната |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите и барањата на плановите/програмите и стратегиите се вградени во Урбанистичкиот проект или ќе бидат постигнати при негова имплементација |
|---|---|---|
| | **Цел А:** Минимизирање на негативните влијанија на животната средина и на здравјето на луѓето предизвикани од создавањето и управувањето со отпад.<br>**Цел Б:** Минимизирање на негативните социјални и економски влијанија и максимизирање на социјалните и економските можности.<br>**Цел В:** Усогласеност со законските барања, целите, принципите и политиките поставени со европската и националната правна и регулаторна рамка. | средина и здравјето на луѓето од создавањето и управувањето со отпадот. Изградба собирни центри за отпад, како собирни места за отпад кој може да се рециклира се предвидуваат во Регионалниот план за управување со отпад во Скопски плански регион. |
| **План за управување со отпад на Град Скопје (2021-2025)** | Во контекст на предлагање на сеопфатни мерки за управување со отпадот, особено даден е фокус на следниве области:<br>- Подигање на јавната свест за одговорно управување со отпад<br>- Собирање , транспорт и складирање на отпад<br>- Третман/ преработка на селективно собраните фракции на комунален отпад<br>- Отстранување на отпад<br>- Институционално зајакнување<br>- Контролни и санкциони мерки при управување со отпад<br>- Управување со индустриски отпад<br>- Градежни материјали кои содржат азбест и управување со отпад од градење и рушење<br>- Финансиски аспекти на управувањето со отпадот<br>- База на податоци, мониторинг на спроведување, информирање на јавноста и ажурирање на планот | ***Усогласеност:*** Проектните содржини се дел од системот за управување со отпад основани од Градоначалниците од општина Центар и општина Гази Баба. Истиот ќе овозможи бесплатно собирање на селектираниот отпад од жителите на општина Гази Баба и општина Центар. |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите и барањата на плановите/програмите и стратегиите се вградени во Урбанистичкиот проект или ќе бидат постигнати при негова имплементација |
| --- | --- | --- |
| | - Корекција на локални прописи<br>- Собирање, транспортирање и складирање на измешан комунален (вклучително и комерцијален) отпад<br>- Селектирање на комунален отпад<br>- Утврдување локации на рециклажни дворови со претоварна станица<br>- Ревизија на постојните начини за регуларно собирање мешан комунален отпад, утврдување на начините за регуларно собирање на селектираните фракции и како и начините за собирање по нарачка<br>- Складирање на селективно собрани фракции на отпад<br>- Преработка на биоразградлив отпад со компостирање<br>Основање систем за сеопфатно управување со комуналниот отпад | |
| **Локален План за заштита на животната средина (ЛЕАП) за Општина Гази Баба (2020-2026 год.)** | Дефинирање, проценка и поставување на проблемите од областа на животната средина кои имаат влијание врз квалитетот на живеење на населението во општината, развивање на план со активности за намалување на ризиците по животната средина, зголемување на јавната свест за состојбата со животната средина и можноста од учество на јавноста во донесување на одлуки. Мерките и активностите дадени во Акциониот план (во колку се реализираат по предвидената динамика) ќе обезбедат надминување на сегашните проблеми и превентивно | ***Усогласеност:*** Урбанизацијата на просторот ќе се темели на целите за постигнување одржливо урбанистичко планирање и намалување на ризиците врз животната средина. |

| Релевантни национални/регионални/локални стратешки и плански документи | Цели или барања утврдени со стратешките и планските документи | Како целите и барањата на плановите/програмите и стратегиите се вградени во Урбанистичкиот проект или ќе бидат постигнати при негова имплементација |
|---|---|---|
| | спречување на нови извори на загадување на медиумите на животна средина. | |
| **Стратегија за локален економски развој на Општина Гази Баба (2019-2024)** | Целта на Стратегијата е обезбедување на среднорочни насоки за имплементација на визијата на Општина Гази Баба, преку спроведување на акции во областите: економија, образование, инфраструктура и животна средина, здравство и социјала, култура.<br>Стратегијата за ЛЕР потенцира дека за одржлив развој во општината е потребно да се подобрат условите и да се привлечат инвестиции за отпочнување мали и средни бизниси во насока на намалување на невработеноста.<br>Во секторот животна средина се потенцирани следните приоритети: заштита на водата, почвата, воздухот; создавање на услови за поголема искористеност на обновливите извори на енергија и еколошките енергенси; подобрување на локалната политика за заштита на животната средина, институционално зајакнување на општинските капацитети за заштита на животната средина. | ***Усогласеност:*** УП е во насока на обезбедување на одржлив развој и зачувување на квалитетот на животната средина и здравјето на луѓето. УП ќе обезбеди мал број работни места за локалното население. |

# 4 РЕЛЕВАНТНИ АСПЕКТИ НА МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## 4.1 Географска положба и население

Општина Гази Баба, се наоѓа во северниот дел на Р. С. Македонија и се простира во источниот дел од скопската котлина и градот Скопје. Поголемиот дел од територијата во централниот, југозападниот и јужниот дел се наоѓа во рамница под обработлива површина (65% од вкупната територија) со неколку височини, во северниот дел од Општината кај парк-шумата „Гази Баба“ и во централниот дел во месноста Камник, и планински дел (Скопска Црна Гора) во источниот дел од Општината. Се граничи со скопските општините: на север со Бутел и Чаир, на запад со Центар и Аеродром, на југ со Илинден и Петровец, и на исток со Арачиново и Липково. Пречникот на простирање на Општината исток-запад изнесува 10 km, а север-југ 15 km.

Општината има површина од 92 km$^2$, од која, голем дел припаѓа на нејзиниот рурален дел, со 65% обработливо земјиште од вкупното расположиво земјиште на територијата на општина Гази Баба.




**Слика 11** Граници на Општина Гази Баба

Површината на Општина Гази Баба, бројот на населени места, како и број на населението од последниот редовен попис на населението во 2021 година, се дадени во следните табели.

**Табела 6** Површина на општината, број на жители, густина на населението (попис и проценка на населението за 2021)[1]

| Општина | Површина km$^2$ | Број на населени места | Вкупно резидентно население (Попис 2021) |
|---|---|---|---|
| **Гази Баба** | **92,0** | **26** | **69.626** |

[1] Извор: Државен завод за статистика - МАКСТАТ база на податоци

**Табела 7** Вкупно резидентно население, домаќинства и станови во општина Гази Баба - Попис 2021

| Општина | Вкупно резидентно население | Домаќинства | Станови |
|---|---|---|---|
| **Гази Баба** | **69.626** | **22.509** | **26.543** |

**Табела 8** Вкупно попишано население, според етничката припадност и пол - Попис 2021

| Општина | Вкупно попишани |
|---|---|
| | Вкупно |
| **Гази Баба** | **69.626** |
| Македонци | 45.242 |
| Албанци | 14.146 |
| Турци | 468 |
| Роми | 1.922 |
| Срби | 1.328 |
| Власи | 185 |
| Бошњаци | 753 |
| Други неспомнати | 580 |
| Непопишани | 5.002 |

Бројот на активното население на возраст од 15+ години, според тоа дали се вработени или невработени, е прикажано во следната табела:

**Табела 9** Вкупно работоспособно население на возраст од 15+ години, според вработеноста/невработеноста[2]

| Општина Гази Баба | Возрасна група | Активно население-вработени | | | Активно население-невработени | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени |
| | | **25.331** | **13.777** | **11.554** | **3.219** | **1.839** | **1.380** |

**Табела 10** Вкупно невработено население според возраста[3]

| | Возрасна група | Активно население-невработени |
|---|---|---|
| **Општина Гази Баба** | до 20 години | 33 |
| | 20-25 | 271 |
| | 25-29 | 255 |
| | 30-34 | 275 |
| | 35-39 | 293 |
| | 40-44 | 401 |
| | 45-49 | 543 |
| | 50-54 | 540 |
| | над 54 години | 608 |
| | **ВКУПНО** | **3.219** |

[2] Попис на населението, 2021 Државен завод за статистика
[3] Попис на населението, 2021 Државен завод за статистика

***Плански опфат и негово опкружување:*** Планскиот опфат е лоциран во Општина Гази Баба, надвор од урбан опфат, во КО Старо Скопје, помеѓу населбите Бутел и Радишани, на 8 km оддалеченост од главниот град Скопје и самата локација граничи со Општината Бутел.




**Слика 12** Местоположба на локацијата

## 4.2 Стопански развој

Општина Гази Баба е препознатлива како на ниво на Град Скопје, така и пошироко во државата поради најголема концентрација на големи индустриски компании на нејзина територија. На територијата на општината регистрирани се повеќе од 5.066 деловни субјекти според евиденцијата на Централен регистар на Македонија. Според Статистичкиот годишник за 2020 од ДЗС1 активни деловни субјекти кои функционираат и делуваат на ниво на општината има 2.877, при што Општина Гази Баба учествува со 3,78% во вкупниот број на активни деловни компании во Република Северна Македонија. Доминираат микро деловните субјекти кои сочинуваат 59,3% во Општина Гази Баба.

Во Општина Гази Баба, според податоците на Државниот завод за статистика од 2020 година, активни претпријатија, по класи на големина според бројот на вработени, се прикажани во следната табела.

**Табела 11** Активни деловни субјекти во Општина Гази Баба во однос на Република Северна Македонија во 2020

| | ВКУПНО | Микро | Мали | Средни | Големи |
|---|---|---|---|---|---|
| **Република Северна Македонија** | **75.914** | 51.800 | 22.579 | 936 | 599 |
| **Општина Гази Баба** | **2.877** | 1.705 | 1.065 | 62 | 45 |

Најважните стопански гранки во Гази Баба се фармацевтската, метална индустрија, металургијата, прехранбена, винска и пивска, логистичка, трговија. Најголемата индустриска зона на градот Скопје претставува Општина Гази Баба, а воедно и една од

најголемите во земјата. Од оваа индустриска зона се создава третина од општествениот производ на Република Северна Македонија.

Во однос на бројот на компаниите од аспект на дејноста, најголем број од компаниите се занимаваат со трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли (32,4%). Потоа следи транспорт и складирање со 13,3% во општината, како и преработувачката индустрија со 12,9%. Компаниите од градежништвото се присутни со 7,5%, фирмите кои обавуваат стручни, научни и технички дејности се застапени со 6,9%. Фирмите кои се занимаваат со други услужни дејности како и објекти за сместување и сервисни дејности со храна учествуваат со 6,3% и 4% соодветно.

Компании кои се занимаваат со административни и помошни услужни дејности, како и со здравствена и социјална заштита учествуваат со 3,2% и 3% соодветно. Компании кои се занимаваат со информации и комуникации учествуваат со 2,6% од вкупниот број на активни деловни субјекти. Со уметност, забава и рекреација се занимаат 2% од компаниите во општината. Компании со учество помало од 2% се занимаваат со образование (1,5%), дејности во врска со недвижен имот (1,1%), земјоделие, лов и шумарство (1,6%).

Компании со најмало учество во вкупниот број на компании доаѓаат од сегментите на: јавна управа и одбрана, задолжително социјално осигурување; финансиски дејности и дејности на осигурување; рударство и вадење на камен; снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација; снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината учествуваат со 1,7%.

Доколку вкупните активни деловни субјекти се класифицираат согласно дејностите на Националната класификација на дејности (НКД Рев.2), истите може да се класифицираат како во следната табела.

**Табела 12** Структура на активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, во Општина Гази Баба, за 2020 година прикажана во проценти

| Деловни субјекти според НКД рев.2 | Регистриран бр. на активни субјекти (%) |
|---|---|
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 1,6 |
| Рударство и вадење на камен | 0,3 |
| Преработувачка индустрија | 12,9 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 0,5 |
| Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 0,5 |
| Градежништво | 7,5 |
| Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и мотоцикли | 32,4 |
| Транспорт и складирање | 13,2 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 4,1 |
| Информации и комуникации | 2,6 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 0,4 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 1,1 |
| Стручни, научни и технички дејности | 6,9 |
| Административни и помошни услужни дејности | 3,2 |
| Јавна управа и одбрана, задолжително социјално осигурување | 0,1 |

|   |   |
|---|---|
| Образование | 1,5 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 3,0 |
| Уметност, забава и рекреација | 2,0 |
| Други услужни дејности | 6,3 |
| **Вкупно регистриран број на деловни субјекти** | **100,1** |

***Плански опфат и негово опкружување:*** Планскиот опфат се наоѓа надвор од урбано подрачје. Во близина на опфатот не се наоѓаат стопанско индустриски капацитети.

## 4.3 Климатски карактеристики и климатски промени

Подрачјето на Општина Гази Баба се карактеризира со континентална и медитеранска (средоземна) клима, која предизвикува појава на студени континентални и влажни периоди во есен и зима, а топли континентални и суви медитерански периоди во лето, поради тоа што, на овој простор се судираат континенталната клима од север и медитеранската од југ, чие влијание е ослабено.




**Слика 13** Климатска карта на РСМ

*Температура:* Просечната годишна температура на воздухот во Општина Гази Баба изнесува 13,9 °C. Во трите зимски месеци средната месечна температура е 3,3 °C. Најстуден месец во годината е јануари со средна вредност на температурата од 0,6 °C. Јули и август се најтопли месеци во годината со просечни температури од 24,8 °C. Годишната апсолутно максимална температура подеднакво се јавува во овие месеци и изнесува +42,4 °C. Средно годишно во Општината има 117 летни денови и 53 тропски денови, кои се најзастапени во месеците јули и август. Овие податоци се добиени од мерната станица Скопје Петровец.




**Слика 14** Просечна температура по месеци во Општина Гази Баба[4]

*Врнежи:* Во Скопската котлина просечно паѓаат 530 mm врнежи кои се нерамномерно распределени по месеци. Во Општина Гази Баба најврнежливи месеци се јуни со 66,7 mm, август со 66,1 mm и мај со 60,4 mm. Просечни пролетни количини на врнежи изнесуваат 150 mm додека во текот на зимата има просечни врнежи од 107 mm. Сепак, месечните суми на врнежи се менуваат од година во година и понекогаш отстапуваат од просечните месечни вредности.




**Слика 15** Просечни врнежи во Република Македонија и Општина Гази Баба




**Слика 16** Просечни годишни врнежи по месеци во општина Гази Баба

[4] Извор: „ЛЕАП за Гази Баба 2020-2026 година“

Врнежите во Скопската котлина се главно од дожд, а во зимските месеци се јавуваат и од снег. Од вкупниот просечен годишен број на врнежливи денови, само околу 15% се денови со врнежи од снег и лапавица и се јавуваат од крајот на есента до почетокот на пролетта. Просечниот годишен број на денови со врнежи е 112, а со снежна покривка изнесува 25.

*Ветрови:* На територијата на општина Гази Баба, дуваат три ветрови: Повардарец, Југоветер и ветер од северо - западен правец. Повардарецот дува од Шар Планина долж реката Вардар, кон јужните делови на Р. Македонија. Преку лето е сув, а преку зима и есен е пропратен со врнежи. Југо ветерот дува од спротивен правец на ветерот Повардарец. Тој е топол ветар и е редовно пропратен со дожд.

Просечната брзина на ветровите е релативно ниска и се движи од 1,8 m/s во ноември, па се до 2,5 m/s во март и 2,6 m/s во јули. Максималната брзина на ветровите достигнува до 30 km/h, средната од 14 до 21 km/h и минималната од 1 до 5 km/h. Правецот на движењето на ветровите, во вид на ружа на ветрови.




**Слика 17** Роза на ветрови за градот Скопје[5]

***Климатски промени***: Климатските промени се еден од најсериозните притисоци со кои се соочуваме на глобално па и локално ниво. Енергетиката, транспортот, индустриските процеси, генерирањето и постапувањето со отпадот, земјоделството, шумарството и користењето на земјиштето се главни движечки сили кои вршат притисок врз климата во Скопје, вклучително и во општина Гази Баба. Како резултат на овие притисоци се зголемува концентрацијата на стакленички гасови кои се директен причинител за климатски промени.

Град Скопје има изготвено Инвентар на стакленички гасови за 2008 и 2012 година и вториот за 2013 - 2015 година. Во тек е третиот инвентар за 2016, 2017, 2018 година, кој го утврдува потенцијалот за намалување на емисиите на стакленички гасови во клучните сектори за ублажување на климатските промени, заедно со предлог политики и мерки со кои тоа може да се постигне.

Проценетите емисии на стакленички гасови во рамките на инвентарот покажуваат дека вкупните емисии на Град Скопје се намалени за 21,6% во периодот 2008-2015 година поради намалени емисии од индустриските процеси и од согорување на горивата што се користат во преработувачката индустрија и градежништвото како и од намалената потрошувачка на енергија во станбените и институционалните згради. Постојаното зголемување на бројот на возила во транспортниот сектор резултира со зголемување

[5] Извор: „ЛЕАП за Гази Баба 2020-2026 година“

на емисиите од овој сектор. Исто така зголемување на емисиите има и од секторот отпад.

Постојаните промени на средната годишна температура на глобално ниво, вклучително и во општината покажуваат значително зголемување на повеќегодишниот просек од 0,2°C до 0,5°C, во споредба со периодот до 1990 година. Евидентен е и генерален тренд на опаѓање на количеството врнежи во последните години како и зачестување на екстремните временски настани како на национално и локално ниво.

Градот Скопје подготви Стратегија за климатски промени Отпорно Скопје, 2017 година, за утврдување на потенцијалот за намалување на емисиите во клучните сектори за ублажување (снабдување со енергија, згради и транспорт) и врз основа на тоа, определување на соодветната цел за намалување. Во рамки на Стратегијата евидентирани се урбаните топлотни острови во Скопје (жешки точки во градот) поради несоодветното урбано планирање. Предложени се и мерки за градење на отпорноста на градот Скопје на негативните влијанија на климатските промени, со кои би се намалила температурата на топлотните острови, би се подобриле условите за живот за луѓето што живеат во тие делови од градот и би се намалила нивната потрошувачка на енергија за ладење и греење. Во рамки на Стратегијата за климатски промени – Отпорно Скопје, со интерполација се направени карти на топлотни острови во градот Скопје добиени од метеоролшките мерења (сина боја најстудено, црвена најтопло).




**Слика 18** Роза на ветрови за градот Скопје каде што е издвоена локацијата на која се планира изградба на Центар за собирање на отпад[6]

Урбаните топлотни острови влијаат на затоплување на климата со 30% и учествуваат во глобалното затоплување. Земајќи ги предвид климатските промени и екстремните временски појави, кои ваквите неповолни ефекти ги потенцираат, како и постојаното намалување на зелените површини и интензивната градба особено во урбаниот дел, постои итна потреба за интегриран урбан развој и надградба и заштита на урбаното зеленило кое придонесува за намалување на температурите на воздухот и ублажување на последиците од климатските промени. Недостатокот на урбани зелени површини кои

[6] Извор: „ЛЕАП за Гази Баба 2020-2026 година“

ги апсорбираат загадувачките материи, доведува до дополнително нарушување на квалитетот на амбиенталниот воздух во Општината и градот Скопје.

*Учество на општината во генерирање на стакленички гасови*: Просечната годишна потрошувачка на енергија од објектите и возилата во надлежност на општината и јавното осветлување изнесува 10.211.332 kWh/год. што придонесува за 5.561 t емисии на $CO_2$/год.

Дел од овие емисии кои придонесуваат во вкупните емисии на Општина Гази Баба се 14 возила кои се во сопственост на општината и 2 возила кои се на ЈКП Гази Баба 2007, кои придонесуваат во емисиите на 191,03 t $CO_2$/год.

Со спроведување на мерките од Програмата за Енергетска ефикасност на општината директно ќе се намалат емисиите на загадувачки материи во воздухот, со што ќе се подобри квалитетот на животната средина и ублажат климатските промени.

Во однос на климатските промени и последиците од нив, Општината се соочува со следните проблеми:

1. Засилен ризик од поплавување на објектите во близина на реката Вардар од зголемено ниво на подземните води, но и пошироко, поради високите подземни води во Скопската котлина;

2. Појавата на ерозија, слегнување на теренот и свлечишта, што веќе е евидентирано на падините на Скопска Црна Гора;

3. Појавата на топлотни бранови таканаречени урбани топли острови.
Како резултат на климатските промени и несоодветното управување со земјиштето, Општина Гази Баба и Град Скопје на 6ти август 2016, беа погодени од најголема природна катастрофа од периодот по земјотресот во Скопје. Катастрофалната поплава имаше локализиран карактер во северо-источниот дел, во подножјето на Скопска Црна Гора, односно во општините Гази Баба и Арачиново, каде брзото и значајно зголемување на нивоата на води на поројните текови, создадоа уништувачки ефекти за неколку приградски населби и села со катастрофални последици (22 лица загинати и 4 лица исчезнати; поплавени повеќе од 5.000 домаќинства во 7 рурални населби и една урбана населба; 1.500 домаќинства со огромни материјални штети и потполно уништено земјоделско обработливо земјиште и сл.).

Климатските промени значително ја зголемуваат зачестеноста и интензитетот на екстремните временски настани и природни катастрофи, кои го нагласуваат високиот степен на ризик и неизвесност за локалното население.

**Табела 13** Емисии и понори на стакленички гасови по сектори (во Gg $CO_2$-eq)

| Сектор | 1990 | 2000 | 2005 | 2014 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Енергетика | 9.648,9 | 9.757,9 | 9.251,1 | 8.051,3 | 7.701,3 | 7.449,3 |
| Индустриски процеси и користење производи | 932,2 | 888,4 | 861,7 | 886,2 | 790,5 | 858,0 |
| Земјоделство (без Шумарство и други употреби на земјиштето) | 1.490,4 | 1.249,6 | 1.204,1 | 1.131,5 | 1.159,4 | 1.193,2 |
| Шумарство и други употреби на земјиштето | -207,02 | 10.441,4 | -1.522,1 | -3.597,4 | -1.625,4 | -2.090,1 |
| Отпад | 406,7 | 412,7 | 435,2 | 574,3 | 596,7 | 610,2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно (вклучително со Шумарство и други употреби на земјиштето) - Нето емисии | **12.271,2** | **22.749,9** | **10.230,0** | **7.045,9** | **8.622,6** | **8.020,6** |
| Вкупно (без Шумарство и други употреби на земјиштето) | **12.478,2** | **12.308,6** | **11.752,1** | **10.643,3** | **10.247,9** | **10.110,8** |

Инвентарот на стакленички гасови во **секторот Енергетика** ги зема предвид емисиите од согорувањето горива, како и фугитивните емисии од екстракција на цврсти и пренос и дистрибуција на течни и гасовити горива. Емисиите на $CO_2$ пресметани со референтниот пристап изнесуваат 7.396 Gg $CO_2$ во 2015 и 7.175 Gg $CO_2$ во 2016 година.

Емисиите од **секторот Индустриски процеси и користење производи** потекнуваат или од производните индустрии, или од употребата на супстанции што ги заменуваат супстанциите кои го осиромашуваат озонот за ладење и климатизација. Вкупните емисии на стакленички гасови од овој сектор се конзистентни во текот на целиот период од 1990 до 2016 година. Вкупните емисии во 2016 достигнале 850 Gg $CO_2$-eq, што е за 3,2% пониско во споредба со 2014 година, или 8% помалку од 1990 година.

Емисиите на стакленички гасови од секторот Земјоделство, шумарство и други употреби на земјиштето вклучуваат емисии коишто потекнуваат од сточарството, шумарството и од **употребата на земјиштето**. Од сточарските активности се емитува $CH_4$ и $N_2O$.

Секторот **шумарството** најмногу придонесува за понирање на стакленички гасови, со исклучок на неколку години кога имало натпросечен број пожари и опожарени површини. Површината со шумско земјиште, видовите дрвја (зимзелени, широколисни, мешани) и годишното пошумување и сечење на шумите е релативно стабилно. Се проценува дека во 2015 година, во овој сектор понирале 1.608,3 а во 2016 година 2.120,6 Gg $CO_2$ eq.

Другите употреби на земјиштето, како што се **обработливите површини, пасиштата, населените места и другото земјиште** исто така учествуваат во емисиите на $CO_2$, и во некои години може да се сметаат за значителен извор на емисии на овој стакленички гас. Овие емисии главно се јавуваат поради пренамена на земјиштето од една во друга категорија, при што се отстрануваат значителни количества биомаса од и под земјата, што се смета за директна загуба. Кај другите подрачја, кај кои нема пренамена на земјиштето, постои рамнотежа меѓу емисиите и понорите и тие се сметаат за јаглеродно неутрални.

Во однос на другите стакленички гасови што не се $CO_2$, може да се заклучи дека постојат бројни дејности кои значително придонесуваат за емисии на различни стакленички гасови, чиј збир не подлежи на поголеми промени, односно во 2000 година изнесувал 313,1 Gg $CO_2$-eq, а во 1990 година 382.3 Gg $CO_2$-eq. Обработливото земјиште е главен извор на емисии на гасови што не се $CO_2$, и во 1990 година 55,4% од вкупните емисии во оваа категорија доаѓаат од нив, а во 2016 година дури 62,4%.

Категориите за кои се известува во рамките на **секторот отпад** се депонии за цврст отпад, Биолошки третман на цврст отпад, Согорување и отворено горење отпад и Третман и испуштање отпадни води. Податоците се категоризираат во истиот формат како и претходните години со цел да се зачува постојната временска серија, со исклучок на секторите каде што за првпат се воведуваат податоци.

Емисиите на стакленички гасови од секторот отпад покажуваат зголемување. Во 2016 година испуштени се 610 Gg $CO_2$-eq што е двојно повеќе од емисиите во 1990 година, или за 6,3% повеќе од 2014 година. Од сите категории, емисиите од депонии за цврст отпад се најбројни и претставуваат 77,5% од вкупните емисии на стакленички гасови од овој сектор во 2016 година. Втората категорија со значително количество емисии е третманот и испуштањето на отпадни води, чии емисии во 2016 година изнесувале 19% од вкупните емисии во овој сектор. Ако се земе предвид фактот дека најголем дел од емисиите се од локациите на кои се отстранува цврст отпад, како и прогнозите за нивно зголемување како резултат на поголемото количество отпад што го создаваат граѓаните, на овој сектор треба да му се обрне особено внимание.




**Слика 19** Емисии и понори на стакленички гасови по сектори (во Gg $CO_2$-eq)

Според резултатите од климатските сценарија, просечниот пораст на температурата на територијата на Република Северна Македонија ќе се движи во опсегот меѓу 1.2°C до 2025 година, 2.3°C до 2050 година, 3.5°C до 2075 година и 5.1°C до 2100 година. Ваквите проектирани климатски состојби се предвидуваат, со таканаречената ниска чувствителност на климата, додека за средна и голема чувствителност, температурните промени се очекува да бидат уште поголеми (во 2100 година со вредност на средногодишни температури до 7.1°C односно до 8.0°C).

Во Источниот плански регион најранливи во однос на климатските промени се сливот на реката Брегалница и Осоговските Планини каде има честа појава на ерозија на почвата, ризик од поплави, недоволни количини на вода, намалување на земјоделското производство, како и нарушување на биолошката разновидност и слично.

***Плански опфат и неговото опкружување:*** Во планскиот опфат и неговото непосредно опкружување најмногу се изведуваат сообраќајни и земјоделски активности, како и активности за домување кои се извори на стакленички гасови. Локацијата се наоѓа во непосредна близина на локалниот пат што ги спојува Општините Бутел и Гази Баба, што е и извор на стакленички гасови.

## 4.4 Квалитет на воздухот

Загадувањето на воздухот во Општина Гази Баба е како резултат на емисии на загадувачки супстанции од стационарни и мобилни извори, преку одвивање на хемиско-технолошки процеси, биохемиски процеси и процесите на согорување на горивата.

Според потеклото постојат две групи загадувачки супстанци:

- Примарни загадувачки супстанци (загадувачки супстанци емитирани директно од извори на загадување);
- Секундарни загадувачки супстанци (загадувачки супстанци формирани со интеракција на две или повеќе загадувачки супстанци или при интеракција на примарни загадувачки супстанци со компоненти кои се присутни во незагаден воздух).

Како примарни загадувачи на квалитетот на амбиенталниот воздух може да се споменат и: застарениот возен парк на населението и правните субјекти во Општината, како и загадувањата од користење на нафтата, нејзините деривати и дрвото како енергетски ресурси за загревање во домаќинствата.

Сообраќајот е мобилен динамичен линиски извор на загадување што се протега долж сообраќајниците во самиот град, со поголема концентрација на поголемите крстосници, како и долж автопатиштата и магистралните правци.

Територијата на Општина Гази Баба, е вклучена во Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентален воздух, со кој управува МЖСПП.

Автоматските мониторинг станици за квалитет на воздух вршат мониторинг на следните загадувачки супстанци:

- сулфур диоксид ($SO_2$);
- азот диоксид ($NO_2$);
- јаглерод моноксид (CO);
- озон ($O_3$);
- суспендирани честички со големина до 10 микрометри (PM10);
- суспендирани честички со големина до 2,5 микрометри (PM2.5).

Резултатите за измерените вредности на полутантите во Општина Гази Баба, на годишно ниво се прикажани на наредните графикони.




**Слика 20** Просечни годишни концентрации на PM10 и број на надминувања на среднодневната гранична вредност за Општина Гази Баба [7]




**Слика 21** Просечни годишни концентрации на PM2,5 и број на надминувања на среднодневната гранична вредност за Општина Гази Баба [8]

[7] Извор: Годишен извештај за состојбите во животната средина за 2024, МЖСПП

[8] Извор: Годишен извештај за состојбите во животната средина за 2024, МЖСПП




**Слика 22** Максимални дневни осумчасовни средни вредности на концентрации на CO за Општина Гази Баба [9]




**Слика 23** Број на надминувања на целната вредност за заштита на човековото здравје за Општина Гази Баба [10]




**Слика 24** Надминувања на целната вредност за заштита на човековото здравје за Општина Гази Баба [11]

[9] Извор: Годишен извештај за состојбите во животната средина за 2024, МЖСПП
[10] Извор: Годишен извештај за состојбите во животната средина за 2024, МЖСПП
[11] Извор: Годишен извештај за состојбите во животната средина за 2024, МЖСПП




**Слика 25** Надминувања на долгорочната цел за заштита на вегетацијата за Општина Гази Баба [12]

***Плански опфат и негово опкружување:*** Планскиот опфат се наоѓа надвор од населено место. Во опкружувањето на планскиот опфат најмногу се изведуваат земјоделски, активности за домување кои придонесуваат за нарушување на квалитетот на воздухот. Покрај, наведените, патниот сообраќај има најголем придонес врз квалитетот на воздухот во планскиот опфат.

## 4.5 Бучава

Главни причинители на бучава емитирана во животната средина во Скопје, вклучително и општина Гази Баба се превозните средства во патниот сообраќај, градежни активности, стопански и услужни објекти и индустриските инсталации.

Нивото на бучава која се емитува од некој извор многу зависи од оддалеченоста од изворот и местоположбата во однос на бариера која може да ја намали бучавата, доколку истата постои. Многу други фактори влијаат врз нивото на бучава, а резултатите од мерењето може да варираат до десетици децибели за многу сличен извор на бучава. Објаснување за оваа разлика е начинот како бучавата се емитува од изворот, како таа патува низ воздухот, и како пристигнува кај приемникот.

Мерењето и следењето на бучавата е потребно за постигнување и одржување на нивоа на бучава во животната средина во рамки на граничните вредности, дефинирани во четири подрачја според степенот за заштита од бучава, со крајна цел да се заштити здравјето и добросостојбата на населението.

Идентификуваните извори на бучава емитирана во животната средина генерално потекнуваат од: бучава емитирана во животната средина од соседството, бучава емитирана во животната средина од сообраќај, бучава емитирана во животната средина од индустриските капацитети.

Мерењето и следењето на бучавата се потребни за постигнување и одржување на нивоа на бучава во животната средина во рамки на граничните вредности, дефинирани во четири подрачја според степенот за заштита од бучава, со крајна цел да се заштити здравјето и добро состојбата на населението.

[12] Извор: Годишен извештај за состојбите во животната средина за 2024, МЖСПП

Центарот за јавно здравје во Скопје врши мерења на нивото на комунална бучава, два пати годишно, на повеќе мерни места во градот Скопје. Според резултатите од мерењата на интензитетот на бучава во животната средина во Скопје (Слика 31) за основниот индикатор Ld, на мерното место во Општина Гази Баба (бул. Александар Македонски ул16-та Македонска бригада - Тутунска Банка - филијала Автокоманда) се забележува константно надминување на граничната вредност за Ld (препорачаното ниво од 53 dB) и се забележува тренд на зголемување на интензитетот на бучавата од 2016 па се до 2019 година.



**Слика 26** Интензитет на бучава во животната средина во Скопје за основните индикатори Lд и Lв, 2024 година [13]



**Слика 27** Интензитет на бучава во животната средина во Скопје за основниот индикатор Lн, 2024 година [14]

За мониторинг на бучавата на подрачјето на општините, градот Скопје и општините во градот Скопје можат да воспоставаат локални мрежи за мониторинг по претходно добиено мислење од надлежниот орган за вршење на стручни работи од областа на

[13] Извор: Годишен извештај за состојбите во животната средина за 2024, МЖСПП
[14] Извор: Годишен извештај за состојбите во животната средина за 2024, МЖСПП

животната средина, а под услови и начин уредени со законот за Заштита од бучава во животната средина и Законот за животната средина. Општината Гази Баба до сега не вршела мерења на нивоата на бучавата за свои потреби. Според општинската инспекциска служба, евидентирани се неколку поплаки од граѓани поради вознемирувања предизвикани од висока бучава. Истите се надминати со преземање на соодветни мерки од страна на правните субјекти кои се извор на зголемена бучава, односно поставување на соодветна изолација или бариери за заштита од бучава.

Во рамките на општината, најзначаен извор на бучава во животната средина, како што е ситуацијата во целиот град, претставува сообраќајот. Особено значајни од аспект на бучава се поголемите улици, односно магистралните и собирните улици и крстосниците каде што фреквенцијата на возилата е огромна. Со зголемување на бројот на возилата во сообраќајот, од година на година фреквенцијата се зголемува со голема стапка достигнувајќи периоди кога лесно настануваат застои во сообраќајот.

Според податоците од Град Скопје добиени од Елаборатот за ниво на бучава и квалитет на воздух - втора фаза (грејна сезона) во 2016 во Општина Гази Баба се извршило мерење на бучава на 3 мерни места (на следната слика):

- Индустриски комплекс Железара - NL3 (мониторинг на бучава од индустриско подрачје во станбено подрачје),
- Бул. Александар Македонски - Општина Гази Баба - NL4 (мониторинг на бучава од патен сообраќај) и
- Бул. Александар Македонски - Градинка „Детска радост“ - NL15 (мониторинг на бучава од патен сообраќај)




**Слика 28** Мерни места каде е извршен мониторингот на бучава во рамките на Град Скопје и Општина Гази Баба (означени со црвено)

Според резултатите од мониторингот, граничните вредности на нивото на бучава се надминати на двете мониторинг точки (NL3 и NL15). Најблиските живеалишта се наоѓаат на 35 m и 145 m од NL3 додека од NL15 се наоѓаат на 30 m.

***Плански опфат и негово опкружување:*** Планскиот опфат се наоѓа надвор од населено место, во опкружување со земјоделски површини. Подрачјето припаѓа на III степен на заштита на бучава. Нема достапни податоци за мерење на нивоата на бучава.

## 4.6 Хидрографски карактеристики

Подрачјето на Скопскиот регион располага со добри хидрографско - хидролошки особености. Расположливото водно богатство се манифестира со подземни и површински, односно проточни води. Алувијалните терени во рамничарските делови, особено околу поголемите водотеци, располагаат со големи резерви на подземна вода во вид на фреатска (бунарска) или артеска, односно вода под притисок. Длабочината на подземните води зависи од конфигурацијата на теренот и се движи од 2 - 18 m. Истата е во тесна врска со речниот водостој, односно го следи неговиот режим.

Територијата на Општина Гази Баба изобилува со поголеми и помали реки, потоци и подземни води, особено на планината Скопска Црна Гора. Повеќето од водотеците се од повремен карактер.

**Површински води**

Меѓу позначајните површински водотеци на територијата на општина Гази Баба се реката Вардар, како и помалите водотеци Раштански Поток (во с. Раштак), Страшка (Булачанска) Река во с. Булачани и Црешевска Река (с. Стајковци). Реката Вардар преставува јужна граница на општина Гази Баба со општините Центар и Аеродром. Водите од реката Вардар поради големата загаденост не се користат за наводнување.

Раштанскиот Поток кој е мал и постојан поток, извира на 1.500 m н. в. од 4 извори: Делидере, извор Раштак, Колеш Мара 1 и Колеш Мара 2. Должината на водотекот е 4,7 km, а површината на сливот е 3,92 $km^2$.

Страшка (Булачанска) Река извира северо - источно од с. Булачани и претставува лев изворишен крак на Булачанска Река. Должината на водотекот е 2,5 km, а површината на сливот е 4,5 $km^2$. Дел од водите на Булачанска река се користат за наводнување.

Црешевска Река, како повремен водотек поминува западно од населеното место Стајковци. Користењето на вода за наводнување од долниот тек на реката, доведува до пресушување за време на летниот период. Во период на топење на снегот и за време на поројни дождови, надоаѓа водата и истата се прелева од нејзиното корито. Овој водотек, преку каналот Деран, се поврзува со ободниот канал од населбата Ченто кон Арачиново. Сливната површина е со големина од околу 17km2 поради што може да се очекува истекување на вода од 33 $m^3/s$.

Ободниот канал со должина од околу 4 km поминува од с. Сингелиќ кон Арачиново (од запад кон исток), и ги собира сите води кои доаѓаат од планината Скопска Црна Гора и се влеваат во овој канал. Ободниот канал е важен за задржување на водите, со што се заштитува Скопската Котлина од поплавување, предизвикано од неконтролирано истекување на водотеците од Скопска Црна Гора. Со изградбата на ободниот канал, водниот режим и локалните терenски услови во низината источно од населба Ченто, с. Сингелиќ и с. Инџиково се променети.

**Извори**

Во Општината Гази Баба постојат повеќе извори, од кои најмногу има во околината на с. Булачани каде извираат 4 извори и во с. Раштак каде има 5 извори, кои се наоѓаат на голема височина и слободно истекуваат.

Еден мал извор, наречен “кисела вода”, лоциран е североисточно од с. Стајковци, а западно од с. Брњарци. Тој е на приближно 1.500 m воздушно растојание од автопатот и е на надморска висина за околу 50 m поголема од онаа на автопатот. Изворот има локално значење за жителите од околните села кои сметаат дека водата има лековити својства (водата како таква не се користи за пиење).

**Подземни води**

Освен површинските води, во потесниот простор на алувијалните рамнини во Општината се јавуваат големи резерви на подземна вода, бунарска и артеска. Подземните води лежат врз непропустливи подлоги, односно под пропустливите слоеви составени од крупен песок и чакал. Најбогати терени со подземни води од 10 l/s се наоѓаат во непосредна близина на р. Вардар и се поврзани со неговото ниво. Подземните води се на различни длабочини од 2 до 18 m и можат да се користат за наводнување и водоснабдување. Во пониските делови подземните води се користат за обезбедување на населението со вода за пиење преку копање бунари.

**Вештачки езера**

На периферијата на општината, во близина на с. Смилковци постојат две вештачки езера (едно со постојан карактер и едно пресушено) кои се создадени со заградување на Буринарскиот водотек кој тече повремено. Буринарскиот водотек (канал) сезонски носи вода во Смилковско Езеро, заедно со водата од бунарот на “Макстил”.

Брегот на езерцето со постојан карактер е покриен со трска и слична вегетација. Просторната распространетост на ова езерце е помала, која може да е предизвикана од одземањето вода за наводнување од Буринарскиот водотек. Езерцето е мезотрофно, во него има повеќе видови риба и се користи за ловење риба.

Од 1970 година е пуштен во употреба систем за наводнување кој потекнува од малата акумулација „Камник“ изградена источно од металуршкиот комплекс Железара. Со овој систем се наводнуваат површини од околу 2.677 ha, од кои 2.597 ha се под ораници.

***Плански опфат и негово опкружување:*** Во планскиот опфат и во потесното опкружување нема површински водотек. Планскиот опфат припаѓа на Водостопанското подрачје (ВП) „Скопје" кое го опфаќа сливот на реката Вардар, од водомерниот профил „Радуша“ до вливот на реката Пчиња. На ова ВП припаѓаат и сливовите на притоките Маркова Река, Кадина Река, Лепенец и Серава. Со ова ВП сливот на реката Треска не е опфатен.




**Слика 29** Локација на плански опфат во однос на водостопанското подрачје за Општина Гази Баба

## 4.7 Релјеф и почви

Територијата на Општина Гази Баба ја карактеризира релјеф кој се состои од повеќе разновидни морфолошки елементи и облици. Целата територија има облик на пространа котлина составена од два дела: висок обод и низок средишен дел - дно на котлината. Најголем дел од територијата на општината (централниот, југозападниот и јужниот) се наоѓа во рамница, односно 65 % од вкупната територија е обработливо земјиште. Повисокиот дел е карактеристичен за Парк Шумата Гази Баба, месноста Камник во централниот дел на општината, како и планината Скопска Црна Гора во источниот дел на општината.

Ридовите во алувијалната рамнина: Гази Баба, Камник и Крст се изградени од лапоровити и прашинесто - глиновити седименти. Како микро - релјефни форми тие се со релативно мали височини и се лоцирани од левата страна на реката Вардар.

Ридот Гази Баба се протега во должина од 3 km и ширина од 1,5 km, а на неговите западни и северни падини се изградени населбите Бит Пазар, Бутел 2 и Железара. Ридот Гази Баба, е во непосредна близина на поранешниот металуршки комплекс Рудници и Железарница „Скопје” - Скопје.

Ридот Камник се простира североисточно од металуршкиот комплекс Рудници и Железарница - Скопје. Се протега во должина од 5 km, почнувајќи од населбата Ченто

на југоисток се до ридот Крст на северо - запад и претставува најголем рид на дното од Скопската котлина. Ридот има повеќе возвишенија од кои највисокото е со 317 m н.в.

Ридот Крст е помал од претходниот и со правец на протегање југо исток - северо запад во должина од 1,5 km. На него доминираат две возвишенија со коти 315 и 316 m. На неговите западни падини се простира населбата Бутел.

Од геотектонски аспект општината има сложена тектонска структура, додека во однос на сеизмолошките карактеристики припаѓа на подрачје со висока сеизмичка активност бидејќи во Скопската област се можни и земјотреси со јачина од над 9 степени според Меркалиевата скала.




**Слика 30** Топографски приказ на територијата на Општина Гази Баба[15]

***Планскиот опфат и негово опкружување:*** Планскиот опфат се наоѓа на надморска височина помеѓу 290 m и 330 m, со благ пад кон југозапад.

## 4.8 Тектонски и сеизмотектонски карактеристики

Р.С. Македонија тектонски припаѓа на Медитеранската орогена област на Алпско - Хималајскиот појас. Поради тектонската припадност, сеизмичката активност во овој регион е една од најсилните на Балканскиот полуостров.

На територијата на Р.С. Македонија се разликуваат три сеизмогени зони и тоа: Струмската, Вардарската и Дримската.

Од геотектонски аспект општината има сложена тектонска структура, додека во однос на сеизмолошките карактеристики припаѓа на подрачје со висока сеизмичка активност бидејќи во Скопската област се можни и земјотреси со јачина од над 9 степени според Меркалиевата скала.

[15] http://gis.katastar.gov.mk/arec




**Слика 31** Тектонска карта на Република Македонија (Арсовски М.,1997)

Сеизмичката активност на овој регион, е најлабилна тектонска единица на Балканскиот полуостров. Сеизмичноста во оваа зона е особено изразена во подрачјата на вкрстување на реактивираните стари раседи од Вардарска насока со неотектонските раседи кои доминантно се протегаат во напречен правец. Во согласност со досегашните сеизмолошки истражувања, Општината припаѓа на терени подложни на чести и постојни земјотреси предизвикани од пооддалечените епицентрални жаришта. Јачината на досега случените земјотреси на подрачјето на Општина Гази Баба биле со интензитет од VIII-IX степени по МЦС. Епицентрите од случените локални земјотреси на подрачјето на Општината изнесуваат од VII-IXI степени по МЦС, за најголемиот дел, а само за мал дел и тоа источно од правецот Аргулица-Радање (со толеранција од 10 km) IX степени по МЦС.




**Слика 32** Сеизмолошка карта на Р.С. Македонија[16]

[16] Извор: Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија (ИЗИИС)

**Плански опфат и негово опкружување:** Проектниот опфат припаѓа на подрачје каде се можни потрес со јачина до IX степани во МЦС.

### 4.9 Користење на земјиштето

Планирањето на просторот и намена на земјиштето од страна на локалната самоуправа има директно влијание врз заштита и унапредувањето на животната средина, особено во фазата на подготовка на плански документи за искористување и планирање на земјиштето во Општината.

При подготовка на плански документи на локално ниво за развој на Општината во сите аспекти (урбан развој, индустрија, развој на мали и средни претпријатија, туризам, земјоделие, транспорт и др.) неопходно е спроведување на постапка за Стратешка оценка на влијание врз животната средина на планскиот документ кој се подготвува (план, програма или стратегија).

Стратегиската оценка како обврска произлегува од националното законодавство и обезбедува навремено идентификување на можните негативни влијанија на планот, програмата или стратегијата врз животната средина, дефинирање на алтернативи и предлог мерки за ублажување, намалување или одбегнување на влијанијата врз животната средина.

Вклучувањето на целите на заштита и унапредувањето на животната средина во фазата на подготовка на плански документи ќе обезбеди одржлив развој и подобри услови за живеење во Општината, не занемарувајќи го и инфраструктурниот развој и економско - стопанскиот просперитет, како важни предуслови за привлекување на инвестиции.

Поголемо внимание од аспект на заштита на животна средина и поголемо учество на јавноста при донесување на плански документи за искористување на земјиштето ќе овозможи да се добијат планови кои ќе одговараат на реалните потреби на населението и одржлив развој на Општината.

***Плански опфат и негово опкружување:*** Опфатот зафаќа земјоделско земјиште. Околу планскиот опфат се наоѓаат земјоделски површини.




**Слика 33** Користење на земјиштето во Општина Гази Баба и плански опфат[17]

## 4.10 Биолошка разновидност, природно наследство и предел

Општина Гази Баба изобилува со богата флора и фауна, а како најзначаен зелен појас во урбаниот дел на општината е локалитетот Гази Баба. Иако се работи за вештачки подигната култура, од своето формирање до денес, оваа шума станала вистинска биоценоза со сите свои атрибути. Поради нејзиното огромно значење, со Одлука на Градот Скопје од 1998 година („Службен гласник на Град Скопје" бр. 18/98) шумата на локалитетот Гази Баба е прогласена како „карактеристичен пејзаж". Карактеристичниот пејзаж Гази Баба како заштитено подрачје е под надлежност на Град Скопје и со него стопанисува ЈП „Паркови и зеленило".

Вкупната површина на карактеристичниот пејзаж Гази Баба изнесува 102,44 хектари, од кои 88 ha односно 86 % од вкупната површина е вештачки подигната шума, а 14,20 ha односно 14 % е гола површина без шума.

Карактеристичнот пејзаж Гази Баба е оформен во педесетите години на минатиот век со единствена намена, санитарно-хигиенска заштита од емисиите од индустрискиот комплекс на Железара и нивно спречување да се дисперзираат кон внатрешноста на градот кој тогаш бил со значително помали димензии. Меѓутоа сега шумата се наоѓа во близина на центарот на градот, а нејзината основна санитарно-хигиенска функција е надополнета и со културно-воспитната и туристичко-рекреативната функција.

[17] Извор: Услови за планирање на просторот за собирање на отпад, за изградба на Центар за собирање на неопасен отпад под 10 t/ден на КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба

 

**Слика 34** Карактеристичен пејзаж „Гази Баба“

Растителната разновидност во карактеристичниот пејзаж Гази Баба претставува комбинација од автохтони и алохтони видови, каде доминираат дрвенести видови кои во најголем дел се засадени преку пошумување и се на возраст помеѓу 40 и 50 години. Идентификувани се 79 видови на дрвја и грмушки во шумата во Гази Баба.

Пошумувањето на просторот во голема мера придонело за застапеноста на различни видови дрвја и грмушки. Постои голема несразмерност во поглед на застапеноста на видовите, така што, некои се среќаваат единечно, некои во вид на групи, а некои во оформени шумски насади. Најзастапени и најпрепознатливи на терен се насадите од: црн бор, американски јасен и багрем.

На поголем број места во помали или поголеми групи преку садење засадени се:

- **Кисело дрво** - потекнува од Источна Азија има силна обновителна способност;
- **Келреутерија** - потекнува од Источна Азија, со инвазивни особености на подрачјето на Паркот на природата „Гази Баба“;
- **Гледич** - потекнува од Северна Америка и најчесто се одгледува како парковско дрво. Има солидна застапеност и на локалитетот Гази Баба;
- **Маклура** - потекнува од Северна Америка, препознатлива е по своите топчести плодови со силна зеленикава боја.

На различни места во обраснатите делови од просторот се среќаваат поголем број на интересни автохтони видови како: полскиот брест, копривката и дивата круша, кои се доста ретки во дендрофлората во РСМ, а во минатото ги имало на многу поголеми површини. Полскиот брест на подрачјето на карактеристичниот пејзаж “Гази Баба“ е застапен само со неколку стебла но неговата важност е голема поради тоа што тој е автохтон вид, кој е во исчезнување. Затоа за неговото опстојување потребно е да се води посебна грижа. Копривката е автохтон вид на дрво, кој се одликува со голема термофилност, сушоотпорност и светлољубивост. Претставува убаво декоративно дрво, кое е отпорно на загаден воздух но поради бавниот раст недоволно е употребувано.

Врз основа на податоците од флористичката литература и теренски истражувања, во момент во Паркот на природата „Гази Баба“ може да се наведат 141 растителен вид од 31 фамилија, меѓутоа нивниот број веројатно е поголем.

Големиот број на растителни видови придонесуваат да се формира интересен природен амбиент, кој има повеќенаменско значење. Покрај разубавувањето на просторот и подобрувањето на микроклиматските и еколошките услови, овој простор е интересен и за спортски активности, како и за научни истражувања.

Значењето на оваа шума изразено во конкретни бројки на годишно ниво:

- врзува 1.323,6 тони јаглеонороден диоксид;
- ослободува 970,64 тони кислород;
- филтрира 5.294 тони прашина;
- апсорбира 8.824 килограми сулфур диоксид од воздухот и исто толку јаглероден моноксид и азотни оксиди.

Овие показатели се доволни за да укажат на непроценливото значење на паркот на природата Гази Баба. Токму затоа Општина Гази Баба преку повеќе проекти во изминатиот период работи на зачувување на вредностите на локалитетот Гази Баба со цел карактеристичниот пејзаж да биде погодно и привлечно место за релаксација како на жителите на Општина Гази Баба така и на жителите од градот Скопје.

**Локалитет Острово**

Локалитетот Острово е остаток од поранешното острово кое по природен пат го формирала реката Вардар која на овој простор се одвојувала на две теченија и го заобиколувала островото. Денес на теренот се сочувани фосилните корита на двата ракавци на реката, но се покриени со хумусен слој, лисјар и се обраснати со тревеста и грмушеста вегетација. Затоа и островото од научен аспект се третира како фосилно острово на река Вардар. Во окружувањето на локалитетот карактеристично е високото ниво на подземните води кај локалитетот Езерце, во атарот на с. Трубарево. Југоисточно од локалитетот Острово (околу 500 м) протекува реката Вардар. Таа е основен хидрографски систем за поширокото окружување на локалитетот. Во локалитетот се издвоени два типа на биотопи: тревест и арбореален тип. Покрај нивното вештачко оформување се одвива и процес на природно обновување на дел од дендро-флората. Во приземниот кат има доста тревести видови од фамилијата на бесени (Поацеае), а од другите флорни елементи се застапени уште: сапунчарка, волчјо јаболко, танацетум, змијско грозје. Од дрвенестите растенија и грмушките во локалитетот се застапени: црн јасен, бозел, шипинка, брест, јавор, багрем, бела топола, црна топола, врес, бела врба, хмељ и други.



**Слика 35** Локалитет Острово

Преку истражувања регистрирани се 10 видови пеперутки и два вида вилински коњчиња. Од другите инсекти чести се: големиот жегач и 22 вида стакулци. Од мекотелите застапени се 3 вида копнени полжави, од кое еден вид е балкански ендемит. Херпетофауната (водоземци и влекачи) во локалитетот е застапена со 6 вида. Орнитофауната во локалитетот е претставена со 55 вида птици кои се застапени преку целата година, но има и преселни видови птици (во пролетниот, есенскиот и зимскиот миграциски период). Цицачите во локалитетот се застапени со 20 вида од кои 14 вида

се микро цицачи (лилјаци потковичари, ноќници, вечерници) и 5 вида макро цицачи (шарена куна, јазовец, дива мачка, куна белка, верверичка и еж).

Според меѓународниот статус на видовиот диверзитет заклучено е дека на локалитетот Острово егзистираат faунистички видови кои се значајни за биодиверзитетот на РСМ, но и пошироко, на европско и светско ниво. Имено, од херпетофауната 6 вида се со статус на заштитени видови во европски рамки. Во прилог II на Бернската конвенција се 4 вида; во прилог III на истата конвенција се 2 вида, а во листата на КОРИНЕ биотопи се 3 вида. Од терофауната во локалитетот се издвоени 14 видови со меѓународно значење, од кои во светската листа на загрозени диви животински видови се 11 вида, во прилог II на Бернската конвенција се 3 вида, во прилог III се 4 вида, а во КОРИНЕ листата се 11 вида. Имено, со статус на загрозеност, односно ранливост се 9 вида лилјаци и 2 вида други цицачи. Од орнитофауната во локалитетот се издвоени 27 вида птици со меѓународно значење. Во СПЕЦ. Категорија 2 се 6 вида, во СПЕЦ. Категорија 3 се 10 вида, а во СПЕЦ. Категорија 4 се 9 вида. Локалитетот се одликува и со значајни едукативни вредности поради кои во 1976 година беше прогласен како заштитено подрачје во категоријата споменик на природата.

Во 2021 година, склучен е Меморандум за соработка меѓу општина Гази Баба и Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ од Скопје со кој се планира заеднички ангажман и активности во врска за прогласување на Интегрална целина „Острово“ за споменик на природата. Предвидена е подготовка на предлог за прогласување на Интегрална целина „Острово“ за споменик на природата, предлог за донесување на Закон за прогласување на Интегрална Целина „Острово" за споменик на природата, со предлог на закон, соработка по сите прашања во врска со заштитата и унапредувањето на Интегралната целина „Острово“ како споменик на природата во согласност со Закон и превземените обврски; и управувањето од страна на факултетот со заштитеното подрачје Интегрална целина „Острово“ како споменик на природата.

**Арборетумот**

Арборетумот е оформен во 1953 година од страна на Земјоделско-шумарскиот факултет во Скопје. Лоциран е во алувијалната рамнина на Скопската Котлина, во атарот на село Трубарево. Всушност арборетумот претставува продолжение на вегетацискиот појас што го формираат локалитетите Острово од источна страна и Езерце од западна страна. Во арборетумот се засадени дрвенести и грмушести видови од нашата автохтона дендрофлора и видови од сите континенти, посебно од Европа, Азија и Северна Америка. Вкупниот број на дрвенестите и грмушестите видови во Арборетумот е околу 600 вида. Дендро-паркот служи за еколошки набљудувања, научни истражувања на Шумско опитната станица Трубарево и настава за студентите при Шумарски факултет- Скопје.



**Слика 36** Арборетум

**Локалитетот Езерце**

Локалитетот Езерце се одликува и со значајни еколошки, едукативни и рекреативни вредности поради кои во 1994 година заедно со Арборетумот беше прогласен како заштитено подрачје во категоријата споменик на природата.

Локалитетот Езерце преку целата година е под вода при што во летниот период водата се задржува само во пониските места. Подлогата е доста влажна преку целата година и во неа се развива типична блатна вегетација со доминација на трската и рогозот.

Во езерцето на површината на водата доминантна е лемната. Во локалитетот застапени се претставници од грмушеста и дрвенеста вегетација (повремено поплавена шума). Доминантни се: бела врба, кршлива врба, бела топола, црна топола, брест, а се среќаваат: врес, јавор, бозел и багрем. Од безрбетната фауна доминантни се претставниците од групата инсекти: 5 вида вилински кончиња, 18 вида дневни пеперутки, 8 вида скакулци; од мекотелите регистрирани се: медицинска пијавица, 3 вида водни полжави, а на крајбрежјето 3 вида копнени полжави. Од рбетната акватична фауна застапени се: 2 вида риби, 2 вида водоземци и 2 вида влекачи; од копнената рбетна фауна: 2 вида водоземци, 4 вида влекачи, 51 вид птици и 19 вида цицачи (15 лилјаци и 5 други цицачи: крт, еж, верверичка, дива мачка, бизамски стаорец). Според меѓународниот статус на видовиот диверзитет во локалитетот издвоени се следните групи: 8 вида од херпетофауната се со статус на заштитени видови во европски рамки (Бернската конвенција прилог II се 4 вида; прилог III се 2 вида и во КОРИНЕ листа се 3 вида). Од орнитофауната во локалитетот се издвоени 21 вид птици со меѓународно значење: во Спец. категорија 2 се 2 вида, во Спец. категорија 3 се 12 вида, а во Спец. категорија 4 се 7 вида; во прилог И на ЕУ директивата за диви птици се 13 вида птици; Во Бернската конвенција прилог II се 18 вида, а во прилог III се 3 вида; во прилог II на Бонската конвенција се 10 вида и 15 вида се во КОРИНЕ листата. Од терофауната во локалитетот се издвоени 14 видови со меѓународно значење, од кои во светската листа на загрозени диви животински видови се 11 вида, во прилог ИИ на Бернската конвенција се 3 вида, во прилог III се 4 вида, а во КОРИНЕ листата се 11 вида. Со статус на загрозеност, односно ранливост се 9 вида лилјаци.

**Ботаничка градина**

Ботаничката градина се наоѓа во состав на Ботаничкиот завод на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје. Таа претставува единствен објект од ваков вид во градот Скопје и во Република Македонија. Со својата дејност и местоположба таа постепено прераснува во значајна институција од наставно - научен, едукативен, културен и рекреативен карактер.

Во ботаничката градина можат да се сретнат многу растителни видови, пред се од дендрофлората, која е застапена со околу 200 видови со различно географско потекло, а не е мал бројот и на автохтоните и алохтоните тревести видови, организирани во посебни систематски полиња. Големиот број на растителни видови овозможува одлични услови за нагледна настава од бројни ботанички дисциплини како за студентите, така и за учениците од основното и средното образование. Во ботаничката градина се одржува растителен материјал кој се користи при изведувањето на практичната настава за студентите од Институтот за биологија, медицинскиот и стоматолошкиот факултет, како и од интердисциплинарните студии по заштита на животната средина. Од посебно значење се можностите кои градината ги дава за изведување на експериментални работи во функција на дипломски и магистерски работи, како и докторски дисертации.

**Интродукција и аклиматизација на растителни видови**

Во изминатиот период на просторот на Ботаничката градина извршена е интродукција и аклиматизација на околу 200 дрвенести и грмушести видови, како и на над 300 автохтони и алохтони тревести растенија, кои се по потекло од различни делови на Балканскиот Полуостров, Европа и други делови на светот. Дел од нив успешно се аклиматизирани на отворени простори во систематските полиња на Ботаничката градина, додека збирката на тропски, субтропски, пустински или полупустински растенија (палми, кактуси и други сукулентни растенија) се одржува во реновираниот стакленик. Заради обезбедување на подобри услови за интродукција и аклиматизација, во текот на 2000 година изграден е нов современ ладилник, во кој, во текот на летните месеци се пренесуваат растителните видови кои што се одржуваат во стакленикот. Дел од ладилникот перманентно се користи за аклиматизација на растителни видови кои потекнуваат од природни станишта од територијата на Република Македонија, а во функција на реализација на програмата за работа на Ботаничката градина, како и на постоечките научно-истражувачки проекти, кои се реализираат на Институтот за биологија.

**Дендропарк**

Дендропаркот претставува колекција од автохтони и алохтони дрвја и грмушки, која има посебна намена. На територијата на Македонија постои само еден дендропарк во Општина Гази Баба кој е подигнат околу факултетските згради на Шумарскиот и Земјоделскиот факултет во Скопје.
Дендропаркот брои околу 200 различини дрвја и грмушки и е непосредно поврзан со Ботаничката градина на ПМФ. Вкупната површина на дендропаркот изнесува 4,05 ha. Во колекцијата на дендропаркот се застапени 642 таксони кои потекнуваат од Источна Азија, Јужна Европа, Медитеранот, Северна Африка, како и видови со европски и евроазиски ареали. Се среќаваат и видови од Северна Америка, малоазиски, југоисточноевропски, кавкаски, видови од Австралија и др.

**Плански опфат и негово опкружување:** Земјиштето во рамките на опфатот на Урбанистичкиот проект е земјоделско земјиште, каде е присутна биолошка разновидност карактеристична за ваков тип на земјиште.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Р. Македонија на предметниот простор за изградба на центар за собирање на отпад, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.




**Слика 37** Реонизација и категоризација на просторот за заштита

## 4.11 Културно историско наследство

Општина Гази Баба изобилува со археолошки локалитети кои датираат од праисторијата и антиката како сведоштво за духовната и материјалната култура на луѓето кои живееле тука пред два милениума.

Како еден од најпознатите археолошки локалитети но и еден од најстарите е населбата Тумба која датира од неолитското време. Локалитетот се наоѓа помеѓу современите населби Маџари и Ченто околу 700 m од левата страна на автопатот Скопје - Куманово - Велес. Локалитетот е сместен на височинка односно тумба со пречник во основа од 220 m и висина 3m. Тумба претставува повеќеслојна населба со слој од 3 m кои се разграничуваат три хоризонти на живеење од времето на средниот неолит и културно и припаѓа на групата Анзабегово - Вршник. Моментално истражен е само простор од 1.400 m² во кои се откриени урнатини и основи од 7 објекти од кои 6 се живеалишта, и едно е светилиште. Во сите објекти пронајдени се остатоци од огништа и голем број предмети од материјалната култура. Како најзастапени предмети претставуваат керамичките садови со декоративни мотиви но пронајдена е и култна пластика.

Од овој археолошки локалитет потекнува и големата Мајка Божица која претставува заштитничка на плодноста. Таа е претставена како матрона на храмот, заштитничка на домот и семејството, мајка хранителка.

Претставена е во керамички модел во вид на куќа оформена во вид на женска фигура.

Друга неолитска населба се наоѓала во близина на с. Брњарци. И оваа населба е заведена како тумба со истите карактеристики како тумба Маџари, на 1 km од селото.

Во близина на клучката кај Хиподором се наоѓа археолошки локалитет со некропола од доцнобронзеното време која постоела како населба во средниот век каде се откриени 11 гробови - урни но и остатоци од средновековна населба.

Помеѓу селата Стајковци и Сингелиќ сместена е неолитската населба Тумба - Круша, која потекнува од римско и неолитско време каде се откриени фрагменти од керамички садови, камени орудија и фрагменти од римска керамика.

Во близина на с. Булачани се наоѓа локалитетот Кула каде е сместен објект во кој имало организирано живеење кој бил напрвен од ѕидови од камен и варов малтер. Објектот потекнува од 6-7 век пред нашата ера имал функција на руднички кастел.

Археолошките локалитети, нивната локација и периодот од кој потекнуваат е прикажан на следната табела.

**Табела 14** Археолошки локалитети во Општина Гази Баба[18]

| **Локација** | ***Археолошки локалитет*** | **Вид на локалитет** | **Период** |
|---|---|---|---|
| ***с. Брњарци*** | **Ирма,** југоисточно од селото | Населба | Римско време |
| ***Љатина,*** 2 km јужно од селото | | Некропола | Римско време |
| ***Тумба,*** 1 km јужно од селото | | Населба | Неолитско време |
| ***с. Булачани*** | ***Кула*** | Утврдување - рефугиум | Доцноантичко време |
| ***Камник*** | ***/*** | Некропола | Римско време |
| ***Маџари*** | **Ограда** | Населба | Римско време |
| **Тумба** | | Населба | Неолитско време |
| ***Раштак*** | **Чифлик** | Населба | Доцноантичко време |
| ***Рокомија*** | ***/*** | Наод | Римско време |
| ***с. Стајковци*** | **Тумба - Круша** | Населба | Неолитско и римско време |
| ***Хиподром*** | **Клучка - Хиподром** | Некропола и населба | Доцно бронзено време и средниот век |
| ***с. Црешево*** | **Крши Дол** | Некропола и осамен наод | Римско време |
| **Смилковци** | | Населба | Римско време |

- ***Плански опфат и негово опкружување***

Во Условите за планирање на просторот не се евидентирани заштитени подрачја од овој вид во КО Старо Скопје.

---

18 Извор: ЛЕАП на Општина Гази Баба 2020-2026




**Слика 38** Културно наследство во Република Македонија

## 4.12 Материјални добра

### 4.12.1 Сообраќајна инфраструктура

Комуникациската мрежа на Република С. Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Републиката, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за екстерното поврзување на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за интерното поврзување во државата односно планирање и развој на патната мрежа на Државата се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со „Е” ознака на патиштата, на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој.

Мрежата на патишта „Е” ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: Е-65, Е-75, Е-850, Е-871.

Железничката мрежа на Републиката, во планскиот период, треба да ја сочинуваат: магистрални железнички линии од меѓународен карактер, регионални линии и локални линии.

Магистрални железнички линии од меѓународен карактер:

- СР - Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР.............213,5 km
- СР - Блаце-Скопје............................................31,7 km
- СР - Кременица-Битола-Велес.......................145,6 km
- БГ - Крива Паланка-Куманово.........................84,7 km
- АЛ - Струга-Кичево-Скопје............................143,0 km

Покрај постојните врски Табановце и Блаце на север, односно Гевгелија и Кременица на југ, ќе се изврши и соодветно поврзување на исток кон Република Бугарија, односно на запад кон Република Албанија, со што ќе се овозможи целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи на соседните држави.

***Плански опфат и негово опкружување:*** Според Просторниот план на Република Македонија, автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- М-3 (Крстосница Петровец-клучка Хиподром-Скопје-Момин поток-гр. со Р. Србија-Блаце);
- М-4 (АЛ-Ќафа Сан-Струга-Кичево-Скопје-Миладиновци-М-1);
- Врз основа на „Одлуката за категоризација на државните патишта" овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:
- А2 (Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка - Страцин - Романовце Куманово - Миладиновце обиколница Скопје - Тетово - Гостивар - Кичево - Требениште - Струга - граница со Албанија - ГП Ќафасан);
- А4 (Граница со Косово-ГП Блаце-крстосница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец-Миладиновци-Свети Николе-Штип-Радовиш-Струмица-гр. со Бугарија-ГП Ново Село);

Во идната патна мрежа на Републиката, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Републиката ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

- север-југ: М-1 (Србија-Куманово-Велес-Гевгелија-Грција),
- исток-запад: М-2 и М-4 (Бугарија-Крива Паланка-Куманово-Скопје-Тетово-Струга-Албанија и крак Скопје - Србија),
- исток-запад: М-5 (Бугарија - Делчево - Кочани-Штип-Велес -Прилеп-Битола-Ресен-Охрид-Требеништа - М4 (крак Битола -граница со Грција).

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат регионалните патишта, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Републиката.

Релевантните регионални патни правци за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегуваат во групата на регионални патишта „Р1" и се со ознака:

- Р1104 - Скопје-врска со А2-обиколница Скопје-Арачиново-Куманово-врска со А1-граница со Р. Србија-ГП Сопот;
- Р1102 - Скопје-Врска со А2-обиколница Скопје-Катланово-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-врска со А1.

Во близна на опфатот нема железничка инфраструктура.




**Слика 39** Систем на населби и сообраќајна мрежа

### 4.12.2 Управување со отпад

Во Општина Гази Баба се генерираат различни фракции отпад, односно: комунален отпад, земјоделски и биоразградлив отпад, индустриски отпад, инертен, медицински, ветеринарен, електричен и електронски отпад, отпад од батерии и акумулатори и други видови на отпад.

Управувањето со отпадот во општината претставува област која е од исклучително значење во ланецот на обезбедување на здрава животна средина која може да се постигне преку сеопфатен пристап од страна на надлежните органи на национално и локално ниво, како и индустриските капацитети кои функционираат на територија на општина Гази Баба.

Како чинители кои учествуваат во генерирањето на отпадот на ниво на општина се: домаќинствата, земјоделските активности, индустријата и здравствените установи. По типови на отпад кој се генерира застапени се следните отпади: комунален отпад, инертен отпад, отпад од земјоделски активности, отпад од пакување, посебни видови на отпад, индустриски опасен/индустриски неопасен отпад и медицински отпад.

Несоодветното управување со отпадот во сите сегменти (при собирање, транспортирање, третман и одлагање) може да предизвика директно негативно влијание врз загадувањето на почвата, површинските и подземните води, кои

индиректно можат да влијаат и врз нарушување на здравјето на населението во Општина Гази Баба.

Информациите кои се содржани во поглавјето се резултат на анализа на податоци доставени од ЈП „Комунална хигиена" и општинската администрација одговорна за управување со отпад.

Начин на управување со отпадот

Собирањето и транспортот на отпадот на подрачјето на Град Скопје го спроведува ЈП „Комунална хигиена“ од 71 блок каде се поставени контејнери од 1,1 $m^3$, 5 $^{m3}$ и 7 $m^3$, како и пластични канти од 120 l кои се поставени во домаќинства во урбани средини и пластични канти и импровизирани садови во руралните средини.



**Слика 40** Поставени садови за комунален отпад во урбан дел на општината

Транспортот на отпадот компанијата го врши со специјални возила и се истовара во подвижни претоварни станици од каде се носи до депонијата Дрисла. ЈП „Комунална хигиена“, празнењето односно подигањето на комуналниот отпад од поставените контејнери го врши 6 пати во неделата во 3 смени во текот на денот, додека од пластичните канти 2 пати неделно. Комуналниот отпад од руралните населени места се подига еднаш неделно согласно утврдена динамика на претпријатието.

**Постапување со отпад во урбаниот дел на Општина Гази Баба**

Собирањето на отпад во урбаниот дел од територијата на Општина Гази Баба се врши од 8 блокови од кои во три блока има контејнери од 1.100 литри и пет блока со пластични канти од 120 литри. Отпадот од контејнери од 1.100 l се собира шест пати неделно со возила со капацитет од 20 $m^3$. Распределбата на контејнери од 1.100 l по блокови во Општина Гази Баба е прикажана во следната табела.

**Табела 15** Број на контејнери од 1100 l и нивна распределба по блокови[19]

| **БЛОК** | **БРОЈ НА КОНТЕЈНЕРИ** |
|---|---|
| Железара | 175 |
| Маџари/Ќерамидница | 170 |
| Ченто | 171 |
| **ВКУПНО** | **516** |

Пластични канти од 120 l и нивната распределба по блокови е прикажана во следната табела.

[19] Извор: ЈП „Комунална хигиена"

**Табела 16** Број на пластични канти од 120 l и нивна распределба по блокови[20]

| **БЛОК** | **БРОЈ НА ПЛАСТИЧНИ КАНТИ ОД 120 L** |
|---|---|
| Ченто 1 | 1.820 |
| Ченто 2 | 1.818 |
| Железара/Ќерамидница | 1.682 |
| Маџари/Камник | 1.605 |
| **ВКУПНО** | **6.925** |

Отпадот од пластичните канти од 120 l во урбаниот дел на општината се собира два пати неделно во возила со капацитет од 8 $m^3$.

На јавните сообраќајници во општина Гази Баба се поставени 71 корпи за отпадоци кои се празнат 6 пати неделно.

Во општина Гази Баба лоцирани се и 6 микро локации со подземни контејнери за одлагање на комунален отпад.

**Постапување со отпад во руралниот дел на Општина Гази Баба**

Комуналниот отпад од руралните населени места на територијата на Општина Гази Баба се собира од дваесет блока во населените места: Трубарево, Јурумлери, Идризово, Маџари, Економија, Сингелиќ, Ергеле, Гоце Делчев, Дрма, Стајковци, Страчинци, Смилковци, Црешево, Нова Колонија Булачани, Раштак, Виниче, Брњарци, Инџиково.

Динамиката на собирање и транспортирање на комуналниот отпад од руралниот дел е еднаш седмично со возила на ЈП „Комунална Хигиена”.

**Постапување со инертен отпад (градежен шут) во Општина Гази Баба**

Инертниот отпад (градежен шут) се собира со најава на физичко или правно лице до ЈП „Комунална хигиена“ која носи сад за отпад во зависност од потребите на субјектите и истиот се транспортира до депонијата Дрисла. Оваа услуга се наплаќа во зависност од габаритот на нарачаниот сад, меѓутоа заради избегнување на овие трошоци граѓаните градежниот шут го оставаат на јавни површини правејќи диви депонии (ѓубришта).

**Видови отпад во Општина Гази Баба**

Во урбаниот и руралниот дел на Општина Гази Баба се создаваат сите видови на отпад: комунален отпад, инертен отпад (градежен шут), биоразградлив отпад, отпад од пакување, медицински отпад, посебни видови на отпад, додека од индустријата се создава индустриски опасен и неопасен отпад.

***Комунален отпад и други видови неопасен отпад***

Комуналниот отпад ги опфаќа отпадот од домаќинствата, комерцијалните субјекти, институциите, парковите, како и отпадот од одржувањето на јавните површини.

Во РСМ за 2018, 2019 и 2020 година вкупните количини на генериран комунален отпад изнесувале: 854.865; 915.943; 913.033 од кои собрани се само 625.386 односно 73,1 % за 2018, 632.484 односно 69 % за 2019 и 630.086 односно 69 % за 2020 година.

[20] Извор: ЈП „Комунална хигиена"

Податоците од ЈП „Комунална хигиена“ укажуваат дека на територијата на Град Скопје количините на комунален отпад низ текот на годините се зголемува. и тоа за 2019 година изнесува 14.645 t додека за 2020 година бележи раст и изнесува 16.138 t што претставува тренд на зголемување за 15,01 %.

**Табела 17** Количина на комунален отпад во Град Скопје за 2018, 2019 и 2020 година[21]

| **Година** | **Количина на собран комунален отпад во Град Скопје (t/год.)** |
|---|---|
| 2018 | 152.645 |
| 2019 | 158.475 |
| 2020 | 153.763 |

Составот на комуналниот отпад и различните фракции во комуналниот отпад кој се создава во градот Скопје е прикажан во следната табела.

**Табела 18** Количество и проценет состав на комунален отпад во Град Скопје[22]

| **Шифра (Листа на отпади)** | **Вид на отпад** | **Количество (t/год.)** | **Застапеност (%)** |
|---|---|---|---|
| 20 01 / 20 02 | Биоразградлив отпад | 42.357 | 26,0 |
| 20 01 38 | Дрво | 4.399 | 2,7 |
| 20 01 01 | Хартија и картон | 19.386 | 11,9 |
| 20 01 39 | Пластика | 15.639 | 9,6 |

Собраното количество на отпад од територија на Општина Гази Баба го прати трендот на Град Скопје во зголемување на вкупните количини за периодот 2018 - 2020 година.

Поединечните годишни количини на генериран отпад во општина Гази Баба се прикажани во следната табела.

**Табела 19** Подигнат комунален отпад во Општина Гази Баба по години[23]

| **Година** | **Количина на собран комунален отпад од домаќинства (t/год.)** | **Количина на собран комунален отпад од правни лица (t/год.)** | **Вкупна количина на собран комунален отпад (t/год.)** |
|---|---|---|---|
| 2018 | 15.393 | 6.407 | 21.800 |
| 2019 | 15.504 | 6.407 | 21.911 |
| 2020 | 17.799 | 4.187 | 21.986 |

Учеството на отпадот од домаќинствата и од правните лица во вкупните количини по години се прикажани на следните графикони.

[21] Извор: https://khigiena.com.mk/stored/document/izvestaj%20za%20rabotenjeto%20na%20jpkhs%20za%202020.pdf
[22] Извор: ЛЕАП за Град Скопје (2020-2026 година)
[23] Извор: Извештај на ЈП Комунална Хигиена за 2020 година




**Слика 41** Процентуално учество на отпадот од домаќинства и од правни лица во вкупно создадени количини на комунален отпад во општина Гази Баба за 2018 и 2019година




**Слика 42** Процентуално учество на отпадот од домаќинства и од правни лица во вкупно создадени количини на комунален отпад во општина Гази Баба за 2020 година

Комуналниот отпад собран на територија на Општина Гази Баба по својот состав се разликува од содржината на отпадот во Град Скопје, пред се поради големите количини на создаден индустриски отпад од индустриските капацитети кои во најголем дел се лоцирани на територија на општина Гази Баба. Освен индустрискиот отпад, во општината се создаваат и значителни количини на биоразградлив отпад.

Просекот од создаден комунален отпад од Општина Гази Баба за последните 3 години (2018, 2019 и 2020 година),претставува 14,14 % од вкупно создадениот отпад во Град Скопје за последните 3 години, што е резултат на големата површина на општината и густо населената територија.




**Слика 43** Учество на комуналниот отпад од Гази Баба во вкупното количество за Град Скопје

Генерираниот отпад на годишно ниво во Општина Гази Баба по жител изнесува 330 kg што е под републичкиот просек 452 kg.

### 4.12.3 Комунална инфраструктура (водоснабдување, управување со отпадни води, наводнување)

Потребите за вода на град Скопје се обезбедуваат скоро во целост од изворот „Рашче“ (две каптажи со средно годишен капацитет од 4,15 $m^3/s$), а за дополнително водоснабдување на градот, се користат бунарите „Нерези - Лепенец “. Двете изворишта располагаат со голема количина на квалитетна вода. Местоположбата на секое од населените места го одредува начинот на водоснабдување: градски водоводен систем (урбани средини) и локални водоводи во руралните средини (бунари, каптирани извори, пумпи).

Во последните 10 години, испорачана вода од изворот Рашче, претставува 98,8 % во однос на вкупно испорачаната вода. Од неа, во градскиот цевковод се испорачани 70,25 % од вкупната испорачана количина на вода. Бунарите „Нерези-Лепенец“ не се секогаш активни, а во водоснабдувањето на градот Скопје учествуваат до 6% во 2017 година. Иако се вклучуваат само по потреба, нивната функција е од исклучително значење за водоснабдителниот систем на град Скопје.

Индустријата е голем потрошувач на вода во Скопската Котлина. Дел од индустријата се снабдува со вода од градскиот систем на водоснабдување, додека останатиот дел користи подземни води преку локални бунари. Според достапните податоци од годишни извештаи на ЈП Водовод и канализација, околу 20 % од вкупното производство на вода од градскиот систем за водоснабдување е дистрибуирано за индустријата. Голем дел од индустријата, посебно во индустрискиот дел на градот, користи подземни води. Многу бунари се ископани со капацитет од 60 l/s во урбаниот дел до 225 l/s во пониските (околните) делови на котлината.

Голем притисок за питката вода од изворот Рашче е „РЖ Услуги АД Скопје“. Компаниите од комплексот Рудници и Железарница на годишно ниво трошат големо количество вода за техничко-технолошкиот процес.

Водата за санитарни потреби скоро подеднакво се користи кај производните и непроизводните деловни субјекти, додека водата за технолошки потреби кај производните субјекти учествува со 99,83 %.

Во Општина Гази Баба населението со вода за пиење се снабдува од изворот Рашче, бунарите Лепенец и Нерези, регионалниот водовод во село Јурумлери и од сопствени извори. Во руралниот дел од општината населението користи вода од сопствени бунари, извори и зафати. Урбаниот дел и дел од руралните места: Синѓелиќ, Стајковци, Трубарево и Инџиково се снабдува од регионалниот систем за водоснабдување на Град Скопје, што претставува покриеност од 85 %. Бунарите во пределот меѓу село Јурумлери и реката Вардар претставуваат извор на вода од каде се снабдуваат жителите на населените места Гоце Делчев, Јурумлери и Идризово. Локални водоводи со сопствени каптажи има кај населените места Виниче, Раштак, Булачани, Страчинци и Брњарци. За водоснабдување се користат 38 резервоари за вода и 27 пумпни станици. Резервоарот во Гази Баба е со 2 комори со капацитет 2.100 $m^3$ секоја од нив, а пумпната станица е со инсталиран капацитет од 600 l/s.

Во Општина Гази Баба инсталираниот капацитет на препумпните станици изнесува 560 l/s, додека експлоатираниот капацитет изнесува 360 l/s.

ЈП "Водовод и канализација" е претпријатие кое управува со градската водоводна мрежа, која според материјалот е изградена од цевки: Дуктилни, ПОЦ, САЛОНИТ, ПЦ, ПВЦ, ТОТРА ЦРЕВО, Л, Ж, ЛЖ, ЛЗЦ, ПОЛИЕТИЛЕН, АЦ, АЦ С и со профил од Ø 25 до Ø 700.

Нема евиденција на потрошена вода по населени места, карактер на корисници, потрошувачка на вода за индустрија. Проблем се новите градби кои ја зголемуваат потребата и злоупотребите на водата од јавниот водоснабдителен систем.

Секторот Водовод при ЈП „Водовод и канализација” своите услуги во Реон Гази Баба ги обезбедува преку (пунктовите Маџари Индустрија).

Загубата на вода по основ на комунална потрошувачка, комерцијална загуба и останата загуба на ЈП „Водовод и канализација“ изнесува 30,40 %.

***<u>ЈКП „Гази Баба 2007”</u>***

ЈКП „Гази Баба 2007” од Општина Гази Баба е надлежно за водоснабдување на жителите на руралните населени места. ЈКП „Гази Баба 2007” е комунално претпријатие формирано од Општина Гази Баба во 2007 година за вршење на дејности од комунална област, меѓу кои е и снабдување со вода за пиење, изведување, одржување и реконструкција на водоводната мрежа во руралните населени места: село Смилковци, село Црешево, село Булачани, село Виниче, Раштак, Брњарци и Страчинци.

Корисници на услуги за водоснабдување добиваат вкупно 2.786 домаќинства, во следните населени места: Булачани - 410 домаќинства, Јурумлери - 859 домаќинства, Раштак - 300 домаќинства, Црешево - 362 домаќинства, Колонија Идризово - 238 домаќинства, Гоце Делчев - 260 домаќинства, Смилковци - 105 домаќинства, Виниче - 149 домаќинства, Дрма - 112 домаќинства.

Комерцијални услуги за водоснабдување има во населените места: Јурумлери - 29 корисници, Колонија Идризово - 11, Гоце Делчев - 5. Вкупно 45 комерцијални услуги.

Во руралниот дел на општината водоснабдувањето се одвива од сопствени бунари, пумпи а во еден дел од Општината ридско-планинскиот постојат водоснабдителни системи изградени од само придонес на граѓаните и донации од Општината и Град Скопје.

Покриеноста со водоводна мрежа за водоснабдување на населението изнесува 7%. Водата се снабдува од 4 извори и 8 резервоари.

*Водоснабдителниот систем во н. м. Виниче* кој се снабдува од изворот во м. в. Врело е надграден со 2 ново изградени резервоари со зафатнина од 100 $m^3$ и обезбедува вода за пиење за вкупно 127 домаќинства. Водата во населеното место доаѓа по природен пат и е изложена на различни надворешни атмосферски влијанија, поради што ЈКП Гази Баба 2007 - 2007 планира изработка на проектна документација за филтер станица пред резервоарите.

*Водоснабдителниот систем во н. м. Црешево* се снабдува со вода од изворот Рашче. Водата до резервоарот во н. м. Црешево се препумпува преку пумпна станица со две пумпи во кругот на АД РЖ - Услуги. Должината на примарната мрежа изнесува 6.725 m, додека секундарната мрежа е со должина од 11.700 m. Недостаток на системот е слабиот квалитет на цевководот поради кој може да дојде до пукање на истиот од движењето на возила. Планирана е изградба на уште еден резервоар за Црешево за да се реши проблемот со недостаток на вода во летниот период.

*Водоснабдителниот систем во н. м. Смилковци* се снабдува со вода од изворот Рашче. Водата до резервоарот во н. м. Смилковци се препумпува преку пумпна станица во кругот на АД РЖ - Услуги. Недостаток на системот е слабиот квалитет на цевководот поради кој може да дојде до пукање на истиот од движењето на возила. Во текот на 2020 реализирани се неколку приклучоци на нови корисници на вода за пиење.

*Водоснабдителниот систем во н. м. Раштак* се снабдува со вода од три одделни извори и се состои од: цевководи; еден резервоар со зафатнина од 120 $m^3$ и пречистителна станица која работела во период од 2010-2015. Планирано е замена на ПСОВ со нова филтер станица. Општина Гази Баба има инвестирано во проект за реновирање на зафатот на вода од локалната река но и доизградба на водоводна мрежа. Недостаток на водоводниот систем во н. м. Раштак е застарената секундарна водоводна мрежа и затоа во тек е изградба на нова секундарна мрежа во долната зона.

Повеќе деценискиот проблем на населеното место Булачани е решен со изградба на примарна и секундарна водоводна мрежа, со поставени водомери. Новиот водоводен систем се снабдува од два резервоари, а со системот управува ЈКП Гази Баба 2007 - 2007.

*Водоснабдувањето во Булачани* се одвива преку два одвоени водоснабдителни системи. Со ставање во функција на водоснабдителниот систем значително се подобри состојбата на водоснабдување на населението со вода за пиење, особено во летниот период. Водата се зафаќа од изворите: Белавода, Ќумче, Човек, Голема Чешма и Дилидере. На водоводната мрежа приклучени се 235 корисници. Планирано е пуштање на нова линија во н. м Булачани и нова филтер станица. ЈКП „Гази Баба 2007 " има поставено контролен водомер на излезот од резервоарите каде се утврдува дека испорачуваат 7.000 $m^3$ а за наплата имаат околу 4.000 $m^3$. Поради ова се планира да се направат шахти со контролни водомери кои ќе бидат поставени на сите краци на водоводниот систем се до цел да се утврди каде се губи водата.

Водата во *водоснабдителниот систем на н. м. Страчинци* се обезбедува од извори од блиската планина, од местото викано Брест. Од резервоарот по природен пат се доведува до потрошувачите. Недостаток на овој водоводен систем е старата секундарна водоводна мрежа. Во тека е изградба на нова водоводна мрежа.

*Водоснабдителниот систем на н. м Брњарци* се состои од изворот во подножјето на населеното место, од каде водата со пумпи се испумпува до резервоарот. Од резервоарот по природен пат се доведува до потрошувачите.

Трубарево се снабдува со вода за пиење од регионалниот водоснабдителен систем на градот Скопје.

Јурумлери се снабдува со вода за пиење од систем со кој управува ЈКП Илинден.

Во ЈКП „Гази Баба 2007" има 23 вработени, процентот на наплата изнесува 74 %, потрошувачката на вода за пиење е 319 l/ден по жител, а загубите на вода во водоснабдителниот систем изнесуваат 64 %.

Должината на водоводната мрежа која ја одржува ЈКП Гази Баба 2007 изнесува 43.000 m со профил на цевките од Ø 63 mm до Ø 125.

Во 2020 година, вкупните влезни количини во водоснабдителниот системи на ЈКП Гази Баба 2007 изнесуваат 392.209 $m^3$ од кои 194.844 $m^3$ се од сопствено производство и 197.365 $m^3$ набавена сурова вода.

Испорачаната количина вода од страна на ЈКП Гази Баба 2007, за сите категории на потрошувачи во 2020 година изнесува 137.436 $m^3$.

Канализационата мрежа во урбаните делови од Град Скопје е со 90 % покриеност, а во руралните средини има различна процентуална застапеност бидејќи жителите најчесто користат септички јами или вршат директно испуштање на отпадните води. Должината на канализационата мрежа во Град Скопје 2020 изнесува 1.088 km од кои 770 km е канализациона мрежа, а 318 km е систем за атмосферски води.

Должината на канализационата мрежа во Општина Гази Баба изнесува 689 km, со 75 % покриеност на урбаниот дел од општината, испуштањето на отпадните води се врши на 4 места. Во рамките на ЈП „Водовод и канализација", секторот Канализација, реонот на општина Гази Баба го покрива преку 2 пункта.

Во населеното место Јурумлери е изградена првата пречистителна станица за вакуум канализација. Поради местоположбата на населеното место и високите подземните води, за целосно решавање на канализационата мрежа се пристапи кон избор на вакуум систем. Пречистителната станица е опремена со систем за секундарна филтрација и дополнително за прв пат се употребува терциерна филтрација преку песочни самомијачки филтри. Крајниот резултат од оваа пречистителна станица се очекува да биде пречистена вода од втора категорија, односно техничка вода. Досега во првата фаза од проектот се изградени 3.100 m примарна мрежа и поставени се 68 примарни шахти. Во втората фаза е предвидена изградба на нова пречистителна станица кај река Вардар и примарна мрежа во Дунак маало, додека во трета фаза преостанатиот дел од Јурумлери.

Должината на канализационата мрежа за атмосферски води изнесува 269 km, со 30 % покриеност на урбаниот дел од општината, испуштањето на атмосферските води се врши на 3 места.

Фекалните испусти река Вардар се мерни места за мониторинг на отпадните води. Отпадните води варираат по својот квалитет во зависност од нивното потекло и зоната која ја опфаќаат.

***Плански опфат и негово опкружување:*** Во рамките на планскиот опфат и неговото опкружување нема водоводна и канализациона мрежа, потврдено со допис од ЈП „Водовод и канализација - Скопје" со бр. 1302-4360 од 20.12.2025, во границите на планскиот опфат не се наоѓаат земјени одводни канали.

### 4.12.4 Енергетска и телекомуникациска мрежа

Снабдувањето со електрична енергија на Општина Гази Баба, се врши од електроенергетскиот систем на Република Северна Македонија. На територијата на општината не постојат други енергетски извори, што значи дека во енергетска смисла, општината се јавува како конзумно подрачје.

Во рамките на системот на АД Македонски Телекомуникации на РСМ, како национален фиксен телефонски оператор, функционира и мрежната група, со која е опфатена целата територија на општината. Фиксната телефонска мрежа во општината е најразвиена во градот Скопје, која се карактеризира со средна развиеност.

***Плански опфат и негово опкружување:*** Во Условите за планирање на просторот е наведено дека планскиот опфат нема конфликт со постојните и планираните преносни и конективни водови. Постојниот 400 kV преносен вод Скопје 1-Урошевац (косово) поминува над локацијата на која се планира поставување на Центарот за собирање на отпад. Согласно добиеното известување од Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје со бр. 10-6136/1 од 25.11.2025 (Додаток 3), во граници на опфатот постои далекувод од 400 kV што не е впишан со претходната евиденција, а сега согласно фактичката состојба, треба да бидат впишани во Изводот и Имотниот лист. Согласно добиеното известување од АД МЕПСО, Скопје со бр.10-6136/1 од 25.11.2025 (Додаток 3), предметниот плански опфат се пресекува со ЕЕ објект во сопственост на АД МЕПСО.

# 5 КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ПОДРАЧЈАТА КОИ БИ БИЛЕ ЗНАЧАЈНО ЗАСЕГНАТИ И СОСТОЈБА БЕЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНОТ

## 5.1 Состојби, трендови и закани врз медиумите и областите од животната средина

| | |
|---|---|
| **Население** | *Состојби и закани поврзани со населението во Општина Гази Баба:*<br>• Недоволно развиена инфраструктура;<br>• Непостоење на доволен број на квалификувана работна сила;<br>• Голема миграција;<br>• Слаба информираност на граѓаните за законските обврски во однос на животната средина;<br>• Неинформираност на граѓаните за надлежностите од животна средина, лоцирани во централната и локалната власт;<br>• Незаинтересираност на граѓаните. |
| **Здравје на население** | *Најчести причини за нарушување на здравјето на населението во Општина Гази Баба:*<br>• Нарушување на спиењето, вознемиреност кај населението, оштетување на слухот, кардиоваскуларни проблеми и влијание на психофизичката состојба од зголемено ниво на бучава и може да доведе до зголемување на стапките на предвремена смртност;<br>• Непостоење на пречистителна станица за отпадни води претставува директна опасност по здравјето на луѓето. Оваа вода е потенцијален предизвикувач на многубројни заразни и болести кај населението и добитокот. Исто така, користењето на ваквата вода за наводнување на земјоделските култури претставува потенцијална опасност;<br>• Недоизграденост на атмосферска и фекална канализација во руралните делови на општината и постоење на септички јами;<br>• Ниска свест кај населението за заштита на животната средина. |
| **Воздух и климатски промени** | *Состојби и закани поврзани со квалитетот на воздухот во Општина Гази Баба:*<br>• Недостиг на постојани податоци за квалитет на амбиентен воздух,<br>• Недостиг на плански документи за управување со квалитетот на воздухот,<br>• Потреба од зајакнување на капацитети за управување со животната средина во рамките на општината,<br>• Отсуство на контрола на квалитет на гасови од согорување кај возила,<br>• Недостиг од контрола на димоводните канали и горилници,<br>• Недоволно развиена јавна свест за прашања поврзани со животната средина,<br>• Недостиг на национални и локални податоци за здравствените ефекти од аерозагадувањето. |
| **Бучава** | *Состојби и закани поврзани со бучавата во Општина Гази Баба:* |

| | |
|---|---|
| | • Не доволен број места на кои се следи состојбата со бучава во животна средина;<br>• Нивото на бучава предизвикано од сообраќајот, во последните неколку години континуирано ја надминува максимално дозволената граница;<br>• Недостиг на точни и прецизни податоци за стационарните извори на бучава на територијата на општината (Катастар на создавачи на бучава во животната средина);<br>• Евидентирани вознемирувања кај граѓаните предизвикани при одвивање на градежни активности и/или производни активности во индустриските инсталации кои се во непосредна близина на објектите за домување;<br>• Не доволен капацитет на инспекциски служби за надзор на работата на сите субјектите кои вршат емисија на бучава во животната средина;<br>• Недостиг на национални и локални податоци за здравствените ефекти од бучавата. |
| **Вода** | *Состојби и закани поврзани со управувањето со водите во Општина Гази Баба:*<br>• Проблеми со водоснабдување особено во летниот период во руралните населени места (Раштак, Булачани и Брњарци);<br>• Диви приклучоци на водоводна мрежа кај населеното место с. Сингелиќ<br>• Недоизграденост на атмосферска и фекална канализација во руралните делови на општината и постоење на септички јами;<br>• Непостоење на пречистителна станица за третман на отпадните води;<br>• Користење на хлорирана вода од Рашче за технолошки процес во индустриски комплекс Железара<br>• Користење на вода за пиење за полевање на бавчи, дворови како и за јавните зелени површини, миење на улици и возила;<br>• Дефекти во градската мрежа проследени со големи загуби на вода за пиење;<br>• Испуштање на нетретирани технички - технолошки отпадни води од дел од инсталациите;<br>• Загадување на површинските и подземните води поради несоодветно одложување на отпад и/или отпадни води;<br>• Недостиг на јавна свет кај жителите, особено оние кои живеат во близина на реки/потоци поради фрлање на отпад (особено во Страчинска Дрезга (целосно затворен канал) и Брњарска Река)<br>• Недоволна искористеност на подземните води за полевање на зелените површини во Општина Гази Баба. |
| **Почва** | *Состојби и закани поврзани со управувањето со почвите во Општина Гази Баба:*<br>• Потешкотии во усогласување на класите на намена за локации кои се надвор од ГУП на Град Скопје и донесување на планска документација за истите; |

| | |
|---|---|
| | • Долга и сложена процедура за измена и дополнување на веќе постоечките урбанистички планови и урбанистичка планска документација;<br>• Нецелосна покриеност со урбанистичка планска документација за сите населени места во општината;<br>• Недоизградена патна инфраструктура во руралните средини<br>• Несоодветни сообраќајни решенија и неможност да се реши секундарната улична мрежа;<br>• Неможност од реализација на урбанистички стандарди за сите населени места на територија на Општина Гази Баба<br>• Ерозивни подрачја на 300 хектари на Скопска Црна, особено над селата Страчинци-Брњарци и фрагменти над други села како резултат на неодржливо управување со земјиште;<br>• Узурпација на поројно корито за проширување на земјоделското земјиште (Црешевска Река);<br>• Заземање на неурбанизираните површини со т.н. диви депонии (ѓубришта) во населените места;<br>• Недостаток од пешачки и велосипедски патеки и нивна узурпација од автомобили. |
| **Биолошка разновидност** | *Состојби и закани поврзани со биолошката разновидност во Општина Гази Баба:*<br>• Зголемен степен на деградирање на шумите и неконтролирана сеча на шумите особено на подрачјето на Скопска Црна Гора;<br>• Намалена проточност на водотеците/каналите на Скопска Црна Гора поради обраснатост со вегетацијата, отпад и објекти;<br>• Несоодветно користење на земјиштето и неконтролирана урбанизација;<br>• Не применување на стандарди за планирање на зеленило по глава на жител;<br>• Недоволна примена на автохтони дрвенести и грмушести видови прилагодени на локалната клима и квалитетот на воздухот при формирањето на блоковското или ниското зеленило;<br>• Недоволно промовирање и искористување на природните локалитети на територија на општината. |
| **Управување со животна средина** | *Состојби и закани поврзани со управувањето со животната средина во Општина Гази Баба:*<br>• Недостаток на човечки ресурси за спроведување на надлежностите од областа на животната средина од страна на локалната администрација;<br>• Потреба од континуирани обуки на локалната администрација за зајакнување на капацитетите на Општина Гази Баба за следење, известување и преземање на мерки за унапредување на животната средина во сите области;<br>• Недостаток на континуирани кампањи од страна на општинската администрација за подигање на јавната свест кај граѓаните за заштита на животната средина;<br>• Недостаток на континуирана комуникација и воспоставен систем на соработка меѓу општинската, градската и владината администрација |

| | |
|---|---|
| | во делот на заштита на животната средина со цел постигнување на подобри резултати и унапредување на животната средина;<br>• Недоволна соработка со НВО во областа на заштита на животната средина и енергетска ефикасност и нивно медиумско презентирање. |
| **Културно наследство** | *Состојби и закани поврзани со културното наследство во Општина Гази Баба:*<br>• Политичките услови во Републиката и во регионот;<br>• Недоволната култура на однесување (свесноста) кон еко-средината, културното наследство, потенцијалните туристички вредности и сл.);<br>• Недостигот на доволно финансиски средства за сочувување на историското и културно наследство;<br>• Нерешени имотно правни проблеми и лоша експропријација;<br>• Немање доволно финансиски средства за реализација на основните проекти. |
| **Управување со отпад** | *Состојби и закани поврзани со управувањето со отпадот во Општина Гази Баба:*<br>• Постоење на диви депонии (ѓубришта) во општината - Вардариште, Смилковско, Раштак, Камник, Јурумлери, Трубарево и Дрма (кои постојано се чистат и повторно се создаваат нови површини со одложен отпад);<br>• Исфрлање на отпадот од септички јами во отворени канали и управување на овој отпад на несоодветен начин;<br>• Недостаток на податоци за количини на посебните видови на отпад кои се создаваат на територија на Општина Гази Баба;<br>• Низок степен на примарна селекција на отпадот;<br>• Несоодветно депонирање на индустриски отпад (опасен и неопасен) во близина на местата на создавање;<br>• Несоодветен начин на управување со отпадните масла (моторни, машински, хидраулични, трансформаторски и сл.) во индустриските инсталации;<br>• Недостаток на мониторинг и известување од страна на генераторите на различни видови на отпад;<br>• Недостаток на административен обучен кадар во општината за управување и мониторинг на состојбата со отпадот во општината. |

## 5.2 Состојба во животната средина без имплементација на Планот

Врз основа на анализите во претходното поглавје може да се констатира дека без имплементација на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба, со намена Е3.1 - депонии и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под десет t/ден, за изградба на центар за собирање на отпад на дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба, односно:

- **Состојби во користењето на земјиштето**

- Нема да има промени во користењето на земјиштето, односно истото ќе се користи за земјоделски активности;

- Нема да се зафаќаат дополнителни површини на земјиште за имплементација на инфраструктурните мрежи (доколку е потребно за поврзување со електродистрибутивна мрежа).

**Состојби во животната средина**

- Нема да се подобри состојбата во управување со комуналниот отпад, односно нема да врши селекција на корисните фракции отпад;
- Нема да се намали количината на создаден комунален отпад во општина Центар и општина Гази Баба;
- Нема да се намалат транспортни активности на комуналниот отпад до депонија и генерирање на емисии во воздух;
- Ќе продолжи трендот на појава на диви/нестандардни депонии, а со тоа и узурпација на земјиште и создавање трошоци на локалните самоуправи за нивно чистење;
- Состојбите со материјалните добра ќе останат на сегашно ниво;
- Локалната самоуправа (општина Центар и општина Гази Баба) нема да се вклучи во системот на рециклирање на отпад (нема да ги исполни законските обврски), а со тоа и намалување на можноста за исполнување на националните цели за рециклирање на посебни текови на отпад;
- Нема зголемување на сообраќајот долж пристапните патишта и генерирање на емисиите во воздух и бучава;

**Социо-економска состојба**

- Намалување на можностите за вработување/ангажирање на населението во Општина Гази Баба;
- Жителите на општина Гази Баба и општина Центар нема да имаат можност бесплатно да го предадат селектираниот отпад од домаќинствата.

# 6 ОБЛАСТИ КОИ СЕ ОД ПОСЕБНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ОД АСПЕКТ НА ЗАШТИТА НА ДИВИТЕ ПТИЦИ И ХАБИТАТИТЕ

## 6.1 Заштитени подрачја

Во Република Северна Македонија, мрежата на заштитени подрачја вклучува вкупно 81 подрачје, чија вкупна површина изнесува 231.385,6 ha или 9% од целата површина на државата.

Според Законот за природа на Република Македонија, проектната локација не влегува во границите на ниту едно заштитено подрачје. Најблиско заштитено подрачје е Заштитениот предел Гази Баба, кој се наоѓа на околу 3 km во југо-источен правец.




**Слика 44** Мрежа на заштитени подрачја во Република Македонија

*1. Гол Човек, 2. Даб - с. Орашац, 3. Чам Чифлик, 4. Вевчански Извори, 5. Тумба, 6. Суви Дол, 7. Катлановско Блато, 8. Платан, с. Калиште, Струга, 9. Водно, 10. Шар Планина, 11. Осоговски Планини, 12. Кањон на Градешничка Река, 13. Манастир, Мариово, 14. Кале Бањичко, 15. Езерани, 16. Иберлиска Река, 17. Конче, 18. Превалец, 19. Дојранско Езеро, 20. Пештера Млечник, 21. Голем Козјак, 22. Плоче Литотелми, 23. Моноспитовско Блато, 24. Локви - Големо Коњаре, 2 5. Црни ореви, Демир Капија, 26. Дреначка Река, 27. Караслари, 28. Белешничка Река, 29. Јасика, Јегуновце, 30. Пештера Убавица, 31. Ручица, 32. Малешево, 33. Колешински Водопад, 34. Јасен, 35. Гарска Река, 36. Речица, 37. Калница, 38. Клисура Демир Капија, 39. Катлановски Предел, 40. Кањон на Матка, 41. Охридско Езеро, 42. Пелистер, 43. Кожле,* ***44. Заштитен предел Гази Баба,*** *45. Арборетум, 46. Орашац, 47. Гладница, 48. Стебла од платан, Стар Дојран, 49. Менкова Ливада, 50. Тиквеш, 51. Македонски даб, с. Трпејца, Охрид, 52. Слатински Извор, 53. Конопиште, 54. Див прнар, Гевгелија, 55. Маврово, 56. Галичица, 57. Преспанско Езеро, 58. Куклица Кратово, 59. Зрзе, 60. Маркови Кули, 61. Смоларски Водопад, 62. Карши Бавчи, 63. Дреновска Клисура, 64. Острово, Гази Баба, 65. Скопска тврдина, 66. Црна топола, с. Мачево, 67. Орлово Брдо, 68. Лескодол, 69. Платан – с. Мокрино, 70. Состоина од платан, с. Мокриево, Струмица*

Исто така, анализираната локација опфатена со планската документација, не влегува, ниту се наоѓа во близина на ниту едно меѓународно прифатено значајно подрачје (мрежа на Емералд подрачје, Значајни подрачја за растенија и Значајни орнитолошки локалитети), како што е прикажано на следните слики.




**Слика 45** Мрежа на Емералд подрачја




**Слика 46** Значајни растителни подрачја во Македонија




**Слика 47** Значајни орнитолошки локалитети во Македонија

Во однос на македонската национална еколошка мрежа, проектниот опфат не се наоѓа во граници на јадрови подрачја, коридори, подрачја за ревитализација, тесни грла и сл.




**Табела 20** Македонска национална еколошка мрежа

# 7 ЦЕЛИ НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ОДРЕДЕНИ НА НАЦИОНАЛНО ИЛИ МЕЃУНАРОДНО НИВО

Еден од најголемите предизвици за политиката на животната средина е постигнување на рамнотежа меѓу економската и социјалната димензија на развој, од една страна и заштита на животната средина од друга страна, кој предвидува зголемена употреба на економски инструменти во насока на заштита на животната средина.

Основните принципи за заштита на животната средина во државата се поставени со Уставот на Р.С. Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91, 1/92 (Амандман I и II); 31/98 (Амандман III); 91/01 (Амандман IV-XVIII); 84/03 (Амандман XIX); 107/05 (Амандман XX-XXX), 3/09 (Амандман XXXI), 49/11 (Амандман XXXII)) како највисок правен документ во земјата. Уставот пропишува дека еден од основните принципи на фундаменталните вредности е регулација и хуманизација на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и природата. Истовремено, една од основните слободи и човекови права е правото на чиста и здрава животна средина, но и обврска на граѓаните е да ја унапредуваат и заштитуваат животната средина, додека земјата е должна да обезбеди услови за остварување на ова загарантирано право (Член 43).

Водена од овие уставни одредби, во РС Македонија се воспоставува функционален и ефикасен национален систем за управување со животната средина, поврзан со:

- Продолжување на процесот на приближување кон политиките на ЕУ во областа на животната средина;
- Зајакнување на административните капацитети, потребни за ефикасно управување со заштита на животната средина;
- Обезбедување платформа за ефикасна имплементација и спроведување на барањата за заштита на животната средина преку зајакнување на капацитетите за ефикасно управување со животната средина на сите нивоа на управување и преку обезбедување на тесна соработка помеѓу надлежните органи на хоризонтално и вертикално ниво;
- Интеграција на политиката за заштита на животната средина во другите секторски политики;
- Поттикнување на индустријата, давателите на услуги и другите субјекти во областа на животната средина, кон поголема одговорност за заштитата на животната средина;
- Решавање на проблемите на животната средина кои се од национално значење;
- Зголемување на степенот на исполнување на обврските, кои произлегуваат од регионалните и глобалните договори во областа на животната средина;
- Зголемување на нивото на инвестиции во животната средина за постигнување на стандардите на ЕУ.

*Специфични цели за заштита на животната средина:*

- Подобрување на квалитетот на животот и здравјето и зголемување на животниот стандард;

- Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стакленички гасови;
- Заштита и подобрување на квалитетот на водата и почвата;
- Заштита и унапредување на биолошката разновидност и природното наследство;
- Заштита на карактеристиките на пределот;
- Заштита на материјалните добра;
- Заштита и унапредување на културното наследство.

Правото на чиста и здрава животна средина е предмет на значителен број правни акти, стратешки, плански и програмски документи на национално ниво, како и на меѓународните договори и политики кои Република Македонија ги има ратификувано.

Прашањата за заштита на природата, обезбедувањето чиста и здрава животна средина и целите за заштита на животната средина се дефинирани во согласност со националната и меѓународната легислатива и истите се земени предвид при изработка на Извештајот за стратегиска оцена, а опфатени се и број други стратешки, плански и програмски документи.

Една од клучните меѓународни конвенции на кои Република Македонија е потписничка е Конвенцијата за биолошка разновидност, ратификувана и објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97. Конвенцијата има три главни цели:

- Зачувување на биолошката разновидност;
- Одржливо користење на компонентите на биолошката разновидност; и
- Праведна и еднаква распределба на придобивките кои произлегуваат од користењето на генетските ресурси.

Други конвенции и протоколи, ратификувани од страна на Република Македонија за заштита на животната средина се:

- Картагенски Протокол за биосигурност кон Конвенцијата за биолошка разновидност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/05);
- Конвенција за заштита на водните живеалишта со меѓународно значење за заштита на водните птици (Рамсар) („Службен лист на СФРЈ“ бр. 9/77);
- Бонска Конвенција за заштита на миграторни видови диви животни („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/99) и Договор за заштита на лилјаците во Европа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/99 и 13/02);
- Бернска Конвенција за заштита на дивиот растителен и животински свет и природните живеалишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/97);
- Париска Конвенција за заштита на светското културно и природно наследство („Службен лист на СФРЈ“ бр. 56/74);
- Рамковна Конвенција на ОН за климатски промени (Њујорк) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/97) и Кјото Протокол кон Рамковната Конвенција на ОН за климатски промени („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/04);

- Еспо Конвенција за оцена на влијанието врз животната средина во прекуграничен контекст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/99);
- Архуска Конвенција за пристап до информации, учество на јавноста во донесување на одлуки и правна заштита за прашања од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/99);
- Конвенција на Обединетите Нации за борба против опустинувањето во земјите што се соочуваат со сериозни суши и/или опустинување, особено во Африка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/02);
- Конвенција за заштита и користење на прекугранични водотеци и меѓународни езера (Хелсинки) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 117/15);
- Виенска Конвенција за заштита на озонската обвивка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 1/1990), ратификувана од Република Македонија на 10 март, 1994 година;
- Монтреалски Протокол за супстанциите кои ја осиромашуваат озонската обвивка (Монтреал, септември, 1987 година), ратификуван од Република Македонија на 10.03.1994 година;
- Дополнување на Монтреалскиот Протокол (усвоен на вториот состанок на договорните страни одржан во Лондон, на 29 јуни, 1990 година) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/98);
- Дополнување на Монтреалскиот Протокол (усвоен на четвртиот состанок на договорните страни одржан во Копенхаген, 25 ноември, 1992 година) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/98);
- Стокхолмска Конвенција за заштита на човековото здравје и животната средина од отпорни органски соединенија, потпишана од Република Македонија на 23 мај, 2001 година и ратификувана на19 март, 1994 година;
- Комуникација од Комисијата за Европскиот Парламент, Советот, Економскиот и Социјален Комитет и Комитетот за регионите (Наше животно осигурување, наш природен капитал: ЕУ Стратегија за диверзитет до 2020 година);
- Рамковната конвенција за вредностите на културното наследство за општеството (Фаро 2005) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/11),
- Конвенцијата за заштита на архитектурното наследство на Европа (Гранада 1985);
- Конвенцијата за заштита на археолошкото наследство на Европа (Валета 1992) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/05).

## 7.1 Цели на Стратегиската оцена на животната средина

Целите на заштита на животната средина се изразени преку целите на стратегиската оцена на животната средина. Споредување на целите за животна средина со целите и активностите во планскиот документ е вообичаен метод при спроведување на СОЖС, со цел да се оцени дали развојот, односно идната имплементација на еден развоен плански документ, како што е во случајов на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба со

намена Е3.1 - депонии и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под 10 t/ден, за изградба на центар за собирање на отпад ќе биде во насока на поставените цели за животна средина (СОЖС).

Целите на стратегиската оцена на животната средина се прикажани преку статусот на: населението и здравјето на населението, биолошката разновидност, водата, почвата, воздухот, климатските промени, материјалните добра, пределот, културното наследство и интеракцијата помеѓу нив.

Во табелата, што следува, презентирани се целите на СОЖС во однос на целите дефинирани во Планот (нивната компатибилност и некомпатибилност).

Компатибилноста/некомпатибилноста на целите е разгледувана во однос на Планот (цели за намена на просторот и активности за нивно постигнување) и во однос на неговата идна имплементација во понизок ранг на плански документи или проектна документација.

**Табела 21** Поврзаност на целите на СОЖС со целите на Планот

| Теми на СОЖС | Цели на СОЖС | Специфични цели на СОЖС | *Поврзаност со насоките и целите на Планот* | *СОЖС индикатори* |
|---|---|---|---|---|
| **Население и здравје на населението** | **Унапредување на животните услови на населението** | • Подобрување и заштита на здравјето на луѓето;<br>• Подобрување на квалитетот на медиумите и областите од животната средина;<br>• Подобрување на социо-економската состојба (вработување, зголемување на приходите, демографски развој, намалување на миграцијата);<br>• Подобрување на инфраструктурата;<br>• Подобрување на квалитетот на живот на луѓето. | ***Компатибилност:***<br>• Планирање на просторот во согласност со законските прописи за урбанизација и користење на земјиштето;<br>• Развој на активности во кои ќе се применуваат принципите и стандардите за заштита на животната средина;<br>• Подобрување на условите за стимулирање и поттикнување на нови вработувања и подобрување на стандардот и квалитетот на живот на населението;<br>• Подобрување на инфраструктурата за собирање и селектирање отпад;<br>• Подобрување на квалитетот на животната средина. | • Согласности за урбанизација на просторот, изградба и оперирање на планските содржини;<br>• Стапка на евидентирани ризици по здравјето и безбедноста на населението и медиумите и областите од животната средина;<br>• Трендови на емисии во медиумите од животната средина;<br>• Број на евидентирани жалби и поплаки од засегнатите страни;<br>• Стапка на вработеност;<br>• Животен стандард, стапка на сиромаштија;<br>• Количини на собрани рециклабилни отпади;<br>• Намалување на количините создаден и транспортиран комунален отпад;<br>• Намалување на бројот на диви депонии;<br>• Степен на користење на услугите од жителите на |

| Теми на СОЖС | Цели на СОЖС | Специфични цели на СОЖС | *Поврзаност со насоките и целите на Планот* | *СОЖС индикатори* |
|---|---|---|---|---|
| | | | | општина Гази Баба и општина Центар. |
| **Воздух и климатски промени** | **Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на емисиите на стакленички гасови** | • Одржување и подобрување на квалитетот на воздухот;<br>• Ограничување на загадувањето на воздухот до нивоа кои не ги загрозуваат природните системи;<br>• Ограничување на емисиите на воздух во согласност со стандардите за квалитет на воздухот;<br>• Намалување на емисиите на стакленички гасови и зголемено искористување на обновливи извори на енергија;<br>• Намалување на причините и последиците од климатските промени. | ***<u>Компатибилност:</u>***<br>• Основање на центар за собирање отпад со примена на мерки за заштита на квалитетот на воздухот;<br>• Обезбедување на заштитно зеленило во согласност со законските прописи при урбанизација на просторот. | • Процент на изградена зелена површина;<br>• Емисии на полутанти од планските содржини се во рамките на МДК, дефинирани во националната легислатива;<br>• Степен на потрошувачка на електрична енергија од обновливи извори. |
| **Бучава и вибрации** | **Заштита на луѓето и биолошката разновидност од зголемено ниво на бучава и вибрации** | • Одржување на нивото на бучава и вибрации до нивоа кои се прифатливи за населението и биолошката разновидност. | • Употреба на квалитетни градежни материјали, со добри карактеристики, со максимална термичка и звучна изолација;<br>• Обезбедување на заштитно зеленило во согласност со законските прописи при урбанизација на просторот | • Нивото на бучава и вибрации во рамките на планскиот опфат се во согласност со законските прописи;<br>• Применети се мерки за намалување на нивото на бучава и вибрации; |

| Теми на СОЖС | Цели на СОЖС | Специфични цели на СОЖС | *Поврзаност со насоките и целите на Планот* | *СОЖС индикатори* |
|---|---|---|---|---|
| | | | | • Не се доставени поплаки за зголемено ниво на бучава и вибрации. |
| **Води** | **Заштита и унапредување на состојбата со водата** | • Достапност до доволно количество квалитетна вода;<br>• Одржливо управување и користење на водните ресурси;<br>• Заштита, зачувување и подобрување на состојбата на крајбрежното земјиште, водните екосистеми и на екосистемите зависни од вода и заштита на здравјето на луѓето;<br>• Намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни материи и супстанции во водите;<br>Зачувување на биолошката разновидност во рамките на интегрираното управување со водите. | ***Компатибилност:***<br>• Основање на центар за собирање отпад со предвидени мерки за заштита на квалитетот на почвата и подземните води;<br>• Предвидено собирање отпадни води во водонепропусна септичка јама;<br>• Обезбедување на вода за пиење и техничка вода од надворешни овластени компании;<br>• Собирање на атмосферски води во резервоар;<br>• Собирното место за отпадни батерии, акумулатори и електрична и електронска опрема е предвидено да има водонепропусна подлога и покриено со настрешница. | • Контрола на начинот на водоснабдување и потрошувачка на вода;<br>• Контрола на начинот на управување со отпадни води;<br>• Изработени планови и имплементирани мерки за управување со несреќи и хаварии.<br>• Не се врши зафаќање и користење на површински и подземни води;<br>• Степен на нарушување на квалитет на површински и подземни води;<br>• Степен на нарушување на квалитет на почва;<br>• Редовно чистење на водонепропусна септичка јама; |

| Теми на СОЖС | Цели на СОЖС | Специфични цели на СОЖС | *Поврзаност со насоките и целите на Планот* | *СОЖС индикатори* |
|---|---|---|---|---|
| **Почва** | **Заштита и унапредување на состојбата на почвата** | • Заштита на почвата од деградација и губење на нејзината плодност;<br>• Заштита на геоморфолошките вредности на почвата;<br>• Заштита на почвата од загадување;<br>• Зачувување на агробиолошката разновидност. | ***Компатибилност:***<br>• Планирање на просторот во согласност со потребите за изградба на Центар за собирање на селектирани фракции на отпад, со цел одржливо искористување и намена на земјиштето.<br>***Некомпатибилност:***<br>• Со УП се предвидува пренамена на земјоделско земјиште во градежно. | • Нема ризик по здравјето на луѓето;<br>• Нема евидентирано инцидентно истекување во почва. |
| **Биолошка разновидност и природно наследство** | **Заштита и унапредување на биолошката разновидност, природното наследство** | • Подобрување на состојбата со биолошката разновидност преку заштита на екосистемите/ живеалиштата, видовите и генетската разновидност;<br>• Подобрување на постојните деградирани живеалишта и нивна ревитализација;<br>• Намалување на притисоците и заканите врз биолошката разновидност;<br>• Воспоставување на комплексен мониторинг на биолошката разновидност (видови, живеалишта, | ***Компатибилност***:<br>• Урбанистички развој на просторот со примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина;<br>• Планскиот опфат не е дел од заштитено подрачје или подрачје предложено или препознаено за заштита, заради неговите природни вредности или присуство на значајни видови. | • Добиени дозволи и согласности за пренамена на земјиштето и негова урбанизација;<br>• Контролирани емисии во медиумите на животната средина;<br>• Не се евидентирани загуби и штети врз биолошката разновидност и пределот во опкружувањето, предизвикани од содржините во УП.. |

| Теми на СОЖС | Цели на СОЖС | Специфични цели на СОЖС | *Поврзаност со насоките и целите на Планот* | *СОЖС индикатори* |
|---|---|---|---|---|
| | | екосистеми, значајни подрачја). | | |
| **Предел и визуелни карактеристики** | **Зачувување на карактеристиките на пределот и негова заштита, особено во назначени области** | • Зачувување на природните карактеристики на пределот,<br>• Одржување на функционалните и структурни карактеристики на природните и полуприродните предели,<br>• Подобрување на квалитетот и бројот на јавно пристапни отворени простори. | ***Компатибилност:***<br>• Урбанизација на простор со плански содржини кои ќе ги променат постојните пределски карактеристики на подрачјето. | • Добиени дозволи и согласности за пренамена на земјиштето и негова урбанизација;<br>• Почитување на дозволената габаритност и висина на објектите. |
| **Материјални добра** | **Заштита на материјалните добра** | • Изградба на систем за водоснабдување, собирање на отпадните води;<br>• Одржливо управување со отпадот;<br>• Подобрување и ефикасно користење на постојната инфраструктура;<br>• Намалување на количините на генериран отпад и негово одржливо управување; | ***Компатибилност:***<br>• Планирање на просторот во согласност со постојната состојба и потребите од изградба на инфраструктура, со цел постигнување одржлив просторен урбан развој;<br>• Предвиден е начин за управување со отпадни води и водоснабдување до создавање на услови за приклучок кон инфраструктурни мрежи;<br>• Поврзување на електродистрибутивна мрежа по | • Добиени дозволи и согласности за пренамена на земјиштето и негова урбанизација;<br>• Евидентирани дефекти или конфликти со материјалните добра;<br>• Стапка на фреквенција на возила по сообраќајниците во однос на постојната состојба и сл.<br>• Поплаки од населението и правните субјекти за евентуално нарушување |

| Теми на СОЖС | Цели на СОЖС | Специфични цели на СОЖС | *Поврзаност со насоките и целите на Планот* | *СОЖС индикатори* |
|---|---|---|---|---|
| | | • Изградба, заштита и подобрување или санација на системите за водоснабдување, третман на отпадни води;<br>• Подобрување и ефикасно користење на постојната и изградба на нова транспортна инфраструктура;<br>• Подобрување и ефикасно користење на постојниот начин на снабдување со електрична енергија и изградба на нова електроенергетска инфраструктура и преносна мрежа;<br>• Поставување на инфраструктура на локации кои не располагаат со значајни природни вредности. | добивање на одобрение за приклучок;<br>• Предвиден е заштитен појас на постоечки 400 kV далекувод на АД МЕПСО;<br>• Предвидена е дислокација на 10(20) kV вод на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, односно каблирање по траси, предвидени во колскопешачката површина во ГП. | или загрозување на евидентираните материјални добра.<br>• Издадени мислења од надлежни институции со кои се потврдува дека предвидените плански содржини не се во конфликт со постојните и идните инфраструктурни мрежи и објекти;<br>• Количини на собран и предаден отпад на колективни постапувачи и други правни субјекти врз основа на склучени договори;<br>• Почитување на заштитни зони;<br>• % на дефекти или конфликти со материјалните добра. |
| **Културното наследство** | **Заштита и унапредување на културното наследство** | • Зачувување и подобрување на историските градби, археолошки наоѓалишта и други важни културни локалитети. | ***<u>Компатибилност:</u>***<br>• Во Планот се препорачува почитување на законските обврски за заштита на вредноста на културното наследство. | • Евиденција на евентуално откриени и заштитени културни добра |

# 8 АНАЛИЗА НА АЛТЕРНАТИВИ

При изработката на плански и програмски документи, со кои се планира изведување на проекти, треба да се земе предвид и анализата на алтернативи, која се прави од аспект на избор локација, најдобро решение од аспект на економска оправданост и заштита на животната средина и здравјето на луѓето.

Како појдовна основа за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба со намена Е31 - депонии и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под 10 t/ден, за изградба на центар за собирање на отпад е потребата на Инвеститорите за урбанизација на просторот за веќе наведената намена, заради што се изработени Услови за планирање на просторот.

Во процес на изработка на Физибилити студијата за Центар за собирање на отпад, предложени алтернативни локации за изградба на Центарот за собирање на отпад се:

- Локација на дел од КП 2488/3 КО Маџари;
- Локација на дел од КП 12868/20 КО Старо Скопје;
- Локација на дел од КП 11565/2 КО Старо Скопје.

Со оглед на фактот што главни предуслови за реализација на Проектот се условите на локацијата, во однос на постоење на пристапен пат, сопственост на земјиштето, ако и условите кои произлегуваат од Правилник за барањата што треба да се исполнат од страна на субјектите за добивање на дозвола за управување со отпад, формата и содржината на образецот на барањето за добивање на дозвола за управување со отпад и начинот на доставување на барањето, како и формата и содржината на образецот на дозволата за вршење на дејност за управување со отпад („Службен весник на РСМ“, бр. 105/23), од страна на Општина Гази Баба како најповолна локација за изградба на центарот за собирање на отпад беше избрана локацијата на КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба.

Затоа, од аспект на разгледувани алтернативи, во ова поглавје се разгледувани алтернативите без имплементација и со имплементација на Планот на локацијата на КП 11565/2 КО Старо Скопје, Општина Гази Баба.

**Алтернатива 1: Без имплементација на Планот на предметната локација**

Во согласност со расположливата документација и состојбата на терен, може да се констатира дека планскиот опфат се наоѓа надвор од урбано подрачје, на земјоделско земјиште. Планскиот опфат се наоѓа во близина на патна инфраструктура. Најблиските населените места се наоѓаат на оддалечениот од околу 200-300 m.

Досегашниот начин на користење на просторот на предметната локација е алтернативно разгледуван како состојба да не се прави ништо („do nothing scenario“), односно да не се имплементира Планот и локацијата и понатаму да остане со истата намена и состојба.

Поконкретно:

- **Состојби во користењето на земјиштето**

- Нема да има промени во користењето на земјиштето, односно истото ќе продолжи да се користи за земјоделски активности;

- Нема да има дислокација на електродистрибутивен вод 10(20) kV од надземен во подземен вод.

**Состојби во животната средина**

- Нема да се подобри инфраструктурата за управување со комуналниот отпад, односно нема да врши селекција на корисните фракции отпад;
- Нема да се намали количината на создаден комунален отпад во општина Центар и општина Гази Баба;
- Нема да се намалат транспортни активности на комуналниот отпад до депонија и генерирање на емисии во воздух;
- Ќе продолжи трендот на појава на диви/нестандардни депонии, а со тоа и узурпација на земјиште и создавање трошоци на локалните самоуправи за нивно чистење;
- Состојбите со материјалните добра ќе останат на сегашно ниво;
- Локалната самоуправа (општина Центар и општина Гази Баба) нема да се вклучи во системот на рециклирање на отпад (нема да ги исполни законските обврски), а со тоа и намалување на можноста за исполнување на националните цели за рециклирање на посебни текови на отпад;
- Нема зголемување на сообраќајот долж пристапните патишта до проектната локација и генерирање на емисиите на издувни гасови во амбиентниот воздух и бучава;

**Социо-економска состојба**

- Намалување на можностите за вработување/ангажирање на населението во Општина Гази Баба;
- Жителите на општина Гази Баба и општина Центар нема да имаат можност бесплатно да го предаваат селектираниот отпад;
- Приходите во општинскиот буџет од користењето на земјоделско земјиште.

**Алтернатива 2: Имплементација на Планот на предметната локација**

Имплементацијата на Планот на предметната локација ќе се разгледува од аспект животна средина и социо-економски аспект:

**Состојби во користењето на земјиштето**

- Земјоделското земјиште ќе се пренамени во градежно;
- Надземниот електродистрибутивен вод 10(20) kV ќе се дислоцира во подземен вод.

**Состојби во животната средина**

- Ќе се подобри инфраструктурата за управување со комуналниот отпад, односно селекција на корисните фракции отпад;
- Ќе се намали количината на создаден комунален отпад во општина Центар и општина Гази Баба;

- Ќе се намалат транспортни активности на комуналниот отпад до депонија Дрисла и намалување на генерирање на емисии во воздух;
- Ќе се намали појавата диви/нестандардни депонии, а узурпација на земјиште и намалување на трошоци на локалните самоуправи за нивно чистење;
- Локалната самоуправа (општина Центар и општина Гази Баба) ќе се вклучи во системот на рециклирање на отпад (ќе ги исполни законските обврски), а со тоа и зголемување на можноста за исполнување на националните цели за рециклирање на посебни текови на отпад;
- Зголемување на сообраќајот долж пристапните патишта до проектната локација и генерирање на емисиите на издувни гасови во амбиентниот воздух и бучава.

**Социо-економска состојба**

- Зголемување на можностите за вработување/ангажирање на населението во Општина Гази Баба;
- Жителите на општина Гази Баба и општина Центар ќе имаат можност бесплатно да го предаваат селектираниот отпад од домаќинствата;
- Намалување на приходите во општинскиот буџет од користењето на земјоделско земјиште.

Врз основа на разгледуваните алтернативи, алтернативата да се реализира урбанистичкиот проект е по прифатлива од алтернативата да не се реализира изградбата на собирниот центар.

***Заклучок:*** *Во ова поглавје се предочени придобивките и загубите од имплементацијата на УП, која донесувачите на одлуки треба да ги земат предвид при издавањето на согласности/мислења за понатамошно спроведување на УП.*

# 9 ВЕРОЈАТНИ ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ

Потенцијалните влијанија врз животната средина и социјалните влијанија кои може да бидат предизвикани со имплементација на планските содржини предвидени во урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба со намена Е3.1 - депонии и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под 10 t/ден, за изградба на центар за собирање на отпад, ќе потекнуваат од имплементацијата на планираните содржини во планскиот опфат кои вклучуваат изградба на Центар за собирање на неопасен отпад до 10 t/ден од Општините Центар и Гази Баба како и останати содржини во зависност од потребите на активностите за изградба и работење на Центарот за собирање на отпад се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни придобивки, односно позитивни влијанија.

Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ги зема предвид влијанијата врз сите медиуми и области на животната средина и социо-економските аспекти, но од генерален аспект.

За планираните активности во Урбанистичкиот проект, дополнително ќе се води постапка за оцена на влијанијата врз животната средина на ниво на документација од понизок ранг.

Влијанијата врз специфичните медиуми од животната средина и социо-економските аспекти ќе бидат елиминирани или ефективно намалени, доколку при имплементација на Урбанистичкиот проект од кои дополнително ќе произлезат конкретни проекти, бидат земени предвид мерките за намалување на влијанијата дефинирани во истиот и во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина како и мерките кои ќе бидат дадени на ниво на проекти и елаборатите за заштита на животната средина.

Влијанијата врз медиумите од животната средина, здравјето на населението и социјалните влијанија кои може да произлезат со имплементација на Урбанистичкиот проект, како и предлог мерките за нивно намалување се прикажани во следното поглавје.

## 9.1 Влијанија кои може да бидат предизвикани со имплементација на УП и мерки за намалување

| **СОЦИО-ЕКОНОМСКИ ВЛИЈАНИЈА** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЕКОНОМСКИ ПРИДОБИВКИ ЗА НАСЕЛЕНИЕТО** | | | | | | | | | | |
| **Опис на влијанијата** | Разгледувано од социо-економски аспект, имплементацијата на УП позитивно ќе влијае врз населението во Општината, затоа што ќе се отворат можности за мал број нови вработувања и ангажирања на локалното население. Имплементацијата на Урбанистичкиот проект позитивно ќе влијае и врз приходите во општинскиот/државниот буџет, како резултат на даноци и комунални такси од страна на корисниците на просторот. Активирањето на овој простор ќе овозможи развој на повеќе дејности непосредно поврзани со изработката и ефектуирањето на урбанистички решенија и тоа: проектирањето, градежништвото, комуналните дејности, сообраќајот, и др.<br>Позитивна страна е тоа што со изградба на собирниот центар, населението од Општините Центар и Гази Баба ќе имаат можност одредени видови на отпад, кој се создава во домаќинствата (како: гуми, пластика, стакло, метали, батерии, акумулатори, електрична и електронска опрема, пакување од пластика, пакување од стакло, пакување од дрво, пакување од метал, текстил, габаритен отпад и сл.) да го донесат и рециклираат отпадот од домаќинствата на локацијата на Центарот за собирање на отпад, без притоа да платат било каков надоместок за тоа. Проектот е во насока на подобрување на состојбата со отпадот а со тоа и квалитетот на животната средина и здравјето на луѓето. | | | | | | | | | |
| **Оцена на влијанијата** | **Вид на влијанија** | **Директни влијанија** | **Индиректни влијанија**[24] | **Кумулативни влијанија**[25] | **Синергистички влијанија**[26] | **Интензитет** | **Повратност** | **Времетраење** | **Делокруг** | **Значајност** |
| | **Позитивни** | ✓ | ✓ | **НП**[27] | **НП** | **Мал** | **НП** | **Долгорочно** | **Локално** | **Мала** |
| **Мерки за намалување на влијанијата** | Не е применливо. | | | | | | | | | |

[24] Секундарни или индиректни влијанија се оние, кои не се директен резултат од Планот и се разликуваат од директните влијанија. Примери за вакви влијанија можат да бидат: можните влијанија од Планот би ги нарушиле идните планови за развој или заштита на одредено подрачје, кое е блиску до подрачјето од интерес

[25] Кумулативни се оние влијанија, кои произлегуваат онаму каде одредени поединечни развојни активности немаат значајни влијанија, но заедно би имале значајни влијанија или онаму каде неколку индивидуални влијанија од Планот (на пр. бучава, прашина или визуелен ефект) имаат комбиниран ефект.

[26] Синергистички влијанија се оние каде интеракцијата од поедините активности, продуцираат поголем ефект отколку збирот на поединечните влијанија. Синергичните ефекти обично се случуваат кога природните живеалишта, ресурсите или човековите населби се во близина на планираните активности.

[27] Не е применливо

| СОЦИО-ЕКОНОМСКИ ВЛИЈАНИЈА | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **СОЦИО-ЕКОНОМСКИ ЗАГУБИ ЗА НАСЕЛЕНИЕТО** | | | | | | | | | | |
| **Опис на влијанијата** | Имплементацијата на УП нема да има директни социо-економски загуби за населението. При реализација на проектните содржини и нивно работење се очекува зголемената фреквенција на возила по сообраќајниците, што може да биде причина за застој, сообраќајни незгоди, оштетување на локални патишта и сл. Во случај на хаварија или несреќа може да се предизвика штета или загуба на земјоделски култури во приватна сопственост. | | | | | | | | | |
| **Оцена на влијанијата** | **Вид на влијанија** | **Директни влијанија** | **Индиректни влијанија** | **Кумулативни влијанија** | **Синергистички влијанија** | **Интензитет** | **Повратност** | **Времетраење** | **Делокруг** | **Значајност** |
| | **Негативни** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | **Мал** | **Повратни**<br>**Неповратни** | **Краткорочни**<br>**Долгорочни** | **Локални** | **Мала** |
| **Мерки за намалување на влијанијата** | За намалување на влијанијата се препорачува:<br>• Планирањето на просторот за урбанизација и имплементацијата на Планот да се врши во согласност со издадените мислења, согласности, дозволи и одобренија од институциите надлежни за урбанизација на просторот, пренамена на земјиштето, одобрението за градба, дозволите за работа и сл.;<br>• Засегнатото население преку претставници на граѓани и засегнати страни да биде активно вклучено во процесот на донесување одлуки за усвојување и имплементација на предвидените активности во Планот;<br>• Примена на компензациони мерки за евентуално одземено приватно земјиште;<br>• Во случај на предизвикана штета или загуба на земјиште или култури (при инфраструктурно поврзување, хаварии и несреќи, неконтролирани емисии и сл.), да се обезбеди соодветен финансиски надомест за предизвиканата штета;<br>• Примена на мерки за ефикасно намалување на емисиите во медиумите од животната средина, кои може да влијаат врз населението на директен и индиректен начин, мерките за заштита од несреќи и хаварии, предложени во планската документација, Извештајот за СОЖС, како и мерките кои ќе произлезат на ниво на проектна документација. | | | | | | | | | |

| ВЛИЈАНИЈА ВРЗ МЕДИУМИТЕ И ОБЛАСТИТЕ ОД ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЗДРАВЈЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО** | | | | | | | | | | |
| **Опис на влијанијата** | При реализација на проектните содржини ќе се генерираат емисии во животната средина кои доколку не се соодветно контролирани може да предизвикаат негативни влијанија (директни и индиректни) врз здравјето на населението. Исто така, можните појави на несреќи и хаварии може да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на населението.<br>Од генерален аспект изградбата на центарот за собирање на отпад е во насока на подобрување на системот за управување со комунален отпад, со што се очекува да се намали бројот на диви депонии, намалување на количини на создаден комунален отпад, кој се транспортира и депонира, продолжување на векот на депониите а со тоа и потребите од зафаќање на дополнителни земјишта и сл. Заради тоа урбанистичкиот проект е во насока на подобрување на здравјето на населението од негативните влијанија кои произлегуваат од несоодветно управување со отпад, како и користење на корисните фракции на отпад како секундарни суровини. | | | | | | | | | |
| **Оцена на влијанијата** | **Вид на влијанија** | **Директни влијанија** | **Индиректни влијанија** | **Кумулативни влијанија** | **Синергистички влијанија** | **Интензитет** | **Повратност** | **Времетраење** | **Делокруг** | **Значајност** |
| | **Позитивни/ Негативни** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | **Мал** | **Повратни** | **Краткорочни / Долгорочни** | **Локални** | **Мала** |
| **Мерки за намалување на влијанијата** | За намалување или избегнување на можните влијанија врз здравјето на населението се препорачува:<br>• Примена на сите предложени мерки за заштита на медиумите и областите од животната средина на ниво на планска и проектна документација. Имплементацијата на овие мерки ќе придонесе за намалување или елиминирање на можните негативни влијанија врз животната средина, кои може да се рефлектираат на директен или индиректен начин врз здравјето на луѓето.<br>• Особено внимание да се посвети на управувањето со емисиите во воздухот, отпадните води, бучавата, отпадот, како и мерките за заштита од несреќи и хаварии. | | | | | | | | | |

| **ВЛИЈАНИЈА ВРЗ МЕДИУМИТЕ И ОБЛАСТИТЕ ОД ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ВОЗДУХ И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ** | | | | | | | | | | |
| **Опис на влијанијата** | Имплементацијата на проектните содржини и нивното работење ќе придонесе за генерирање на емисии во воздухот, како резултат на транспортните активности (зголемена фреквенција на возила, градежни активности за ископ на земја, порамнување и сл., транспорт на суровини, работници, помошни материјали и отпад), кои може да влијаат квалитетот на амбиенталниот воздух долж сообраќајниците и опкружувањето на опфатот. Таложењето на аеро седиментите може да влијае на квалитетот на почвата, водите и сл. Како резервна опција во случај на прекин во снабдување со електрична енергија е дизел агрегат од чие работење се очекуваат емисии во воздух.<br>Заради асфалтирање на улицата во проектниот опфат ќе се генерираат мириси на испарливи органски соединенија. Не се очекуваат емисии на мирис, бидејќи во центарот за собирање отпад нема да се собира биоразградлив отпад.<br>Центарот за собирање на отпад има за цел да ги собира видовите на отпад од домаќинствата, кои може да се рециклираат со цел искористување како секундарни суровини, намалување на транспортот на комуналниот отпад до депониите и влијанието на депонирањето на отпад врз емисиите на воздух (палење на депониите, депониски гасови и сл.) со што ќе има позитивни влијанија врз квалитетот на воздухот и климатските промени. | | | | | | | | | |
| **Оцена на влијанијата** | **Вид на влијанија** | **Директни влијанија** | **Индиректни влијанија** | **Кумулативни влијанија** | **Синергистички влијанија** | **Интензитет** | **Повратност** | **Времетраење** | **Делокруг** | **Значајност** |
| | **Негативни**<br>**Позитивни** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | **Мал** | **Повратни** | **Долгорочни** | **Локални** | **Мала** |
| **Мерки за намалување на влијанијата** | Со цел да се избегне нарушување на квалитетот воздухот се препорачува:<br>• Намалување или елиминирање на употребата на фосилни горива како енергенс;<br>• Користење на обновливи извори на енергија;<br>• Центарот за собирање на отпад да работи, согласно добиеното решение по елаборатот за заштита на животната средина;<br>• Подигање и оформување на заштитни зелени појаси;<br>• Примена на мерките за заштита од несреќи и хаварии кои подетално ќе произлезат на ниво на проектна документација. | | | | | | | | | |

<table>
<tr><th colspan="11">ВЛИЈАНИЈА ВРЗ МЕДИУМИТЕ И ОБЛАСТИТЕ ОД ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО</th></tr>
<tr><td colspan="11">БУЧАВА И ВИБРАЦИИ</td></tr>
<tr><td>Опис на влијанијата</td><td colspan="10">Имплементацијата на Планот ќе придонесе за зголемување на нивото на бучава и вибрации, како резултат на транспортните активности при изведба и работење на центарот за собирање отпад, кои вклучуваат транспорт на работници, материјали, отпад и сл., како и користење на механизација за реализација на проектните содржини (поставување мобилни контејнери, асфалтирање и бетонирање, поставување натстрешница, земјени активности и сл.). Заради малиот обем на градежни работи и времетраењето на истите, активностите кои ќе се вршат во центарот за собирање отпад, како заради доволната оддалеченост на индивидуалните објекти за домување од проектната локација. Зголеменото ниво на бучава и вибрации ќе имаат влијание врз работниците и луѓето кои ќе ги обработуваат земјоделските површини во потесното опкружување.<br>Зголемената фреквенција на возила долж пристапните патишта ќе има кумулативни влијанија на бучава.</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Оцена на влијанијата</td><td>Вид на влијанија</td><td>Директни влијанија</td><td>Индиректни влијанија</td><td>Кумулативни влијанија</td><td>Синергистички влијанија</td><td>Интензитет</td><td>Повратност</td><td>Времетраење</td><td>Делокруг</td><td>Значајност</td></tr>
<tr><td>Негативни</td><td>✓</td><td>✓</td><td>✓</td><td>✓</td><td>Мал</td><td>Повратни</td><td>Краткорочни/ Долгорочни</td><td>Локални</td><td>Мала</td></tr>
<tr><td>Мерки за намалување на влијанијата</td><td colspan="10">За намалување на влијанијата од бучава и вибрации се препорачува:<ul><li>Почитување на граничните вредности за дозволените нивоа на генерирана бучава за подрачје од III степен за заштита од бучава;</li><li>Изведбата на градежните активности да се врши во текот на денот (07:00 до 19:00 h);</li><li>Поставување заштитно зеленило;</li><li>Избор на опрема која генерира помало ниво на бучава;</li><li>Поставување на опрема која е извор на бучава во затворен простор;</li><li>Редовно сервисирање на опремата и механизацијата.</li></ul></td></tr>
</table>

| ВЛИЈАНИЈА ВРЗ МЕДИУМИТЕ И ОБЛАСТИТЕ ОД ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ВОДИ** | | | | | | | | | | |
| **Опис на влијанијата** | Не се предвидува зафаќање на површински или подземни води.<br>Во проектниот опфат е предвидено за водоснабдување да се врши од надворешна компанија и нејзино складирање во резервоар, што ќе се постави во рамките на опфатот. На локацијата ќе биде поставена и водонепропусна септичка јама во која ќе се собираат создадените санитарни (фекални) води и исто така ќе се постави и јама за собирање на атмосферските води и истите подоцна ќе се користат за наводнување на зелената површина во Центарот за собирање на отпад.<br>Влијанија врз квалитетот на водите е можен во случај на несоодветно управување со генерираните отпадни води, несоодветно ракување со хемикалии, отпад, инциденти истекувања од механизација и опремата.<br>Собирањето на отпадните батерии и акумулатори и електрична и електронска опрема ќе се врши во собирни садови поставени на локација која ќе биде покриена и обезбедена со водонепропусна подлога.<br>Центарот за собирање отпад ќе има позитивни влијанија врз квалитетот на водите заради создавање услови за собирање на селектирани фракции отпад, со што се очекува да се намалат локациите на кои отпадот се фрла незаконски односно диви/нестандардни депонии, количините на отпад кој завршува на депонија и сл. | | | | | | | | | |
| **Оцена на влијанијата** | **Вид на влијанија** | **Директни влијанија** | **Индиректни влијанија** | **Кумулативни влијанија** | **Синергистички влијанија** | **Интензитет** | **Повратност** | **Времетраење** | **Делокруг** | **Значајност** |
| | **Негативни Позитивни** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | **Мал** | **Повратни/ Неповратни** | **Краткорочно/ Долгорочно** | **Локални** | **Мала** |
| **Мерки за намалување на влијанијата** | За намалување на влијанијата врз водите се препорачува:<br>• Снабдување со вода за пиење и техничка вода да се врши од овластена компанија;<br>• Соодветно димензионирање на септичката јама и нејзината изградба да се базира на законските прописи и добри градежни пракси со кои ќе обезбеди водонепропустливост;<br>• Редовно празнење на септичката јама од овластена компанија;<br>• Складирањето со отпадот да биде во согласност со карактеристиките на отпадот;<br>• Редовно предавање на собраните видови отпад на колективни постапувачи и/или компании со кои Општината ќе склучи договор;<br>• Резервоарот за дизел горивото за дизел агрегатот да биде поставен во собирна танквана/сад за прифаќање на инцидентни истекувања;<br>• Примена на мерките за управување со емисиите во воздух, почва, управување со отпад и сл. како и преземање и имплементирање на сите неопходни мерки од евентуални технолошки ризици, несреќи и хаварии. | | | | | | | | | |

<table>
<tr><th colspan="11">ВЛИЈАНИЈА ВРЗ МЕДИУМИТЕ И ОБЛАСТИТЕ ОД ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО</th></tr>
<tr><th colspan="11">ПОЧВА</th></tr>
<tr><td>Опис на влијанијата</td><td colspan="10">Имплементацијата на урбанистичкиот проект ќе предизвика промени во употребата на земјиштето (од земјоделско во градежно), нарушување на физичко - хемиските карактеристики на почвата од реализација на проектните содржини.<br>Урбанизацијата на опфатот може да предизвика негативни влијанија како резултат на исталожување на емисиите од воздухот врз почвите во форма на седимент, несоодветно управување со отпадните води и отпадот, особено во случај на инциденти.<br>Нарушувања на квалитетот на почвата се можни како резултат на несоодветно управување со отпадни води, хемикалиите и создадениот отпад во фазата на имплементација на проектните содржини, како и во случај на инциденти истекувања масла, масти, нафта и сл.<br>Центарот за собирање отпад ќе има позитивни влијанија врз квалитетот на почвите заради создавање услови за собирање на селектирани фракции отпад, со што се очекува да се намалат локациите на кои отпадот се фрла незаконски односно диви/нестандардни депонии, количините на отпад кој завршува на депонија со што ќе се намалат потребите од зафаќање на дополните површини за депонирање отпад и сл.</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Оцена на влијанијата</td><td>Вид на влијанија</td><td>Директни влијанија</td><td>Индиректни влијанија</td><td>Кумулативни влијанија</td><td>Синергистички влијанија</td><td>Интензитет</td><td>Повратност</td><td>Времетраење</td><td>Делокруг</td><td>Значајност</td></tr>
<tr><td>Негативни<br>Позитивни</td><td>✓</td><td>✓</td><td>✓</td><td>✓</td><td>Мал</td><td>Повратни/ Неповратни</td><td>Долгорочни</td><td>Локални</td><td>Мала</td></tr>
<tr><td>Мерки за намалување на влијанијата</td><td colspan="10">За намалување на влијанијата врз почвите се препорачува:<br>• Планирањето на просторот за урбанизација, како и имплементацијата на Планот да се врши во согласност со препораките за заштита на земјиштето, издадените мислења, согласности, дозволи и одобренија од институциите, надлежни за урбанизација на просторот и пренамена на земјиште, одобрение за градба, дозволи за работа и сл.;<br>• Планирањето на просторот да се врши со рационално искористување на површините, односно поставувањето на објектите да се врши на локации кои ќе претрпат минимална деградација;<br>• Примена на мерките за намалување на влијанијата врз водите, воздухот, управувањето со отпад, мерките за заштита од несреќи и хаварии.</td></tr>
</table>

<table>
<tr><th colspan="11">ВЛИЈАНИЈА ВРЗ МЕДИУМИТЕ И ОБЛАСТИТЕ ОД ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО</th></tr>
<tr><th colspan="11">БИОЛОШКА РАЗНОВИДНОСТ И ПРИРОДНО НАСЛЕДСТВО</th></tr>
<tr><td>Опис на влијанијата</td><td colspan="10">Планскиот опфат не влегува во рамките на заштитено подрачје, ниту предложено или препознаено подрачје за заштита. Во рамките на планскиот опфат и околното опкружување не е евидентирано присуство на видови кои се наоѓаат на приоритетните листи за заштита, во согласност со националните и меѓународните документи за заштита и унапредување на биолошката разновидност.<br>Зголеменото ниво на бучава и вибрации може да предизвика вознемирување на живиот свет и да доведе до нивно раселување. Несоодветно управување со отпадни води, отпадот и емисиите во воздух,  како и во случај на несреќи и хаварии може да дојде со негативни влијанија врз биолошката разновидност.<br>Центарот за собирање отпад ќе има позитивни влијанија врз биолошката разновидност заради создавање услови за собирање на селектирани фракции отпад, со што се очекува да се намалат локациите на кои отпадот се фрла незаконски односно диви/нестандардни депонии, количините на отпад кој завршува на депонија со што ќе се намалат потребите од зафаќање на дополните површини за депонирање отпад и влијанијата кои произлегуваат од истите.</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Оцена на влијанијата</td><td>Вид на влијанија</td><td>Директни влијанија</td><td>Индиректни влијанија</td><td>Кумулативни влијанија</td><td>Синергистички влијанија</td><td>Интензитет</td><td>Повратност</td><td>Времетраење</td><td>Делокруг</td><td>Значајност</td></tr>
<tr><td>Негативни<br>Позитивни</td><td>✓</td><td>✓</td><td>✓</td><td>✓</td><td>Мал</td><td>Повратни</td><td>Долгорочно</td><td>Локални</td><td>Мала</td></tr>
<tr><td>Мерки за намалување на влијанијата</td><td colspan="10">За намалување на влијанијата врз биолошката разновидност се препорачува:<br>• Планирањето на просторот да се врши со рационално искористување на површините, односно поставувањето на објектите да се врши на локации кои ќе претрпат минимална деградација од аспект на присуство на биолошка разновидност;<br>• Поставување заштитно зеленило на границите на проектниот опфат;<br>• Имплементација на мерките за намалување на влијанијата врз водите, воздухот, управувањето со отпад, мерките за заштита од несреќи и хаварии, а особено мерките за намалување на влијанијата од бучава и вибрации и сл.</td></tr>
</table>

| ВЛИЈАНИЈА ВРЗ МЕДИУМИТЕ И ОБЛАСТИТЕ ОД ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПРЕДЕЛ** | | | | | | | | | | |
| **Опис на влијанијата** | Имплементацијата на Планот на предложената локација ќе предизвика промени во пределот и неговите визуелни карактеристики.<br>Пределот во поширокото опкружување е под антропогено влијание и не поседува значајни карактеристики за заштита.<br>Со изградба на инфраструктура за собирање отпад се очекува позитивно влијание врз пределот поради намалување на негативни влијанија кои произлегуваат од незаконско управување со отпадот (појава на ѓубришта, диви депонии и сл.). | | | | | | | | | |
| **Оцена на влијанијата** | **Вид на влијанија** | **Директни влијанија** | **Индиректни влијанија** | **Кумулативни влијанија** | **Синергистички влијанија** | **Интензитет** | **Повратност** | **Времетраење** | **Делокруг** | **Значајност** |
| | **Негативни**<br>**Позитивни** | ✓ | ✓ | ✓ | ✓ | **Мал** | **Неповратни**<br>**Повратни** | **Долгорочно** | **Локални** | **Мала** |
| **Мерки за намалување на влијанијата** | За намалување на влијанијата врз пределот се препорачува:<br>• Изградба на објекти со висина која се вклопува во просторот на локацијата и во однос на опкружувањето;<br>• Засадување и одржување на заштитното зеленило<br>• Оградување на локацијата со непроѕирна ограда во висина од 2 m. | | | | | | | | | |

<table>
<tr><th colspan="11">ВЛИЈАНИЈА ВРЗ МЕДИУМИТЕ И ОБЛАСТИТЕ ОД ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО</th></tr>
<tr><td colspan="11">КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО</td></tr>
<tr><td>Опис на влијанијата</td><td colspan="10">Во Условите за планирање на просторот е наведено дека во КО Старо Скопје не се евидентирани споменици. При изработка на планската документација е добиено мислење од страна на Министерството за култура, Управа за заштита на културното наследство во кое е наведено дека на локацијата нема заштитено културно наследство, ниту археолошки локалитети.</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Оцена на влијанијата</td><td>Вид на влијанија</td><td>Директни влијанија</td><td>Индиректни влијанија</td><td>Кумулативни влијанија</td><td>Синергистички влијанија</td><td>Интензитет</td><td>Повратност</td><td>Времетраење</td><td>Делокруг</td><td>Значајност</td></tr>
<tr><td>НП</td><td>НП</td><td>НП</td><td>НП</td><td>НП</td><td>НП</td><td>НП</td><td>НП</td><td>НП</td><td>НП</td></tr>
<tr><td>Мерки за намалување на влијанијата</td><td colspan="10">За намалување на влијанијата врз културното наследство се препорачува:<ul><li>Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност законските одредби од Законот за заштита на културното наследство.</li></ul></td></tr>
</table>

<table>
<tr><th colspan="11">ВЛИЈАНИЈА ВРЗ МЕДИУМИТЕ И ОБЛАСТИТЕ ОД ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО</th></tr>
<tr><th colspan="11">МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА</th></tr>
<tr><td>Опис на влијанијата</td><td colspan="10">Отпад:<br>Изградбата на центарот за собирање на отпад претставува дел од инфраструктурата за собирање на посебни текови отпад со цел нивно рециклирање. Со овој Центар се создаваат услови жителите на општина Гази Баба и општина Центар да ги донесат селектираните фракции отпад и со тоа да се намали количината на создаден, транспортиран и депониран комунален отпад, со што има позитивни влијанија.<br>Инфраструктурни мрежи и објекти:<br>Во проектниот опфат отсуствуваат инфраструктурни мрежи, освен 400kV далекувод во сопственост на АД Мепсо-Скопје, кој минува низ проектниот опфат и за кој е предвиден заштитен појас, како и надземен 10(20) kV е. е. вод во сопственост на ЕВН, за кој е предвидена негова дислокација, односно наместо надземно водот да се дислоцира подземно долж тротоарот. Приклучок на електрична енергија не е дефиниран.</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Оцена на влијанијата</td><td>Вид на влијанија</td><td>Директни влијанија</td><td>Индиректни влијанија</td><td>Кумулативни влијанија</td><td>Синергистички влијанија</td><td>Интензитет</td><td>Повратност</td><td>Времетраење</td><td>Делокруг</td><td>Значајност</td></tr>
<tr><td>Негативни<br>Позитивни</td><td>✓</td><td>✓</td><td>✓</td><td>✓</td><td>Мал</td><td>Повратни/ Неповратни</td><td>Долгорочно</td><td>Локални</td><td>Мала</td></tr>
<tr><td>Мерки за намалување на влијанијата</td><td colspan="10">За намалување на влијанијата врз материјалните добра се препорачува:<br>• Примена на законските прописи за поставување и почитување на заштитни зони на инфраструктурни објекти;<br>• Имплементација на сите предложени мерки и решенија дадени во УП, како и примена на сите мерки кои ќе потекнуваат од дополнителните документи, со што ќе се овозможи елиминирање на евентуалните несреќи и хаварии кои може да предизвикаат негативни влијанија врз материјалните добра и животната средина;<br>• Приклучокот на планскиот опфат на инфраструктурни мрежи да се прави во согласност со обезбедени одобренија за приклучување од институциите кои управуваат со истите и добиените препораки.</td></tr>
</table>

<table>
<tr><th colspan="11">ВЛИЈАНИЈА ВРЗ МЕДИУМИТЕ И ОБЛАСТИТЕ ОД ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО</th></tr>
<tr><th colspan="11">НЕСРЕЌИ И ХАВАРИИ</th></tr>
<tr><td>Опис на влијанијата</td><td colspan="10">Имплементацијата на планските содржини во предвидениот опфат може да претставува ризик за појава на несреќи и хаварии, во услови на состојби предизвикани од природни катастрофи, воени дејствија, несоодветно складирање и ракување со опасни и неопасни материи, човечка негрижа и сл. Овие состојби може да предизвикаат појава на пожар, несакани истекувања и сл., кои може да предизвикаат негативни влијанија врз медиумите од животната средина и здравјето на луѓето, а исто така да предизвикаат значителни економски загуби.</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Оцена на влијанијата</td><td>Вид на влијанија</td><td>Директни влијанија</td><td>Индиректни влијанија</td><td>Кумулативни влијанија</td><td>Синергистички влијанија</td><td>Интензитет</td><td>Повратност</td><td>Времетраење</td><td>Делокруг</td><td>Значајност</td></tr>
<tr><td>Негативни</td><td>✓</td><td>✓</td><td>✓</td><td>✓</td><td>Мал</td><td>Повратни/ Неповратни</td><td>Краткорочно/ Долгорочно</td><td>Локални</td><td>Мала</td></tr>
<tr><td>Мерки за намалување на влијанијата</td><td colspan="10">За намалување на можноста за појава на, несреќи и хаварии се препорачува:<br>• Урбанизацијата и просторниот развој да се усогласи во согласност со чувствителноста на локацијата подложна на природни непогоди, воени дејствија, технолошки несреќи, како и во согласност со дописот од Подрачно одделение за заштита и спасување Гази Баба бр. 09-172/2 од 19.03.2025 год.<br>• Примена на мерки за заштита од пожар, воени разурнувања, природни непогоди, технички несреќи, сообраќајни несреќи и сл., кои треба детално да бидат разработени на ниво на проектна документација.</td></tr>
</table>

# 10 ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ ВРЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНОТ ОД АСПЕКТ НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Стратегиската оцена на животната средина вклучува мониторинг над реализација на планскиот документ урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба со намена Е3.1 - депонии и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под 10 t/ден, за изградба на центар за собирање на отпад и сите значителни идентификувани позитивни и негативни влијанија, кои би настанале од реализација на Планот.

Планот за мониторинг дава можност за систематско набљудување над имплементацијата на планските содржини и испитување и оценување на состојбите во медиумите и областите од животната средина и социо-економските аспекти.

Планот овозможува воспоставување на интерактивна врска помеѓу сите вклучени страни и претставува основа за надлежните институции, да го контролираат процесот на спроведување на законската регулатива и да донесуваат правилни одлуки. Основните придобивки од мониторингот над имплементација на УП се:

- Потврдување дека договорените услови при одобрувањето на УП се соодветно спроведени;
- Обезбедување податоци за понатамошно следење на состојбите/трендови во животната средина;
- Обезбедување поголем увид во промените на состојбите со медиумите во животната средина на одредени локации;
- Потврдување дека влијанија се во рамките на предвидените или дозволените гранични вредности;
- Следење на состојбата во животната средина со цел навремено согледување на непредвидените влијанија од имплементацијата на УП и управување со истите;
- Потврдување дека со примена на мерките за ублажување се зголемуваат придобивките во однос на заштитата на животната средина;
- Утврдување кои активности треба да бидат преземени за редуцирање на влијанијата врз животната средина.

Со цел да се изврши мониторинг на ефективноста на УП, потребно е следење на поставените индикатори и нивниот развој, при што треба да се земат предвид и податоците за тековната состојба на животната средина.

Со следењето на состојбата на животната средина ќе се потврди оправданоста и примената на предложените мерки за ублажување и нивната функционалност, што претставува голема придобивка во однос на заштитата на животната средина.

Имплементацијата на Планот, примената на предложените мерки за ублажување на влијанија и нивната функционалност, оправданоста на целите на Планот и на стратегиската оцена на животната средина ќе се потврдат преку следење на следните индикатори:

**Табела 22** План за мониторинг

| Теми на СОЖС | Цели на СОЖС | Мониторинг | Индикатори на СОЖС | Извори на верификација |
|---|---|---|---|---|
| **Население и здравје на населението** | Унапредување на животните услови на населението | - Следење на имплементацијата на препораките и мерките издадени од надлежни институции за имплементација на Планот;<br>- Следење на имплементацијата на мерките за заштита на животната средина предложени во Планот, Извештајот за СОЖС и останатите проекти потребни за изградба на планските содржини;<br>- Следење на имплементацијата на содржините предвидени во Планот;<br>- Следење на трендовите на емисии во медиумите и областите од животната средина на локално и национално ниво;<br>- Контрола над имплементација на мерките за заштита од несреќи и хаварии;<br>- Контрола на пристигнати жалби и поплаки од засегнатите страни;<br>- Следење на демографската состојба на населението;<br>- Следење на приходите и економскиот развој на Општина Гази Баба. | - Обезбедени дозволи, одобренија и согласности за урбанизација на просторот, изградба и оперирање на објектот-Центар за собирање на отпад;<br>- Концентрациите и нивоата на емисиите во медиумите на животната средина се во согласност со пропишаните законски гранични вредности;<br>- Евидентирани ризици по здравјето и безбедноста на населението;<br>- Број на евидентирани жалби и поплаки од засегнатите страни;<br>- Евидентирани инцидентни состојби;<br>- Број на евидентирани прекршочни и кривични постапки, судски спорови во однос на загрозеност на животната средина и здравјето на населението од активностите во планскиот опфат;<br>- Стапка на прираст на населението;<br>- Стапка на вработеност;<br>- Животен стандард;<br>- Стапка на миграција. | - Министерство за транспорт и врски;<br>- Министерство за животна средина и просторно планирање;<br>- Министерство за финансии;<br>- Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство;<br>- Министерство за здравство;<br>- Министерство за труд и социјална политика;<br>- Локална самоуправа на Општина Гази Баба;<br>- Водостопанство на РС Македонија;<br>- Дирекција за заштита и спасување;<br>- Центар за управување со кризи;<br>- Јавни претпријатија и др.;<br>- Комунални претпријатија и |

| Теми на СОЖС | Цели на СОЖС | Мониторинг | Индикатори на СОЖС | Извори на верификација |
|---|---|---|---|---|
| | | | | овластени собирачи на отпад;<br>- Завод за вработување;<br>- Државен завод за статистика;<br>- Извештаи, проектни/плански документи, дозволи, одобренија, мислења и сл. |
| **Воздух и климатски промени** | Подобрување на квалитетот на воздухот и намалување на стакленичките гасови | - Следење на имплементацијата на мерките за заштита на амбиентниот воздух дадени во Планот, Извештајот за СОЖС и останатите проекти;<br>- Следење на квалитетот на амбиентниот воздух и емисиите од емитерите. | - Евидентиран третман на емисии од емитерите во согласност со условите дефинирани во Елаборатот за заштита на животната средина;<br>- Концентрациите на емисии се во рамките на МДК;<br>- Стапка на употреба на обновливи извори на енергија;<br>- Не се евидентирани несреќи и хаварии. | - Локална самоуправа на општина Гази Баба;<br>- Министерство за животна средина и просторно планирање;<br>- Дирекција за заштита и спасување. |
| **Води и почва** | Заштита и унапредување на состојбата со водите и почвата | - Следење на имплементацијата на препораките и мерките издадени од надлежни институции за имплементација на Планот;<br>- Контрола на начинот на водоснабдување и потрошувачка на вода, како и начинот на управување со отпадни води; | - Обезбедени дозволи, одобренија и согласности за урбанизација на просторот, изградба и оперирање на објектот-Центар за собирање на отпад;<br>- Склучени договори со овластени постапувачи за управување со | - Министерство за животна средина и просторно планирање;<br>- Локална самоуправа на општина Гази Баба;<br>- Министерство за земјоделие, |

| Теми на СОЖС | Цели на СОЖС | Мониторинг | Индикатори на СОЖС | Извори на верификација |
|---|---|---|---|---|
| | | - Мониторинг на потрошувачката на вода;<br>- Мониторинг на водите кои повторно се употребуваат за разни намени во планскиот опфат;<br>- Мониторинг на квантитативните и квалитативните карактеристики водите кои се испуштаат во земјениот канал;<br>- Мониторинг на емисиите во воздух, управувањето со отпад, отпадни види и сл.;<br>- Мониторинг на состојбата и квалитетот на почвата во планскиот опфат и во непосредното опкружување. | разни фракции отпад и чистење на септичката јама;<br>- Склучени договори за снабдување со вода за пиење и техничка вода;<br>- Број на евидентирани несреќи и хаварии и применети мерки за заштита и ремедијација. | шумарство и водостопанство;<br>- Локална самоуправа на Општина Гази Баба;<br>- Водостопанство на РС Македонија;<br>- Дирекција за заштита и спасување;<br>- Центар за управување со кризи;<br>- Јавни претпријатија на општинско ниво;<br>- Комунални претпријатија и овластени собирачи на отпад;<br>- Државен завод за статистика;<br>- Извештаи, проектни/плански документи, дозволи, одобренија, мислења и сл. |
| **Биолошка разновидност, природно наследство и предел** | Заштита и унапредување на биолошката разновидност и пределот | - Следење на усогласеноста на просторниот развој на локацијата во согласност со планската документација и препораките од Извештајот за СОЖС; | - Пренамена на просторот и негова урбанизација се врши во согласност со издадени мислења, дозволи и препораките од Извештајот за СОЖС; | - Министерство за животна средина и просторно планирање;<br>- Министерство за транспорт и врски; |

| Теми на СОЖС | Цели на СОЖС | Мониторинг | Индикатори на СОЖС | Извори на верификација |
|---|---|---|---|---|
| | | - Мониторинг на квалитативните и квантитативните карактеристики на водите;<br>- Мониторинг на квалитетот на воздухот;<br>- Мониторинг на нивото на бучава;<br>- Контрола на начинот на управување со отпад;<br>- Контрола на имплементација на мерките за заштита од несреќи и хаварии и сл. | - Концентрациите и нивоата на емисиите во медиумите на животната средина во планскиот опфат се во согласност со пропишаните законски гранични вредности;<br>- Евидентирани несреќи и хаварии во рамките на планскиот опфат. | - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;<br>- Локална самоуправа на Општина Гази Баба;<br>- Дирекција за заштита и спасување;<br>- Центар за управување со кризи;<br>- Извештаи, проектни/плански документи, дозволи, одобренија, мислења и сл. |
| **Бучава и вибрации** | Заштита на населението од зголемено ниво на бучава и вибрации | - Контрола на мерките што се имплементирани за намалување на емисиите од бучава и вибрации;<br>- Мониторинг на нивоата на бучава и вибрации. | - Нивоата на бучава и вибрации се во дозволени граници дефинирано со закон, со кои не се нарушува здравјето на населението и живиот свет;<br>- Број на жалби и поплаки од населението за ефектите од зголемено ниво на бучава. | - Министерство за животна средина и просторно планирање;<br>- Локална самоуправа на Општина Гази Баба;<br>- Извештаи, проектни/плански документи, дозволи, одобренија, мислења и сл. |

| Теми на СОЖС | Цели на СОЖС | Мониторинг | Индикатори на СОЖС | Извори на верификација |
|---|---|---|---|---|
| **Материјални добра** | Заштита на материјалните добра | - Следење на имплементацијата на препораките и мерките издадени од надлежни институции за имплементација на Планот;<br>- Контрола на имплементацијата на содржините предвидени во Планот, примената на мерките за избегнување на конфликтите со постојните инфраструктурни објекти и мрежи (постојани или идни планирани);<br>- Контрола на имплементирани пропишани заштитни зони на евидентираните материјални добра;<br>- Контрола на начинот за управување со отпад.<br>- Контрола на имплементацијата на мерките за заштита од несреќи и хаварии;<br>- Контрола на дефекти, недостатоци, хаварии предизвикани од планските активности. | - Добиени дозволи и согласности за пренамена на земјиштето и негова урбанизација од надлежните институции;<br>- Предвидените плански содржини не се во конфликт со постојните и идните инфраструктурни мрежи и објекти;<br>- Зоните за заштита на материјалните добра се во согласност со добиените насоки од надлежните институции;<br>- Изградена електродистрибутивна, транспортна и комуникациска инфраструктура;<br>- Изработени и имплементирани планови за управување со несреќи и хаварии;<br>- Склучени договори со овластени постапувачи /колективни постапувачи за управување со разни фракции отпад;<br>- Стапка на фреквенција на возила по сообраќајниците во однос на постојната состојба и сл.<br>- Број на евидентирани инцидентни состојби и оштетувања на постојните материјални добра и применети мерки за обесштетување; | - Министерство за транспорт и врски;<br>- Локална самоуправа на Општина Гази Баба;<br>- Министерство за животна средина и просторно планирање;<br>- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство со подрачните единици;<br>- Водостопанство на РС Македонија;<br>- Јавни комунални претпријатија и овластени собирачи на отпад;<br>- Дирекција за заштита и спасување;<br>- АД ЕВН; АЕК, ЈП за државни патишта; АД Мепсо, Македонски телекомуникации;<br>- Министерство за здравство;<br>- Комунални претпријатија; |

| Теми на СОЖС | Цели на СОЖС | Мониторинг | Индикатори на СОЖС | Извори на верификација |
|---|---|---|---|---|
| | | | - Број на евидентирани поплаки од населението и правните субјекти за настанати дефекти или хаварии со имплементација на Планот и начин на обесштетување. | - Јавни претпријатија;<br>- Центар за управување со кризи;<br>- Извештаи, проектни/плански документи, дозволи, одобренија, мислења и сл. |
| **Културно наследство** | Заштита и унапредување на културното наследство | - Следење на урбанизацијата на просторот;<br>- Следење на применетите мерки за заштита на евентуално откриено културно наследство. | - Број на објекти евидентирани како културно наследство. | - Локална самоуправа на Општина Гази Баба;<br>- Министерство за култура-Управа за заштита на културното наследство. |

# 11 ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

## 11.1 Заклучоци

- Намалувањето на негативните влијанија од создавањето и постапувањето со отпадот се овозможува со правилна селекција и собирање на одредени фракции на комунален отпад и други текови на отпад, преку така наречени собирни центри, каде што отпадните производи од домаќинствата ќе можат бесплатно да се доставаат;
- Собирниот центар е субјект, организиран од страна на локалната самоуправа;
- Со цел да се урбанизира и дефинира намената на земјиштето на КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба на кое се планира да се постави Центар за собирање на неопасен отпад од Општина Центар и Општина Гази Баба, а по барање на Општина Гази Баба, започна постапка за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба, со намена Е3.1 - депонии и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под десет t/ден, за изградба на центар за собирање на отпад на дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба;
- Урбанистички проект е изработен во согласност со Проектната програма, добиените податоци и информации од надлежните институции, Условите за планирање на просторот, изработени од Агенцијата за планирање на просторот во август 2025 година (техн. бр. Y32325) и Решение за услови за планирање на просторот, издадено од Секторот за просторно планирање при МЖСПП (арх. бр. 15-3381/2 од 19.08.2025 година);
- Просторот кој е предмет на изработка на урбанистичкиот проект се наоѓа на територијата на Општина Гази Баба, на оддалеченост од 8 km од градот, помеѓу населбата Бутел и населбата Радишани, односно граничи со Општината Бутел;
- Површината на планскиот опфат изнесува 0,33 ha. Земјиштето на КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба е земјоделско земјиште, во државна сопственост и се води како катастарска култура нива;
- Нема изградена инфраструктура, ниту за локацијата има изработена урбанистичко-планска документација;
- Во близина на опфатот се наоѓаат зелени површини-ниви, а во поширокото окружување се наоѓаат станбени објекти-куќи;
- Во рамките на опфатот поминува асфалтиран локален пат, што ги поврзува населбите Бутел и Радишани;
- Во дописот од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Сектор за регистрирање, управување и унапредување и продажба на земјоделско земјиште (арх. бр. 40-5543/4 од 12.05.2025 година) е наведено дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство нема склучено договор за закуп. Во дописот се наведува дека меѓу приоритетите на Министерството е заштита на земјоделското земјиште, а особено трансформација на земјиштето од 1-4 катастарска класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот на земјиштето;

- Во опфатот и неговата близина не поминува железничка пруга, ниту опфатот е во заштитна зона за пруга;
- Планскиот опфат се пресекува и со 10(20) kV надземна мрежа на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје. Со планската документација, се предвидува 10(20) kV вод да се дислоцира, односно да се каблира по траси предвидени во колскопешачката површина во ГП;
- Согласно добиеното известување од АД МЕПСО, Скопје, предметниот плански опфат се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО, односно со постоечкиот 400 kV далекувод;
- Планскиот опфат не влегува во граници на заштитените подрачја, предложените и ново идентификуваните подрачја за заштита во Република Северна Македонија.
- На локацијата нема културно наследство;
- Со планското решение се предвидуваат површини за градење за 2 монтажни објекти, со максимална височина од 5 m и максимална спратност од П (приземје). Едниот наменет за портир и административна канцеларија, а другиот наменет како работилница за ситни поправки. За складирање на оние видови на отпад, кои се подложни на атмосферски влијанија, ќе се предвиди натстрешница со максимална височина од 5 m;
- Во градежната парцела се предвидени и површини за градење на објекти од комуналната инфраструктура со максимална спратност П (приземје) и тоа: 2 надземни резервоари за техничка вода со максимална височина од 6,5 m, 1 подземен резервоар за питка вода со максимална височина од 1 m над ниво на терен, 1 подземна пумпна станица со максимална височина од 1 m над ниво на терен, 1 подземна водонепропусна септичка јама со максимална височина од 1м над ниво на терен, 1 подземен резервоар за атмосферски води со максимална височина од 1м над ниво на терен и 1 трафостаница со максимална височина од 4 m;
- Водоснабдувањето е предвидено од надворешни компании со складирање на водата во резервоар за вода за пиење и резервоар за техничка вода;
- За одведување на фекалните отпадни води предвидено е поставување на септичка јама во јужниот дел на градежната парцела, а за атмосферските води предвидено е да се постави посебен сад за собирање на атмосферска вода, која подоцна ќе се користи за миење на просторот и наводнување;
- Имплементацијата на Планот ќе придонесе за отворање можности за нови вработувања, создавање услови за подобар економски развој, зголемени приходи во општинскиот и државниот буџет и сл.;
- Имплементацијата на Планот ќе придонесе за подобрување на состојбата во управување со создадениот комунален отпад од домаќинствата и можноста на жителите на општина Гази Баба и општина Центар да го предадат селектираниот отпад без надоместок со цел рециклирање на истите.

### 11.2 Препораки

- При носење одлуки, во постапките за усвојување УП, да се почитуваат мислењата добиени од надлежните институции, засегнатите страни и засегнатата јавност;

- За прелиминарно зачувување на квалитетот на медиумите од животната средина и здравјето на населението, уште во фазата на планирање на опфат, се препорачува примена на мерките и препораките за намалување на влијанијата, детално опишани во овој Извештај за стратегиска оцена на животната средина;
- При изработката на идната проектна документација за планскиот опфат да се земе предвид  Правилник за барањата што треба да се исполнат од страна на субјектите за добивање на дозвола за управување со отпад, формата и содржината на образецот на барањето за добивање на дозвола за управување со отпад и начинот на доставување на барањето, како и формата и содржината на образецот на дозволата за вршење на дејност за управување со отпад (Службен весник на Р.С. Македонија бр.105/23);
- На ниво на проектна документација, во Елаборатот за заштита на животната средина, да се направи детална анализа на состојбите во медиумите на животната средина во проектнитот опфат и идентификување на можните влијанија и мерки за спречување и/или елиминирање на негативни влијанија врз животната средина.

## 12 НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ

На иницијатива на Инвеститорот Општина Гази Баба да се урбанизира и дефинира намената на дел од земјиштето на КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба на кое се планира изградба на Центар за собирање на селектирани фракции на отпад за Општините Центар и Гази Баба, на дел од КП 11565/2, а по барање на Општина Гази Баба, започна постапка за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е3.1 - депонии и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под десет t/ден, за изградба на Центар за собирање на отпад на дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба.

Во согласност со Директивата за стратегиска оцена на животната средина (2001/42/ЕС) и Законот за животната средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 97/17, 28/18, 65/18, 99/18 и „Службен весник на РСМ" 89/22, 171/22, 03/25, 124/25 и 191/25), одредени планови, програми и стратегии, за кои постои веројатност дека би можеле да имаат значително влијание врз животната средина, треба да бидат предмет на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС).

Врз основа на горенаведеното, за подготвената планска документација Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе Одлука за неспроведување на СОЖС која е објавена на web страната на Општината, а МЖСПП по разгледаната доставена документација утврди дека за истата е потребно да се спроведе стратегиска оцена за животната средина и со што ја задолжува општината да спроведе постапка за СОЖС поврзано со планскиот документ.

Стратегиската оцена на животната средина е систематски процес во кој се земаат предвид одредени превентивни мерки, кои овозможуваат заштита на животната средина од сите можни аспекти, во процесот на планирање или донесување на одлуки на ниво на „стратегиски акции" или политики, планови и програми.

Главните цели на СОЖС се: обезбедување механизам за идентификација, опис, оценување и известување за влијанијата/ефектите на планскиот документ врз животната средина, подготовка на извештај за можните значајни влијанија на планскиот документ врз животната средина и анализата на реалните алтернативи од страна на одговорните органи, спречување, намалување и неутрализирање на негативните влијанија врз животната средина, зголемување на позитивните влијанија, обезбедување пообемни консултации и ангажирање на заинтересираните страни, други одговорни тела, органи на власта и јавноста уште во раната и ефективна фаза на подготовка на планскиот документ, обезбедување мислење од јавноста што ќе бидат земени предвид во конечната верзија на планскиот документ, обезбедување следење на значајните влијанија врз животната средина од имплементацијата на планскиот документ од страна на надлежните органи.

Постапката за спроведување стратегиска оцена на животната средина е дефинирана во ***поглавје X од Законот за животната средина*** („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 97/17, 28/18, 65/18, 99/18 и „Службен весник на РСМ" 89/22, 171/22, 03/25, 124/25 и 191/25), при што стратегиска оцена се спроведува на плански документи кои се подготвуваат во областа на земјоделството, шумарството, рибарството,

енергетиката, индустријата, рударството, транспортот, регионалниот развој, телекомуникациите, управувањето со отпадот, управувањето со водите, туризмот, *просторното и урбанистичкото планирање и користење на земјиштето*, на Националниот акционен план за животната средина и на локалните акциони планови за животната средина, како и врз сите стратегиски, плански и програмски документи со кои се планира изведување на проекти за кои се врши оцена на влијанието од проектот врз животната средина.

Имајќи ја предвид основата за донесување на Планот, се пристапува кон утврдување на потребата за спроведување на СОЖС. Во согласност со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето, планирањето на просторот припаѓа во точка **13 Планирање на просторот и користење на земјиштето**, односно за овој плански документ е задолжително да се спроведува стратегиска оцена на животната средина.

Просторот кој е предмет на изработка на урбанистичкиот проект се наоѓа на територијата на Општина Гази Баба, на оддалеченост од 8 km од градот, помеѓу населбата Бутел и населбата Радишани, односно граничи со Општината Бутел. Површината на планскиот опфат изнесува 3.308,46 $m^2$, односно 0,33 ha.

Предметниот опфат се наоѓа вон опфат на урбанистички план и не е третиран со урбанистичка документација, односно не бил предмет на планирање и исто така, земјиштето е во државна сопственост и е во категорија на земјоделско земјиште.

До локацијата има пристап од асфалтиран некатегоризиран локален пат што продолжува кон с. Раштак, а во непосредната околина има ниви, кои се во државна сопственост.

Урбанистички проект е изработен во согласност со Проектната програма, добиените податоци и информации од надлежните институции, Условите за планирање на просторот, изработени од Агенцијата за планирање на просторот во август 2025 година и Решение за услови за планирање на просторот, издадено од Секторот за просторно планирање при МЖСПП.

Со урбанистичкиот проект се дефинираат сите потребни урбанистички параметри за реализација на планираните градби, уредувањето на градежната парцела и сообраќајното поврзување, како и архитектонските решенија за градбите во рамките на истата, кои се разработени во проектниот дел на овој урбанистички проект. Со изработката на Урбанистичкиот проект се обезбедуваат услови за планирање на просторот за градба, која ќе биде реализирана од страна на корисниците на земјиштето.

Граници на проектниот опфат се:

- на северозапад - некатегоризиран локален пат на КП 11628/1;
- на североисток КП 11565/1;
- на југоисток КП 11562/2;
- на југ-југозапад КП 11566/1.

Намалувањето на негативните влијанија од создавањето и постапувањето со отпадот се овозможува со правилна селекција и собирање на одредени фракции на комунален отпад и други текови на отпад, преку така наречени собирни центри, каде што отпадните производи од домаќинствата можат бесплатно да се достават. Собирните центри се прават со цел заштита на животната средина, здравјето на луѓето и правилно и одржливо управување на отпадот (собирање, транспорт, третман, складирање и преработка, отстранување на отпадот).

Собирниот центар е субјект, организиран од страна на локалната самоуправа.

На локацијата каде што ќе биде поставен Собирниот центар за отпад, ќе се собира отпад од пакување како хартија и картон, пластика, стакло, метал како и отпаден електричен и електронски отпад, батерии и акумулатори, кабаст отпад од домаќинства, а по потреба отпаден текстил, гуми и др., доколку се јави потреба.

Подрачјето опфатено со проектниот опфат е лоцирано надвор од градско подрачје. При изборот на локацијата за ЦСО (Центар за собирање на отпад) за потребите на Општините Центар и Гази Баба, земени се предвид критериумите наведени во Правилникот за исполнување на барањата за добивање на дозвола за управување со отпад.

Во СОЖС се разгледувани алтернативи и нулта алтернатива.

Во процес на изработка на Физибилити студијата за Центар за собирање на отпад, предложени беа и алтернативни локации за изградба на Центарот за собирање на отпад:

- Локација на дел од КП 2488/3 КО Маџари;
- Локација на дел од КП 12868/20 КО Старо Скопје;
- Локација на дел од КП 11565/2 КО Старо Скопје.

Со оглед на фактот што главни предуслови за реализација на Проектот се условите на локацијата, во однос на постоење на пристапен пат, сопственост на земјиштето, ако и условите кои произлегуваат од Правилник за барањата што треба да се исполнат од страна на субјектите за добивање на дозвола за управување со отпад, формата и содржината на образецот на барањето за добивање на дозвола за управување со отпад и начинот на доставување на барањето, како и формата и содржината на образецот на дозволата за вршење на дејност за управување со отпад („Службен весник на РСМ“, бр. 105/23), од страна на Општина Гази Баба како најповолна локација за изградба на центарот за собирање на отпад беше избрана локацијата на КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба.

Затоа, од аспект на разгледувани алтернативи, разгледувани беа алтернативите без имплементација и со имплементација на Планот на локацијата на КП 11565/2 КО Старо Скопје, Општина Гази Баба.

Алтернативата да се спроведе урбанистичкиот план е по прифатлива алтернатива, во однос на локацијата на која се планира изградбата на Центарот за собирање на отпад и во однос на тоа што ќе се спроведе подобро управување со отпадот и намалување на количините создаден отпад во Општините Центар и Гази Баба.

Урбанистичкиот проект во границите на проектниот опфат за површините за градба предвидува една наменска употреба на земјиштето, односно класата на намена на

земјиштето е: Е3.1 - Депонии и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под десет t/ден.

Со планското решение се предвидуваат површини за градење за 2 монтажни објекти, со максимална височина од 5 m и максимална спратност од П (приземје).

Едниот наменет за портир и административна канцеларија, а другиот наменет како работилница за ситни поправки. За складирање на оние видови на отпад, кои се подложни на атмосферски влијанија, ќе се предвиди натстрешница со максимална височина од 5 m.

Во градежната парцела се предвидени и површини за градење на објекти од комуналната инфраструктура со максимална спратност П (приземје) и тоа:

- 2 надземни резервоари за техничка вода со максимална височина од 6,5 m,
- 1 подземен резервоар за питка вода со максимална височина од 1 m над ниво на терен,
- 1 подземна пумпна станица со максимална височина од 1 m над ниво на терен,
- 1 подземна водонепропусна септичка јама со максимална височина од 1 m над ниво на терен,
- 1 подземен резервоар за атмосферски води со максимална височина од 1 m над ниво на терен,
- 1 трафостаница со максимална височина од 4 m.

Пристапот за возила е обезбеден со исклучување од локалниот некатегоризиран пат со пристапна улица која продолжува како внатрешна улица во рамките на Центарот за собирање на отпад со ширина 5,5 m кај влезот и 3,5 m како едносмерна улица со овозможено кружно движење. Воедно, предвиден е и асфалтиран колски пристап до садовите за отпад. Во парцелата предвидена е и колско пешачка сообраќајна површина на ниво на тротоар за пристап до трафостаницата од внатрешна страна.

Потенцијалните влијанија врз животната средина и социјалните влијанија кои може да бидат предизвикани со имплементација на планските содржини предвидени во урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба со намена Е3.1 - депонии и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под 10 t/ден, за изградба на центар за собирање на отпад, ќе потекнуваат од имплементацијата на планираните содржини во планскиот опфат кои вклучуваат изградба на Центар за собирање на неопасен отпад до 10 t/ден од Општините Центар и Гази Баба како и останати содржини во зависност од потребите на активностите за изградба и работење на Центарот за собирање на отпад се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни придобивки, односно позитивни влијанија.

**Предлог мерки за намалување на потенцијалните влијанија врз животната средина и социјалните влијанија:**

- Планирањето на просторот за урбанизација и имплементацијата на Планот да се врши во согласност со издадените мислења, согласности, дозволи и одобренија од институциите надлежни за урбанизација на просторот, пренамена на земјиштето, одобрението за градба, дозволите за работа и сл.;

- Засегнатото население преку претставници на граѓани и засегнати страни да биде активно вклучено во процесот на донесување одлуки за усвојување и имплементација на предвидените активности во Планот;
- Примена на компензациони мерки за евентуално одземено приватно земјиште;
- Во случај на предизвикана штета или загуба на земјиште или култури (при инфраструктурно поврзување, хаварии и несреќи, неконтролирани емисии и сл.), да се обезбеди соодветен финансиски надомест за предизвиканата штета;
- Примена на мерки за ефикасно намалување на емисиите во медиумите од животната средина, кои може да влијаат врз населението на директен и индиректен начин, мерките за заштита од несреќи и хаварии, предложени во планската документација, Извештајот за СОЖС, како и мерките кои ќе произлезат на ниво на проектна документација;
- Примена на сите предложени мерки за заштита на медиумите и областите од животната средина на ниво на планска и проектна документација. Имплементацијата на овие мерки ќе придонесе за намалување или елиминирање на можните негативни влијанија врз животната средина, кои може да се рефлектираат на директен или индиректен начин врз здравјето на луѓето;
- Особено внимание да се посвети на управувањето со емисиите во воздухот, отпадните води, бучавата, отпадот, како и мерките за заштита од несреќи и хаварии;
- Намалување или елиминирање на употребата на фосилни горива како енергенс;
- Центарот за собирање на отпад да работи, согласно добиеното решение по елаборатот за заштита на животната средина;
- Подигање и оформување на заштитни зелени појаси;
- Примена на мерките за заштита од несреќи и хаварии кои подетално ќе произлезат на ниво на проектна документација;
- Почитување на граничните вредности за дозволените нивоа на генерирана бучава за подрачје од III степен за заштита од бучава;
- Изведбата на градежните активности да се врши во текот на денот (07:00 до 19:00 h);
- Избор на опрема која генерира помало ниво на бучава и поставување на опрема која е извор на бучава во затворен простор;
- Редовно сервисирање на опремата и механизацијата;
- Снабдување со вода за пиење и техничка вода да се врши од овластена компанија;
- Соодветно димензионирање на септичката јама и нејзината изградба да се базира на законските прописи и добри градежни пракси со кои ќе обезбеди водонепропустливост;
- Редовно празнење на септичката јама од овластена компанија;
- Складирањето со отпадот да биде во согласност со карактеристиките на отпадот;

- Редовно предавање на собраните видови отпад на колективни постапувачи и/или компании со кои Општината ќе склучи договор;
- Резервоарот за дизел горивото за дизел агрегатот да биде поставен во собирна танквана/сад за прифаќање на инцидентни истекувања;
- Примена на мерките за управување со емисиите во воздух, почва, управување со отпад и сл. како и преземање и имплементирање на сите неопходни мерки од евентуални технолошки ризици, несреќи и хаварии;
- Примена на мерките за намалување на влијанијата врз водите, воздухот, управувањето со отпад, мерките за заштита од несреќи и хаварии;
- Изградба на објекти со висина која се вклопува во просторот на локацијата и во однос на опкружувањето;
- Оградување на локацијата со непроѕирна ограда во висина од 2 m;
- Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност законските одредби од Законот за заштита на културното наследство;
- Примена на законските прописи за поставување и почитување на заштитни зони на инфраструктурни објекти;
- Урбанизацијата и просторниот развој да се усогласи во согласност со чувствителноста на локацијата подложна на природни непогоди, воени дејствија, технолошки несреќи, како и во согласност со дописот од Подрачно одделение за заштита и спасување Гази Баба;
- Примена на мерки за заштита од пожар, воени разурнувања, природни непогоди, технички несреќи, сообраќајни несреќи и сл., кои треба детално да бидат разработени на ниво на проектна документација.

Со цел да се изврши мониторинг над ефективноста на Планот, потребно е следење на поставените индикатори и нивниот развој, при што треба да се земат предвид и податоците за тековната состојба на животната средина.

Со следењето на состојбата на животната средина ќе се потврди оправданоста и примената на предложените мерки за ублажување и нивната функционалност, што претставува голема придобивка во однос на заштитата на животната средина.

**Заклучоци и препораки**

***<u>Заклучоци:</u>***

- Намалувањето на негативните влијанија од создавањето и постапувањето со отпадот се овозможува со правилна селекција и собирање на одредени фракции на комунален отпад и други текови на отпад, преку така наречени собирни центри, каде што отпадните производи од домаќинствата ќе можат бесплатно да се доставаат;
- Собирниот центар е субјект, организиран од страна на локалната самоуправа;
- Со цел да се урбанизира и дефинира намената на земјиштето на КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба, на кое се планира да се постави Центар за

собирање на неопасен отпад од Општина Центар и Општина Гази Баба, а по барање на Општина Гази Баба, започна постапка за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба, со намена Е3.1 - депонии и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под десет t/ден, за изградба на центар за собирање на отпад на дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба;

- Просторот кој е предмет на изработка на урбанистичкиот проект се наоѓа на територијата на Општина Гази Баба, на оддалеченост од 8 km од градот, помеѓу населбата Бутел и населбата Радишани, односно граничи со Општината Бутел и површината на планскиот опфат изнесува 0,33 ha. Земјиштето на КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба е земјоделско земјиште, во државна сопственост и се води како катастарска култура нива;
- Нема изградена инфраструктура, ниту за локацијата има изработена урбанистичко-планска документација;
- Во близина на опфатот се наоѓаат зелени површини-ниви, а во поширокото окружување се наоѓаат станбени објекти-куќи;
- Во рамките на опфатот поминува асфалтиран локален пат, што ги поврзува населбите Бутел и Радишани;
- Во дописот од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Сектор за регистрирање, управување и унапредување и продажба на земјоделско земјиште е наведено дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство нема склучено договор за закуп. Во дописот се наведува дека меѓу приоритетите на Министерството е заштита на земјоделското земјиште, а особено трансформација на земјиштето од 1-4 катастарска класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот на земјиштето;
- Во опфатот и неговата близина не поминува железничка пруга, ниту опфатот е во заштитна зона за пруга;
- Планскиот опфат се пресекува и со 10(20) kV надземна мрежа на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје. Со планската документација, се предвидува 10(20) kV вод да се дислоцира, односно да се каблира по траси предвидени во колскопешачката површина во ГП;
- Согласно добиеното известување од АД МЕПСО, Скопје, предметниот плански опфат се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО, односно со постоечкиот 400 kV далекувод;
- Планскиот опфат не влегува во граници на заштитените подрачја, предложените и ново идентификуваните подрачја за заштита во Република Северна Македонија;
- На локацијата нема културно наследство;
- Со планското решение се предвидуваат површини за градење за 2 монтажни објекти, со максимална височина од 5 m и максимална спратност од П (приземје). Едниот наменет за портир и административна канцеларија, а другиот наменет

како работилница за ситни поправки. За складирање на оние видови на отпад, кои се подложни на атмосферски влијанија, ќе се предвиди натстрешница со максимална височина од 5 m.

- Во градежната парцела се предвидени и површини за градење на објекти од комуналната инфраструктура со максимална спратност П (приземје) и тоа: 2 надземни резервоари за техничка вода со максимална височина од 6,5 m, 1 подземен резервоар за питка вода со максимална височина од 1 m над ниво на терен, 1 подземна пумпна станица со максимална височина од 1 m над ниво на терен, 1 подземна водонепропусна септичка јама со максимална височина од 1 m над ниво на терен, 1 подземен резервоар за атмосферски води со максимална височина од 1 m над ниво на терен и 1 трафостаница со максимална височина од 4 m;
- Водоснабдувањето е предвидено од надворешни компании со складирање на водата во резервоар за вода за пиење и резервоар за техничка вода;
- За одведување на фекалните отпадни води предвидено е поставување на септичка јама во јужниот дел на градежната парцела, а за атмосферските води предвидено е да се постави посебен сад за собирање на атмосферска вода, која подоцна ќе се користи за миење на просторот и наводнување.
- Имплементацијата на Планот ќе придонесе за отворање можности за нови вработувања, создавање услови за подобар економски развој, зголемени приходи во општинскиот и државниот буџет и сл.
- Имплементацијата на Планот ќе придонесе за подобрување на состојбата во управување со создадениот комунален отпад од домаќинствата и можноста на жителите на општина Гази Баба и општина Центар да го предадат селектираниот отпад без надоместок со цел рециклирање на истите.

***Препораки:***

- При носење одлуки, во постапките за усвојување УП, да се почитуваат мислењата добиени од надлежните институции, засегнатите страни и засегнатата јавност;
- За прелиминарно зачувување на квалитетот на медиумите од животната средина и здравјето на населението, уште во фазата на планирање на опфат, се препорачува примена на мерките и препораките за намалување на влијанијата, детално опишани во овој Извештај за стратегиска оцена на животната средина;
- При изработката на идната проектна документација за планскиот опфат да се земе предвид Правилник за барањата што треба да се исполнат од страна на субјектите за добивање на дозвола за управување со отпад, формата и содржината на образецот на барањето за добивање на дозвола за управување со отпад и начинот на доставување на барањето, како и формата и содржината на образецот на дозволата за вршење на дејност за управување со отпад (Службен весник на Р.С. Македонија бр.105/23);
- На ниво на проектна документација, во Елаборатот за заштита на животната средина, да се направи детална анализа на состојбите во медиумите на животната средина во проектнитот опфат и идентификување на можните

влијанија и мерки за спречување и/или елиминирање на негативни влијанија врз животната средина.

# 13 КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е3.1 - депонии и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под десет t/ден, за изградба на центар за собирање на отпад на дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба;
- Услови за планирање на просторот со намена одлагање на неопасен отпад за изградба на центар за собирање на отпад на дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба;
- Извештај за "Развој на репрезентативна мрежа на заштитени подрачја I дел" - МЕД;
- Извештај за "Развој на репрезентативна мрежа на заштитени подрачја II дел" - МЕД;
- Практичен водич кон Директивата за стратегиска оцена на животната средина, Септември 2005, издаден од Владата на Шкотска;
- Насоки за подготовка на стратегиска оцена на животната средина - „Развој на стратегиска оцена на животната средина, Методологија за Планови и Програми во Ирска";
- Преглед на заштитни подрачја во РМ (2008) и Извештај на меѓународен консултант за заштитени подрачја во рамки на УНДП/ГЕФ/МЖСПП проектот: Зајакнување на еколошката, институционалната и финансиската одржливост на системот на заштитени подрачја во Македонија;
- Национални, регионални и локални стратегии, планови, наведени во Поглавје 3.3.;
- Директивата за стратегиска оцена на животната средина (2001/42/ЕС);
- Достапни искуства и практики;
- Статистика на животната средина за 2024 година од МАКСТАТ;
- Локален акционен план за животна средина (ЛЕАП) на Општина Гази Баба (2020-2026 година);
- Програма за локален економски развој (ЛЕР) на Општина Гази Баба за 2026 година;
- Годишен извештај од обработени податоци за квалитетот на животната средина за 2024 година од МЖСПП.

**ПРИЛОГ 1 - ОДЛУКА ЗА НЕСПРОВЕДУВАЊЕ И ДОСТАВА НА ОДЛУКА ЗА НЕСПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ОД СТРАНА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ДО МЖСПП**

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11,123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22 и 171/22) **Градоначалникот на Општина Гази Баба**, на ден 06.02.2026 година, донесе

Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е3.1 - Депонии и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под десет t/ден, за изградба на Центар за собирање на отпад на дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба**, кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Гази Баба **www.gazibaba.gov.mk**

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е3.1 - Депонии и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под десет t/ден, за изградба на Центар за собирање на отпад на дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба**, нема да има влијание врз животната средина, бидејќи, основна цел на овој Урбанистички Проект вон опфат на урбнистички план е да ги дефинира архитектонско-урбанистичките параметри за реализација на планираните градби во рамките на проектниот опфат, да ја дефинира основната класа на намена, како и начините на употреба на земјиштето, а согласно актуелната позитивна законска легислатива од областа на урбанистичкото планирање.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до **Министерство за животна средина и просторно планирање** во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 28-3/211/8
Од 06.02.2026 год.
Скопје

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бобан Стефковски

Изработил:
Кристина Јовковска Коваленска, диа

Раководител на сектор,
Александар Јанакиески, диа

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 QMS

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ - Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR - Shkup

| Примено / E pranuar | | | 06-02-2026 |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Nj. org. | Број / Numer | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| | | | |

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**Одделение за урбанистичко планирање**
**Бр. 28-3/211/10 од 06.02.2026 година**
**СКОПЈЕ**

**До**
**Министерство за животна средина и просторно планирање**
**Сектор за одржлив развој**
**Одделение за одржлив развој**
**Скопје**

**Предмет:** Доставување на Одлука за неспроведување на Стратегиска оцена на животната средина за **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е3.1 - Депонии и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под десет t/ден, за изградба на Центар за собирање на отпад на дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба**

Почитувани,

Во согласност со член 65, точка 12 од Законот за животна средина (Сл.Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11,123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22 и 171/22), Ви ја доставуваме Одлуката за неспроведување постапка за Стратегиска оцена на животната средина за**Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е3.1 - Депонии и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под десет t/ден, за изградба на Центар за собирање на отпад на дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба** и пропратната документација за проценка на потребата од спроведување СОЖС, врз основа на која е донесена горе споменатата Одлука.

Со почит,

Прилог:

1. Одлука,
2. Формулари за потреба од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена на животната средина,
3. Цели на Општината

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бобан Стефковски

Изработил:
Катерина Велков

Раководител на сектор,
Александар Јанакиески,диа

## ПРИЛОГ 2 - РЕШЕНИЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ И ДОСТАВА НА РЕШЕНИЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ОД СТРАНА НА МЖСПП ДО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ И ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ - СКОПЈЕ

| Примено: | 03-04-2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 28 | 3/211/13 | 1 | — |

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Архив знак:
Рок чување
200_

Арх. бр./Nr. ark. 15-703/2
Дата/Data: 18-03-2026

До: Општина Гази Баба
Ул. Архимедова бр. 2
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Предмет: Достава на Решение за Спроведување на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина
Врска: Ваш бр. 28-3/211/10 од 06.02.2026 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање под бр. 28-3/211/10 од 06.02.2026 година, доставено до Министерство за животна средина и просторно планирање - Сектор за просторно планирање под арх. бр. 15-703/1 од 06.02.2026 година, во однос на Одлука за неспроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животна средина поврзано со планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е3.1 – Делови и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под десет t/ден, за изградба ма Центар за собирање на отпад на дел од КП бр. 11565/2, КО Старо Скопје – Општина Гази Баба, а врз основа на член 65 став (13) и (17) од Законот за животната средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22), Министерство за животна средина и просторно планирање донесе Решение со кое ве задолжува да спроведете постапка за Стратегиска оцена на влијанието врз животна средина поврзано со планскиот документ

Deri te: Komuna e Gazi Babës
Rr. Arhimedova nr. 2
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Lënda: Dorëzim i Aktvendimit për Realizimin e vlerësimit strategjik të ndikimit në mjedisin jetësor
Lidhja: Nr. Juaj 28-3/211/10 nga data 06.02.2026

Të nderuar,

Në lidhje me kërkesën Tuaj me nr. 28-3/211/10 nga data 06.02.2026, të dërguar në Ministrinë e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor - Sektori për planifikim hapësinor me nr. ark. 15-703/1 nga data 06.02.2026, në lidhje me Vendimin për mosrealizimin e vlerësimit strategjik të ndikimit në mjedisin jetësor që ka të bëjë me dokumentacionit planifikues për Projekt urbanistik jashtë zonës së planit urbanistik për formimin e parcelës ndërtimore me destinim E3.1 – Pjesë dhe përpunim i mbetjeve jo të rrezikshme: deponi lokale për depozitimin e mbetjeve jo të rrezikshme nën dhjetë t/ditë, për ndërtimin e Qendrës për grumbullimin e mbetjeve në pjesë të PK nr. 11565/2, KK Shkupi i Vjetër – Komuna e Gazi Babës, dhe bazuar në nenin 65, paragrafët (13) dhe (17) të Ligjin për mjedisin jetësor ("Gz.Zyrtare e RM" nr. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 dhe 99/18 dhe "Gz. Zyrtare e RMV" nr. 89/22 dhe 171/22), Ministria e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor sjell Aktvendim që ju detyron të realizoni procedurën për Vlerësim strategjik të ndikimit në mjedisin jetësor lidhur me dokumentacionit planifikues Projekt urbanistik jashtë zonës së planit urbanistik


Министерство за животна средина и просторно планирање
Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е3.1 – Делови и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под десет t/ден, за изградба ма Центар за собирање на отпад на дел од КП бр. 11565/2, КО Старо Скопје – Општина Гази Баба.

për formimin e parcelës ndërtimore me destinim E3.1 – Pjesë dhe përpunim i mbetjeve jo të rrezikshme: deponi lokale për depozitimin e mbetjeve jo të rrezikshme nën dhjetë t/ditë, për ndërtimin e Qendrës për grumbullimin e mbetjeve në pjesë të PK nr. 11565/2, KK Shkupi i Vjetër – Komuna e Gazi Babës.

Со почит,

Me respekt,

МИНИСТЕР/MINISTËR
Muamet Hoxha

Изработил/Përpiloi: Zarije Abazi
Контролирал/Kontrolloi: Дајана Марковска Ристеска
Одобрил/Miratoi: Nebi Rexhepi

Прилог/Shtojcë:
Решение за спроведување на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина со бр. 15-703/2
Aktvendim për realizimin e vlerësimit strategjik të ndikimit në mjedisin jetësor nr. 15-703/2


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Арх.бр./Nr. Arkivi. 15-703/2
Дата/Data: 18-03-2026

Врз основа на член 65 став (13) и став (17) од Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22), Министерство за животна средина и просторно планирање донесе:

## РЕШЕНИЕ
### за спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е3.1 – Делови и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под десет t/ден, за изградба ма Центар за собирање на отпад на дел од КП бр. 11565/2, КО Старо Скопје – Општина Гази Баба, потребно е да се спроведе Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина.

### Образложение

Општина Гази Баба достави Одлука за неспорведување на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина под бр. 28-3/211/8 од 06.02.2026 година за изработка на плански документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е3.1 – Делови и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под десет t/ден, за изградба ма Центар за собирање на отпад на дел од КП бр. 11565/2, КО Старо Скопје – Општина Гази Баба, Формуларот за определување на потребата од спроведувањето, односно неспроведување на стратегиска оцена бр. 28-3/211/9 од 06.02.2026 година, како и другите придружни документи до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Bazuar në nenin 65 paragrafi (13) dhe (17) të Ligjit për mjedisin jetësor ("Gz.zyrtare e RM" nr. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 dhe 99/18 dhe "Gz.zyrtare e RMV-së" nr. 89/22 dhe 171/22), Ministria e mjedisit jetësor dhe planifikimi hapësinor miratoi:

## AKTVENDIM
### për realizimin e vlerësimit strategjik të ndikimit në mjedisin jetësor

Për dokumentin planifikues Projekt urbanistik jashtë zonës së planit urbanistik për formimin e parcelës ndërtimore me destinim E3.1 – Pjesë dhe përpunim i mbetjeve jo të rrezikshme: deponi lokale për depozitimin e mbetjeve jo të rrezikshme nën dhjetë t/ditë, për ndërtimin e Qendrës për grumbullimin e mbetjeve në pjesë të PK nr. 11565/2, KK Shkupi i Vjetër – Komuna e Gazi Babës, është e nevojshme të realizohet vlerësim strategjik i ndikimit në mjedisin jetësor.

### Arsyetim

Komuna e Gazi Babës ka dorëzuar Vendim për mosrealizimin e vlerësimit strategjik të ndikimit në mjedisin jetësor nr. 28-3/211/8 nga data 06.02.2026, lidhur me përgatitjen e dokumentit planifikues Projekt urbanistik jashtë zonës së planit urbanistik për formimin e parcelës ndërtimore me destinim E3.1 – Pjesë dhe përpunim i mbetjeve jo të rrezikshme: deponi lokale për depozitimin e mbetjeve jo të rrezikshme nën dhjetë t/ditë, për ndërtimin e Qendrës për grumbullimin e mbetjeve në pjesë të PK nr. 11565/2, KK Shkupi i Vjetër – Komuna e Gazi Babës, Formularin për përcaktimin e nevojës për realizimin, përkatësisht mosrealizimin e vlerësimit strategjik nr. 28-3/211/9 nga 06.02.2026, si dhe dokumentet e tjera shoqëruese, në Ministrinë e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Согласно член 65 став (1) и (2) од Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22) и согласно член 1 и член 3 точка (10) од Уредба за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето ("Сл.весник на РМ" бр. 153/07 и 45/11), за изработка на плански документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е3.1 – Делови и преработка на неопасен отпад: локални депонии за одлагање на неопасен отпад под десет t/ден, за изградба ма Центар за собирање на отпад на дел од КП бр. 11565/2, КО Старо Скопје – Општина Гази Баба, Министерството за животна средина и просторно планирање, Ве задолжува да спроведете Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина и здравјето на лугето.

Në përputhje me nenin 65 paragrafët (1) dhe (2) të Ligjit për mjedisin jetësor ("Gz.zyrtare e RM" nr. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 dhe 99/18 dhe "Gz.zyrtare e RSM" nr. 89/22 dhe 171/22), si dhe në përputhje me nenin 1 dhe nenin 3 pika (10) të Rregullores për strategjitë, planet dhe programet, përfshirë edhe ndryshimet e tyre, për të cilat detyrimisht zbatohet procedura për vlerësimin e ndikimit të tyre mbi mjedisin jetësor dhe mbi jetën dhe shëndetin e njerëzve ("Gz.zyrtare e RM" nr. 153/07 dhe 45/11), për përgatitjen e dokumentit planifikues Projekt urbanistik jashtë zonës së planit urbanistik për formimin e parcelës ndërtimore me destinim E3.1 – Pjesë dhe përpunim i mbetjeve jo të rrezikshme: deponi lokale për depozitimin e mbetjeve jo të rrezikshme nën dhjetë t/ditë, për ndërtimin e Qendrës për grumbullimin e mbetjeve në pjesë të PK nr. 11565/2, KK Shkupi i Vjetër – Komuna e Gazi Babës, Ministria e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor ju detyron të realizoni vlerësimin strategjik të ndikimit në mjedisin jetësor dhe shëndetin e njerëzve.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение засегнатата јавност, како и органот што го подготвува документот имаат право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

KËSHILLË JURIDIKE: Kundër kët Aktvendimi, publiku i prekur, si dhe organi që përgatiti dokumentin, kanë të drejtë ankese pranë Komisionin Shtetëror për vendimmarrje në procedimin administrativ dhe në procedurën e punësimit të shkallës së dytë.

МИНИСТЕР/MINISTËR
Muamet Hoxha

Изработил/Përpiloi: Zarije Abazi
Контролирал/Kontrolloi: Дајана Марковска Ристеска
Одобрил/Miratoi: Nebi Rexhepi


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за животна средина и просторно планирање
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor
Бр. - Nr 15-3381/2
19.08.2025 год. - viti
Скопје / Shkup

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Арх.бр./Nr. Arkivi. 15-3381/2
Дата/Data: ____________

Врз основа на член 42, став (1) и став (9) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), а во врска со член 4, став (3) од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

Bazuar në nenin 42, paragrafi (1) dhe paragrafi (9) të Ligjit për planifikim urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 dhe 127/25), dhe në lidhje me nenin 4, paragrafi (3) të Ligjit për zbatimin e Planit Hapësinor të Republikës së Maqedonisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 39/04), ministri i mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor nxjerr vendimin e mëposhtëm:

## РЕШЕНИЕ
### за Услови за планирање на просторот

1 Со ова Решение на Општина Гази Баба се издаваат Услови за планирање на просторот со намена одлагање на неопасен отпад за изградба на центар за собирање на отпад на дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба.

Површината на планскиот опфат изнесува 0,33 ha.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. У32325 се составен дел на Решението.

## AKTVENDIM
### për Kushtet për planifikimin hapësinor

1. Me këtë Aktvendim, Komunës së Gazi Babës, i jepen Kushtet për planifikimin hapësinor me destinim depozitimin e mbeturinave jo të rrezikshme për ndërtimin e një qendre për grumbullimin e mbeturinave në një pjesë të PK 11565/2, KK Shkupi i Vjetër, Komuna e Gazi Babës.

Sipërfaqja e hapsirës planifikuese është 0,33 ha.

Lloji i dokumentacionit planifikues duhet të përputhet me Ligjin për planifikim urbanistik dhe Rregulloren për planifikim urbanistik.

Kushtet për planifikim hapësinor duhet të përfaqësojnë parametra hyrës dhe udhëzime gjatë planifikimit hapësinor dhe vendosjes së koncepteve dhe zgjidhjeve planifikues sipas të gjitha fushave relevante për planifikimin e hapësirës në dokumentacionin përkatës, në përputhje me Planin Hapësinor të Republikës së Maqedonisë.

2. Kushtet për planifikimin hapësinor nga pika 1 e këtij Aktvendimi, të përgatitura nga Agjencia për Planifikim Hapësinor me numër teknik U32325, janë pjesë përbërëse e Aktvendimit.

1

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

3. Условите за планирање на просторот со намена одлагање на неопасен отпад за изградба на центар за собирање на отпад на дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба, содржат општи и посебни одредби, насоки, решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

3. Kushte për planifikimin e hapësirës me destinim depozitimin e mbeturinave jo të rrezikshme për ndërtimin e një qendre për grumbullimin e mbeturinave në një pjesë të PK 11565/2, KK Shkupi i Vjetër, Komuna e Gazi Babës, përmbajnë dispozita të përgjithshme dhe specifike, udhëzime dhe zgjidhje si dhe përfundime obliguese që rrjedhin nga dokumentacioni planifikues i nivelit më të lartë dhe shtojca grafike që përfaqësojnë një Përmbledhje të Planit.

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот План е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиште од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. Планскиот опфат зафаќа земјоделско земјиште од 3-та бонитетна класа.

4. Një nga prioritetet kryesore të Planit Hapësinor është mbrojtja e tokës bujqësore, veçanërisht kufizimi strikt i transformimit të tokës së klasës I-IV për përdorim jo-bujqësor, si dhe ruajtja e cilësisë dhe pjellorisë natyrore të tokës. Fushëveprimi i planifikimit mbulon tokën bujqësore të klasës së 3-të të bonitetit.

5. Донесувачот или изработувачот кој ја подготвува планската документација е должен да ги прибави сите податоци што произлегуваат од општите и посебните мерки за заштита на животната средина, природата и водите за конкретниот зафат и за соседните подрачја што граничат со планскиот опфат, а што се неопходни за изработување на урбанистичкиот план или урбанистички проект, согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25),

5. Hartuesi ose përpunuesi i dokumentacionit planifikues është i detyruar të mbledhë të gjitha të dhënat që rrjedhin nga masat e përgjithshme dhe specifike për mbrojtjen e mjedisit, natyrës dhe ujërave për zonën përkatëse dhe zonat fqinje që kufizohen me zonën planifikuese, dhe që janë të nevojshme për përgatitjen e planit urbanistik ose projektit urbanistik, në përputhje me nenin 47 të Ligjit për planifikim urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 dhe 127/25).

6. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена одлагање на неопасен отпад за изградба на центар за собирање на отпад на дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и

6. Gjatë sjelljes së Vendimit për zbatimin ose Vendimit për moszbatimin e vlerësimit strategjik për dokumentacionin për zonën përkatëse me destinim depozitimin e mbeturinave jo të rrezikshme për ndërtimin e një qendre për grumbullimin e mbeturinave në një pjesë të PK 11565/2, KK Shkupi i Vjetër, Komuna e Gazi Babës, duhet të merren parasysh udhëzimet për nevojën e zbatimit të Vlerësimit Strategjik për ndikimin në mjedisin


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetesor dhe Planifikimit hapësinor e Republikes se Maqedonise se Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonise se Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

jetësor, si dhe vërejtjet dhe përfundimet nga fushat sektoriale të përfshira në Planin Hapësinor të Republikës së Maqedonisë.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Гази Баба, врз основа на член 42, став (1) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 73025 од 03.07.2025 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот со намена одлагање на неопасен отпад за изградба на центар за собирање на отпад на дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба.

Согласно член 42, став (8) од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена одлагање на неопасен отпад за изградба на центар за собирање на отпад на дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. 15-3381/1 од 05.08.2025 година.

Условите за планирање на просторот со намена одлагање на неопасен отпад за изградба на центар за собирање на отпад на дел од КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

ARSYETIM

Komuna e Gazi Babës, bazuar në 42 paragrafi 1 të Ligjit për planifikim urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 dhe 127/25), ka paraqitur kërkesë përmes e-urbanizmit, me Procedura me numër UPP 73025 nga 03.07.2025, Agjencisë për Planifikim Hapësinor për lëshimin e Kushteve për Planifikim Hapësinor me destinim depozitimin e mbeturinave jo të rrezikshme për ndërtimin e një qendre për grumbullimin e mbeturinave në një pjesë të PK 11565/2, KK Shkupi i Vjetër, Komuna e Gazi Babës.

Në përputhje me nenin 42 paragrafit 8 të të njëjtit Ligjit për Agjencia për Planifikim Hapësinor ka përgatitur kushtet për planifikim hapësinor me destinim depozitimin e mbeturinave jo të rrezikshme për ndërtimin e një qendre për grumbullimin e mbeturinave në një pjesë të PK 11565/2, KK Shkupi i Vjetër, Komuna e Gazi Babës, ato ia dorëzoi Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor me nr. 15-3381/1 me datë 05.08.2025.

Kushte për planifikimin e hapësirës me destinim depozitimin e mbeturinave jo të rrezikshme për ndërtimin e një qendre për grumbullimin e mbeturinave në një pjesë të PK 11565/2, KK Shkupi i Vjetër, Komuna e Gazi Babës, përbëjnë parametra hyrës dhe udhëzime gjatë planifikimit të hapësirës dhe vendosjes së koncepteve dhe zgjidhjeve planifikuese në të gjitha fushat përkatëse për planifikimin e hapësirës.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës se Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

Vërejtjet përfundimtare, të përcaktuara në Kushtet për planifikimin e hapësirës që rrjedhin nga Plani Hapësinor i Republikës së Maqedonisë, përbëjnë aktivitete detyruese në planifikimin e mëtejshëm të hapësirës.

Bazuar në të lartëpërmendurën , është vendosur si në dispozitivin e këtij Aktvendimi.

UDHËZIM JURIDIK: Kundër këtij Aktvendimi për kushtet e planifikimit të hapësirës, mund të ngrihet një padi administrative përpara gjykatës kompetente brenda 15 ditëve nga pranimi i Aktvendimit.

МИНИСТЕР/ Minister
Izet Mexhiti

Изработил/Përpiloi: Ismail Shehabi, советник / këshilltar
Контролирал/Kontrolloi: Соња Фурнаџиска, раководител на одделение / udhëheqes njësie
Одобрил:/Miratoi: Nebi Rexhepi, раководител на сектор / udhëheqes sektori

Кабинет на министер / Kabineti i ministrit
Согласен / Me pëlqim të: Посебен советник на Кабинет на министер/ Këshilltar i posaçëm i Kabinetit të Ministrit
Husamet Agushovski

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Сектор за урбанизам и градежно земјиште
Одделение за урбанистичко планирање
Бр.28-3/1274/2 од 11.03.2025 година
С К О П Ј Е

До
**КВАДАР ДОО Скопје**

Предмет: **Одговор на Ваше барање за податоци и информации**

Почитувани,

Согласно Вашето барање за доставување на податоци и информации со Ваш бр. 0302-965/3 од 10.03.2025, прикачено на информацискиот систем е-урбанизам на 11.03.2025, а во врска со Барање податоци и информации за Урбанистички проект во опфат на ГУП за формирање на градежна парцела за изградба на Центар за собирање на отпад на КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба, Ве известуваме дека наведената катастарска парцела е надвор од границите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје (2012-2022). Соодветно на наведеното, потребно е да се коригира насловот на урбанистичко планската документација.

Во непосредна близина со проектниот опфат, од страна на Општина Гази Баба, не постои урбанистистичко планска документација.

Да напоменеме, дека од западната страна на проектниот опфат, по осовина на пристапниот - локалниот пат, е административната граница на општина Бутел.

Со почит,

Изготвил:
Кристина Јовковска Коваленска, диа

Kristina Jovkovska-Kovalenska
Digitally signed by Kristina Jovkovska-Kovalenska
Date: 2025.03.12 08:12:50 +01'00'

Раководител на сектор
ALEKSANDAR JANAKIESKI
Digitally signed by ALEKSANDAR JANAKIESKI
Date: 2025.03.12
Александар Јанакиески, диа

Влада на Република Северна Македонија

ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ГАЗИ БАБА

Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

DREJTORIA PËR MBROJTJE DHE SHPËTIM
NJËSIA RAJONALE GAZI BABË

19 Март 2025

Архивски број
Бр: 09-172/2

До : КВАДАР ДОО Скопје

Предмет: Податоци и информации, доставува,-

Согласно член 32 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање а врз основа на член 53 од Законот за заштита и спасување ( Сл. Весник на РСМ бр. 93/12 – пречистен текст 41/14, 129/15, 71/16, 106/16), Подрачното одделение за заштита и спасување –Гази Баба при Дирекција за заштита и спасување, информира:

**Почитувани,**

Ве известуваме дека Дирекцијата за заштита и спасување не располага ниту има податоци за постоечка или планирана инфраструктура на планскиот опфат за Урбанистички проект во опфат на ГУП за формирање на градежна парцела за изградба на Центар за собирање на отпад на КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба.

Воедно Дирекцијата за заштита и спасување Ви доставува претходни услови за заштита и спасување кои согласно Законот за заштита и спасување - пречистен текст (Сл. весник на РСМ, бр. 93/12), Процената на загрозеност на опфатот за кој се однесува деталниот урбанистички план, Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во технички преглед (Сл. весник на РСМ, бр. 105/05) и други прописи кои ја регулираат оваа област, треба да бидат вградени при **изработка на** Урбанистички проект во опфат на ГУП за формирање на градежна парцела за изградба на Центар за собирање на отпад на КП 11565/2, КО Старо Скопје, Општина Гази Баба.

1 | Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение ГАЗИ БАБА
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale GAZI BABË

ул. „Архимедова" бр.2
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Arhimedova" nr.2 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3 165 708
Моб. 076 475 441
gazibaba@dzs.gov.mk

Во делот **МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**, да се опфатат следните мерки:

## 1. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

При изработка на планската документација треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област. Да се да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари односно ширината на пристапниот пат за ПП возила не сме да биде помала од 5,5 метри согласно Правилникот за мерките за заштита од пожари ,експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РСМ бр.231/2020). Исто така потребно е да се предвидуваат надворешни противпожарни хидранти што одговара на прописите за надворешните противпожарни хидранти во населени места и да се овозможи непрчен пристап за противпожарните возила од најмалку две спротивни страни на објектот. Растојанието на хидрантите од ѕидот на објектот изнесува најмалку 5метри, а најмногу 80метри.

Потребно е да се реши **меѓусебно растојание на градбите при проектирањето и изведувањето** односно потребното меѓусебно растојание на градбите треба да изнесува 1/3 од вкупната височина на двете градби сметано од котата на терен до котата на венец, но да не е помало од осум метри согласно член 24 од Правилникот за мерките за заштита од пожари ,експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РСМ бр.231/2011);

## 2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

## 3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ

При изработка на Планска Документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосверски непогоди согласно Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РСМ" бр. 36/04, 49/04 и 86/08), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.


Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение ГАЗИ БАБА
Drejtoria për mbrojtje dhe shpetim
Njësia rajonale GAZI BABË

ул. „Архимедова" бр.2
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Arhimedova" nr.2 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3 165 708
Моб. 076 475 441
gazibaba@dzs.gov.mk

## 4. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработка на планска документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

## 5. РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА ОД ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ КАТАСТРОФИ

Да се предвидат мерките за радиолошка, хемиска и биолошка заштита и заштита од техничко-технолошки катастрофи

## 6. ЗАСОЛНУВАЊЕ

Да се реши засолнувањето согласно критериумите од член 62 и 64 од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на РСМ бр. 93/12).

Согласно Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува планската документација, а имајќи ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на РСМ бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.
